# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 февруари 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11.35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја отворам Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Данило Глигоровски и потпретседателот на Собранието на Република Македонија д-р Васил Тупурковски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата, односно да го утврдиме кворумот.

68 пратеници присуствуваат, според она како гласале.

Според тоа констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, Г-динот Борис Трајковски; претседателот и членовите на Владата на РМ; претседателот на Државната Изборна Комисија.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Ве молам да гласаме дали да го ставиме на дневен ред.

79 пратеници гласаа "за", двајца "воздржани" и двајца "против".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за здравство му предлага на Собранието да го дополни дневниот ред за оваа седница со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон.

Ве молам да гласаме.

71 пратеник гласаа "за", 4 "воздржани и 10 "против".

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Координаторот на пратеничката група на ПДП предлага Владата на Република Македонија да изготви Информација за трагичниот настан во село Арачиново и таа да биде разгледана на оваа седница на Собранието.

Пратениците Иљаз Халили, Хисни Шакири, Јонуз Абдулаи, Мухарем Таири, Замир Дика, Назми Кадриу, Фатмир Етеми, Алириза Лога, и Билал Љутвии предлагаат Владата на РМ да изготви Информација за настанот што се случи во село Арачиново на припадниците на МВР и настанатата ситуација по интервенцијата на припадниците на МВР како и околностите на настанатата смрт на Сабри Хасани и таа да биде разгледана на оваа седница на Собранието.

Барањата се доставени до Владата на Република Македонија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе по барањето.

Има збор г-ѓата потпретседател на Владата на РМ и министер за внатрешни работи на Република Македонија Доста Димова.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Министерството за внатрешни работи ги доби барањата од пратениците и од пратеничката група, достави Информација до Владата која беше за вчерашната седница на дневен ред на Владата и би требало да биде доставена до Собранието за информирање на пратениците. Не знам зошто не е на клупите на пратениците.

Инаку јас сум подготвена и усмена информација да дадам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Таа Информација сеуште не е пристигната во Собранието во писмена форма.

Г-ѓата министер е спремна да даде усна информација.

Ги молам предлагачите, дали саат во овој момент да добијат усмена информација, или пак да се чека писмената информација и по неа понатаму да се расправа.

Молам еден од претставниците од пратеничката група на ЛДП да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г. претседателе, почитувани дами и господа пратеници, јас внимателно ја ислушав изјавата на потпретседателот на Владата и сметам дека е добро што Владата изготвила таква Информација и барам точката да се уврсти во дневниот ред. Исто така барам точката да биде меѓу првите три точки, после изборот на Републичкиот судски совет, верификација на мандатот на пратеник и Резолуцијата, значи меѓу тие точки да биде, а во меѓувреме Владата односно Службите на Владата, бидејќи според изјавата на потпретседателот на Владата таа веќе е прифатена од страна на Владата и по истата писмена информација што ќе ја добиеме да отвориме расправа.

Доколку министерот за внатрешни работи чувствува потреба и усмено да им се обрати на Собранието и на пратениците, ние со задоволство ќе го ислушаме, но бараме Информацијата да ни биде доставена.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме и повеќе предлагачи од пратеничката група на ДПА.

Дали тие чувствуваат за потреба да се произнесат.

**ЗАМИР ДИКА:**

Г. претседателе, дами и господа пратеници, сите сме свесни за тежината на оваа Информација и сите чувствуваат за потреба да се дискутира за оваа Информација. Но, бидејќи се работи за суштествено прашање, јас сепак сметам дека таа Информација, за да бидеме по ефективни, да биде доставена писмено и би било добро по таа информација да се произнесе некоја матична комисија за да можеме ефективно да расправаме по оваа точка и да донесеме еден логичен заклучок по таа Информација, како Собрание. Треба да се провери сега каде е таа Информација, дали е испратена преку пошта или како, но таа Информација би било добро да се достави, писмена информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И двата предлагачи бараат да се разгледа писмено таа Информација. Доколку Владата во денешниов ден не достави писмената информација и во текот на седницата, во тој случај јас предлагам Информацијата да ја ставиме на дневен ред, да биде последна точка од дневниот ред, а во меѓувреме да расправа Матичната комисија, Комисијата за внатрешна безбедност и одбрана, да заземе ставови и бидејќи се надевам оваа седница ќе трае два дена, во текот на денешниов ден или во текот на утрешниот ден, во продолжението, да ја разгледаме, со Предлог заклучоци што ќе ни ги достави барем една Комисија, Матичната комисија.

Дали Собранието го прифаќа овој предлог, Информацијата во текот на денот да ја добиеме, да ја умножиме и да ја разгледува Матичната комисија.

Го ставам Предлогот на гласање. Молам да гласаме.

55 пратеници гласаа "за", 4 воздржани и 5 се против.

Според тоа ја молам Владата во писмена форма да ја добиеме Информацијата, да се подели и во меѓувреме Матичната комисија да расправа.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Имам процедурално прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Веќе гласавме. Нема што процедурално.

Точката се стави на дневен ред.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г. претседателе, по Вашиот предлог точката, Информација за трагичните настани во Арачиново да се стави како последна точка од дневниот ред, ние не се согласуваме и по тоа прашање барам да се изјасни Собранието.

Јас побарав оваа точка да биде меѓу првите три точки од дневниот ред. Нашиот предлог вие не го ставивте на гласање, а вие како претседател на Собранието сте должни тоа да го направите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, Ве молам најнапред да гласаме за предлогот на пратеникот Насер Зибери, дали се согласувате оваа точка да биде четврта точка на дневниот ред, или оној предлог што јас го дадов, бидејќи треба да се расправа, точката да ја уврстиме како последна точка од дневниот ред, за да може да расправа Комисијата.

Процедурално бара збор г. Замир Дима.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас сметам дека би било добро таа Информација да биде доставена, а не да инсистираме да Предлогот или да биде прва точка или нема поинаку.

Ние и така гласавме, точката да се внесе во дневниот ред па или денес или утре

да расправаме. И утре ако биде расправата по оваа точка не би било лошо но тоа да биде една квалитетна расправа по една информација да биде во писмена форма.

Затоа, го молам предлагачот да не инсистира таа да биде прва, втора или трета точка, туку денес или утре, нека биде и последна точка од дневниот ред, но после доставената Информација од Владата, бидејќи Владата има заземено став, тоа ќе биде многу брзо, и да расправаме по Информацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нема спор дека денес треба да ја добиеме Информацијата дека треба да ја умножиме и на оваа седница да ја ставиме на дневен ред Информацијата. Спорот е, односно Предлогот на пратеникот е, кој деловнички морам да го ставам на гласање, да оди во првите 4 точки, а дотогаш јас ќе ја прекинам седницата, ако претходно ги исцрпиме точките од дневниот ред, па ќе чекаме и после ќе продолжиме да расправаме.

Токму заради ефикасност на Собранието, бидејќи тоа сакам да работи, предлагам да се повлече Комисијата, ако се добие материјалот, нека таа заземе свој став и тогаш Информацијата ќе ја разгледуваме на оваа седница. Ништо суштински не промениме.

Јас не можам да сфатам зошто се инсистира точката да биде трета или четврта од дневниот ред. Таа ќе биде на дневен ред и ќе се разгледа на оваа седница.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Накратко да објаснам зошто инсистирам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не објаснувајте.

Ако инсистирате ќе ја ставам на гласање.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас сакам да ги изнесам причините.

Очигледно тука се сака сега низ комисии да се шета Информацијата, да не се расправа денес, да не се расправа утре, Комисијата да не носи заклучоци истата таа работа да се стави под заборав. Ние не сме за тоа.

Бараме точката да се уврсти во дневниот ред меѓу првите четири точки.

И ве молам предлогот ставете го на изјаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. претседателе, држете се до одредбите на Деловникот.

Имате предлог за уврстување на точката на дневен ред.

Претставникот на Владата прифати да се уврсти во дневниот ред и само тоа ставете го на гласање.

Редоследот се утврдува откако ќе биде утврден целиот дневен ред.

После може г. Зибери да постави каде да биде ставена точката во дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние одлучивме. Гласавме и одлучивме.

А при утврдувањето на дневниот ред ќе го поставиме и ова прашање.

Значи, констатирам дека оваа точка ќе ја ставиме на дневен ред.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата за годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Ве молам да гласаме.

70 пратеници гласаа "за", 9 "воздржани" и 3"против".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата му предлага на Собранието дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог на главен и државен ревизор на Државниот Завод за ревизија; Предлог за избор на заменик на Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија; Предлог одлука за именување претставници на Републиката во Советот на ООЗТ Институт при Медицински факултет Скопје; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Психијатриска болница - Скопје; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Завод на неврологија - Струга; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Тетово; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Завод за здравствена заштита - Куманово и Предлог на одлука за именување на

Републичкиот советник на Собранието на Република Македонија.

Предлозите ви се поделени.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа "за", 15 се "воздржани" и 4 "против".

Констатирам дека Предлогот на комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на РМ;

2. Избор на членови на Републичкиот судски совет;

3. Предлог на Резолуција за односот и улогата на РМ во Пактот за стабилност во Југоисточна Европа;

4. Предлог на закон за инвестициони фондови;

5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за акцизите, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за културана соработка меѓу Владата на РМ и Владата на Арапската Република Египет, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на Закон за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорти;

9. Предлог за донесување на Закон за заштита на потрошувачите;

10. Предлог за донесување на Закон за акредитација;

11. Предлог за донесување на Закон за метрологија;

12. Предлог за донесување на Закон за стандардизација;

13. Предлог за донесување на Закон за пропишување на техничките барања за производите и оценка на сообразноста;

14. Предлог на програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2000 година;

15. Предлог на одлука за именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата за годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството;

16. Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево;

17. Предлог за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија;

18. Предлог за избор на заменик на главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија;

19. Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на ОЗТ "Институти" при Медицинскиот факултет во Скопје;

20. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Психијатриска болница - Скопје";

21. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за нефрологија – Струга";

22. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација Медицински центар – Тетово;

23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за здравствена заштита" - Куманово;

24. Предлог на одлука за именување републички советник на Собранието на РМ;

25. Информација на Владата на РМ за настанот во с. Арачиново односно за убиството на тројцата полицајци во с. Арачиново.

Тоа ни е последната точка, меѓутоа при утврдувањето на дневниот ред имаме предлог и сугестија поднесен најнапред од пратеникот Насер Зибери - точката 25 од дневниот ред да ја ставиме да биде точка 4 од дневниот ред.

Молам кој е за тоа оваа Информација да биде точка 4 од дневниот ред, да гласаме.

За предлогот гласаа 39 пратеници, два воздржани и против 57 пратеници.

Според тоа констатирам дека точката си останува како точка 25, односно не се прифаќа предлогот.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата предлага Предлогот на одлуката за именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата за годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството да биде разгледана пред другите точки од дневниот ред.

Ве молам да гласаме за овој предлог.

Кој е за тоа оваа точка да Ја разгледаме како втора точка на дневниот ред.

50 пратеници гласаа за, 9 воздржани и 22 против.

Според тоа оваа точка ќе биде втора точка на дневен ред.

Молам дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред.

За збор се јави пратеникот Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Барам дневниот ред на денешната седница да биде дополнет со Информација за вчерашниот настан во Куманово.

Имено, вчера околу 19,00 часот граѓаните во Куманово беа вознемирени од силна експлозија. Вознемиреноста се зголеми верувам и целата македонска јавност по сознанието дека експлозијата се има случено на влезот пред управната зграда на Министерството за внатрешни работи подрачна единица Куманово, или поточно на 20 метри пред дежурниот милиционер, на 20 метри од зградата на судот и на 20 метри од зградата на локалната самоуправа.

Граѓаните на Куманово со право беа вознемирени, си поставуваа многу прашања за сигурноста на другите делови на Куманово и веднаш почнаа да кружат разни шпекулации поврзувајќи го овој настан со настаните во Арачиново, Осломеј и последните притворања на одделни граѓани од Куманово. Шпекулациите одат и дотаму да веќе се слуша дека повторно се активни некои бомбашки групи, кои имаат за цел да внесуваат страв и неспокојство кај граѓаните, посебно да предизвикуваат дестабилизација во средини со мешан етнички состав.

Молам, поради важноста на настанот, поради настанот на составот, мешаниот состав на населението на Куманово да бидеме веднаш може на крајот на седницата, информирани детално за вчерашните случувања во Куманово, со што би ги елиминирале сите шпекулации и би внеле мир и спокојство кај граѓаните на Куманово, а верувам и кај граѓаните на пошироката македонска јавност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Благој Стојковски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе во врска со барањето.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Случајот е познат скоро на целата македонска јавност во РМ, бидејќи се случи синоќа околу 19,00 часот. Министерството за внатрешни работи интензивно работи на случајот и со комплетирање на сите податоци информации и факти Владата прифаќа да изготви таква информација, но не за денешната седница, туку за наредната седница да се достави информацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Стојковски, Владата прифати да подготви писмена информација за наредната седница откако ќе ги добие сите сознанија.

Дали сте задоволни со одговорот од Владата.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Се согласувам со тоа дека навистина настанот се случи вчера, меѓутоа да кажам една работа.

Не смееме преку овој настан да поминеме вака и да чекаме некоја седница која ќе биде после еден месец. Нема да овозможиме едно мирно живеење не само на граѓаните од Куманово, туку и на сите други граѓани во Македонија.

Сакам да кажам дека на една од многуте претходни седници исто така ни беше ветено дека ќе се даде информација за настаните во Липковски Езеро и до ден денеска не ја добивме. Ако навистина Владата на првата наредна седница ја постави оваа Информација, не заради пратеникот Благој Стојковски, туку ја постави заради граѓаните, дека Куманово и целата македонска јавност, јас прифаќам, меѓутоа ако се случи она што се случи со информацијата за Липковско Езеро навистина незнам која е целта на пратеник кој седи во овие клупи, поставува, бара, а не добива.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас се согласувам со вас и ќе ја задолжиме со посебен заклучок Владата за наредната седница да ни подготви таква информација и ќе ја разгледаме таа информација.

Збор има г-динот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри.

Сигурно Парламентот е дом кој што ги носи законите, но и дом каде што треба да се уредат односите пратеник - пратеничка група – претседател -претседателство.

Со цела почит према вас г-дине претседателе, барам денеска да добија некои одговори, затоа што овие неколку изминати денови "глува пошта" и слушнавме многу ваши и информации и дезинформации.

Имено, за што станува збор.

Вие сакавте преку јавните гласила да суспендирате тројца пратеници, кои се легитимно избрани во овој Парламент. Мислам дека ова ги помина сите граници, ја поминавте и црвената линија, затоа што не само тоа, туку си дозволивте, дури и порачавте и на јавноста дека треба да се подготвуваме за нови избори во нови изборни единици, влеговте во шемата и сами определувавте кои пратеници и каде и како ќе припаѓаат на која пратеничка група. Вие ги поминавте вашите ингеренции г-дине претседателе и би било ред да дадете еден одговор ако сакате, затоа што од кога е на пр. неморално почитување на Уставот и Законот. Ако станува збор за газење на Уставот, мислам дека г-дине претседателе вие први го погазивте Уставот и редот во куќата, затоа што на своја рака не му дадовте да се обрати претседателот на државата, екс претседателот г-динот Киро Глигоров. Со тоа ги пречекоривте вашите ингеренции.

Втората работа што ја направивте и што заслужува посебно внимание, што ќе влезе во аналите и историјата на парламентаризмот, е тоа да првиот парламентарец во оваа држава меѓу двата изборни круга повика на граѓанска непослушност, т.е. вие можете да гласате или да не гласате, тоа е ваше лично право, но немате право како прв човек во Собранието да повикувате на граѓанска непослушност, пред граѓаните на РМ.

Трета работа што е уште поголема, земате право да суспендирате тројца пратеници кои се легитимно избрани во РМ. Од кои појдовни основи вие повикувате на морал. Таму повикувате вие дека ние треба да се подготвуваме за нови избори во нашите изборни единици.

Јас би ви порачал на вас г-дине претседателе, ако сте вие спремни во овој момент депонирајте неодповиклива оставка, исто и јас ќе депонирам и испаднете во изборната единица број 8 во Св. Николе, дојдете во Св. Николе или во која сакате изборна единица ако сте спремни за тоа. А за другото дали ние сме пратеничка група или не сме би било добро да кажете во кои членови и каде стои колку е пратеничката група, три члена, два члена или како.

Барам додатно објаснување г-дине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе земам збор и ќе ви дадам објаснување.

Навистина е крајно некоректно да се користи функцијата претседател и да се напаѓа функцијата на претседател на Собранието, ако ништо друго барем заради сопственото достоинство, затоа што функцијата претседател на Собранието ги претставува сите пратеници. Навраќањето сега на нешта, за кое што јас одговарав по интерпелација и се произнесов на ова Собрание, за да тоа постојано се повторува овде мислам дека не заслужува посебен одговор.

Меѓутоа, јас би сакал да го потсетам ова Собрание и јавно овде да кажам - добив пред нова година, некаде 27, 28 декември една реченица писмо потпишано од три пратеници, меѓу кои што беше и г-динот Слободан Даневски и ЛДП, во кое што тие ме известуваат дека од денеска тие не се членови на пратеничката на ЛДП и дека се членови на новата партија Либерална партија.

Во една таква ситуација јас тоа писмо го препратив до лидерот на партијата, затоа што сепак сите прераспределби во комисиите што се правеа на почетокот се правеа врз основа на припадноста на политичката партија, односно на пратеничката група, чии што политички интереси ги застапуваат овде и потоа да видам дали е тоа фракција на ЛДП, а тие се таму, дали се работи за новоформирана партија и т.н., за да можам да излезам на претседателството и да изградиме став.

Јас добив писмо од претседателот на ЛДП, со чија што содржина вие повеќе или

помалку сте запознаени, во кое што тој вели дека таква партија не постои, дека постои само ЛДП и дури бараше од мене, што знам сите тие тројца, да ги ослободам од задолженијата што ги имаат во бројните комисија во Собранието на РМ. Тоа си е негов став и негово право.

Јас тоа го изнесов на седница на претседателството на Собранието. Овде постоеше практика дека пратеничка постои ако имаме најмалку пет пратеници. И таа практика, која што не е пишана никаде јас ја почитував со еден мал исклучок, во составот на пратеничките групи, има таков заклучок во претходниот состав и јас го почитував, г-динот Тито Петковски е тука и така биле формирани тие пратенички групи, инаку не е непознато дека во ова Собрание постојат, постоеле и биле избрани, или си заземале став на независни пратеници. Не сака да учествува во ниедна политичка партија, се разочарал во политичката програма, или што знам од кои други причини и едноставно вели дека во овој момент тој е независен пратеник. И тоа го почитувам и го респектирам. Се разбира дека укажувањето на претседателот на ЛДП да ги ослободат од различните функции во комисии, одбори и т.н. ниту ми паѓаше на памет, ниту сакам тоа да го направам. Тие си остануваат и понатаму членови на тие комисии, но не можат по нашите сознанија да го имаат статусот на посебна пратеничка група. Тоа е едно.

Второ, побарав од регистарот на политичките партии дали во тој момент постои ЛП. Од судот ме известија дека не постои, односно сеуште не е заведена во регистарот на политичките партии ЛП. Според тоа тие побараа да бидат пратеничка група на партија што не постои. Ќе ве молам, можам ли прво да направам таков преседан? Јас реков тоа се пратеници, тие се членови на ова Собрание додека се избрани во него, тоа е точно дека сум го изјавил. Личен мој став беше дека внатре во партијата треба да расчистат кој на чија листа бил и како дошол до пратеник во Собранието и каков е сега моралниот однос на тие луѓе.

Кога веќе говорат за мојот морален однос, каков е моралниот однос на тие луѓе, кој гласал за нив, на која политичка програма се повикувале кога влегле во Собранието и зошто се разочарани, а не со една реченица да ми кажат. Па, замислете што ќе стане во ова наше Собрание овде кога на секој кога ќе му текне да се одметне и да каже јас сум од денеска независен пратеник. Како тогаш ќе реагираме? Ќе ве молам има некој ред на кој што се воспоставени некои односи овде. Јас не го оспорувам правото, ниту на некого сакам да му го одземам правото дека е избран пратеник во ова Собрание, но истовремено јас имам право да поставам прашање како што и претседателството на Собранието го постави на која партија тие припаѓаа во овој момент? Во основање била, ќе биде основана и т.н. Кога ќе биде основана ќе го разгледаме повторно тоа прашање, но да се инсистира однапред на нешто што не постои, ми се чини дека е некоректно.

Токму заради тоа јас бев должен, бидејќи новинарите тоа го бараа и ние сме должни да им дадеме информација да им го покажам писмото, да им го кажам ставот во моментот што го има претседателството на Собранието и истовремено да ги известам за тоа. Тие сметаат дека јас имам нешто лично против тоа. Немам ништо лично г-дине Даневски против вас, ниту против секој пратеник поединечно, но сепак треба да расчистиме едно основно прашање. ЛП можеби е во основање, можеби ќе се основа, и нека се основа, и тоа е добро да се основа, како партија, и вие ако сметате дека е така, но се додека тоа е така немојте да ме обвинувате мене за политички гафови. Политичкиот гаф барајте го таму каде што вие мислите дека сметате и едноставно сте се определиле дека не ве задоволува програмата на ЛДП и сакате во овој момент да ја напуштите и формирате друга партија. Ваше право е, направете го тоа, во не е моја грешка што не сум ви дозволил вие да функционирате како пратеничка група.

Можно е, до колку имаме уште независни пратеници, петмина ако бидат да биде некоја пратеничка група во иднина на независни пратеници. Тоа да, но сега во оваа ситуација ќе ве молам не може тоа.

Толку како информација, ако сакате и во писмена форма ќе ви ја доставам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе.

Може да поминат сите ваши укажувања, со целиот респект да ги прифатиме, ја слушавме вашата изјава на А1, Телма, Македонска телевизија, вие повикавте дека ние треба да одиме на избори. Во ред. Еве, партијата нека се регистрира, не се работи за фракција, се работи за недоразбирање, ЛП постоеше уште 1990 година, кога вие не се ни бавевте со политика, кога припаѓавте на друга политичка партија, вие г-дин претседателе припаѓавте на движење за Југославија, ако почнеме сега да вадиме корени кој каде бил

и каде припаѓал, мислам дека нема потреба, а ако треба такво нешто подготвен сум и за тоа да дискутираме.

Моето укажување беше г. претседателе, немате право Вие, иако сте Вие првиот човек, прв меѓу сите нас тука еднакви да повикувате дека треба да се направат нови парламентарни избори во единиците. Тоа е најголемата забелешка. Во сето друго, во услови кога не постои Деловник за работа, не се дефинирани некои правила за однесување во куќата, можно е секако.

Укажувањето беше е ова што Вие си земавте за право да суспендирате тројца народни избраници. Тоа е. А дали ние како ќе се викаме, каде ќе припаѓаме, ние одговараме само пред граѓаните. Дали сме ја погрешиле работата, ќе не казнат или ќе не наградат, ќе се види на следните парламентарни избори. Тоа беше укажувањето г. претседател. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас всушност тоа и го изјавив, на крајот на краиштата како што Вие си земавте слобода да ја проценувате мојата стручност јавно и јас реков дека е, можеби, од морални причини подобро да Ве проценат повторно граѓаните. Но, еве, за две години тоа ќе го направат.

Во тој случај, ако инсистирате, писмено ќе Ве информирам и ќе ги информирам пратениците за ова што досега го кажувам.

Збор бара г. пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Веќе 3 месеци пратеникот Селмани е од ПДП и пратеникот Хисни Шаќири од ДПА, бараме од Министерството за земјоделие и водостопанство дозвола за водоснабдување на с. Липково како централно место на новата општина. Имавме неколку разговори, односно еден разговор со министерот за земјоделие и водостопанство, тој ни вети дека таа централна населба ќе добие позитивно мислење, за да се покрене иницијатива за изградба на водоводот. Меѓутоа, во последно време добивме негативен одговор.

Постои, навистина, голема тензија во таа населба и покрај тоа што веќе 30 години тие бараат да се снабдуваат со квалитетна вода за пиење и покрај тоа што имаат две езера, Липковското и Езерото Глажња. Финансиер е пронајден, не од Владата, туку од надвор и во таа насока барам денеска да се достави информација за причините зошто не е постапено по позитивното мислење од страна на Министерството за земјоделие, со цел да отвориме расправа, затоа што аргументи има доста. Кога другите селски населби и градот Куманово се снабдуваат 30 години со квалитетна вода за пиење од тие езера, Липково, како централно место на оваа општина го има езерото на околу 200 метри западно од селото, а сеуште нема вода.

Во таа насока бараме писмено известување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да земе збор.

Има збор министерот за земјоделие и водостопанство г. Марјан Ѓорчев да одговори зошто немало информација.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, несомнена е оправданоста на барањето на господата пратеници Селмани и Шаќири, со кои на неколку наврати имавме разговор по тоа прашање. Одговорот на Управата за водостопанство се однесува само на технички причини. Инаку, јас и тогаш, во разговор тогаш со тие пратеници и сега пред Парламентот на Република Македонија можам само да кажам дека, ние бараме начин како тоа да го разрешиме и надминувањето на техничките проблеми од аспект на третирањето на водите во Република Македонија, Законот за води, стопанисувањето со водите на "Јавното претпријатие за водостопанство Македонски води" оневозможува моментално решение.

Уште еднаш апелирам на трпението на жителите од населеното место Липково и Ви ветувам дека во најскоро време тој проблем ќе го разрешиме. Се работи исклучиво за надминување на техничките аспекти и проблеми што во моментов постојат. Се надевам дека, и ги повикувам пратениците уште еднаш на разговор во Министерството за земјоделство, како што имавме конструктивни разговори, за да можеме на некој начин да го прецизираме временскиот период, во кој што треба да ги усогласиме тие проблеми околу техниката и да можеме да го спроведеме ова во дело. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам пратеникот Аслан Селмани дали ги прифаќа аргументите на претставникот на Владата?

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Ги прифаќам и јавно го повикувам министерот за земјоделие и водостопанство да одиме во с. Липково на кафе - разговор пред селаните да го решиме тој проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека така најдобро би се решил. Прифаќа министерот.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Односно, да го посети селото Липково.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во секој случај ние ќе бидеме дополнително известени за тоа.

Збор побара г. пратеник Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Прашањата не ги поставувам до Парламентот, до претседателот или до потпретседателот. Прашањата се поставуваат до Влада.

Мислам дека тоа треба на сите овде да ни е јасно. Информацијата ќе ја даде Владата и затоа јас во моите прашања не реков дека е така, него реков дека се шпекулации. За да не се шпекулации треба од Влада да добиеме, таа треба да каже дека тоа и тоа е точно. Тоа што ќе го кажам јас или Никола или Петко се сосема други работи. Тоа што ќе излезе од Влада е официјален документ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се согласувам со тоа и мислам ова прашање да го затвориме.

Збор побара г. пратеник Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас би молел, ако е можно, Владата да ни достави информација на оваа или на наредната седница, во врска со мерките што се преземени со патната сигнализација на патниот правец Скопје - Велес во правец на Велес каде, како што знаеме, непосредно пред тунелот се случи сообраќајната несреќа на министерот Стојковски и неговото семејство.

Имено, минатата недела бев сведок на ист таков настан кога возило на КФОР повторно се движи во спротивна насока по овој еднонасочен пат. Колку ми е познато, Владата на Норвешка даде некакви сообраќајни знаци со кој што би требало да се подобри означувањето на патот. Меѓутоа, очигледно и тоа не е доволно, па повторно се случуваат такви настани.

Затоа би побарал писмена информација од Владата, ако е можно во текот на оваа седница, на крајот од седницата или на првата наредна, што е преземено во врска со обезбедувањето на патната сигнализација и означувањето на правецот на движењето на овој потег од патот, бидејќи тоа, навистина, претставува опасна појава. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, заменикот на министер да се изјасни.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Се согласувам да доставиме писмена информација на наредната седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Јованов, се согласува, ќе добиете писмена информација на наредната седница.

Г. пратеник Амди Бајрам побара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван г. премиер, почитувани колеги пратеници и министри, сите знаете дека овде во Собранието на Република Македонија сите сме избрани на парламентарни избори, некои на пропорционална, некои од мнозинска листа. Јас сум од Изборната единица 85, последната на мнозинска листа и сакам да се изјаснам во ова Собрание, како што се изјаснив минатиот пат, со кого ќе бидам и кај кого како партнер како коалиционер.

Јас сум претседател и лидер на Сојузот на Ромите, на партијата, тоа го знаете, таа партија ја претставувам. Има анкетен лист во Собранието на Република Македонија. Службите во Собранието на Република Македонија ако не знаат, некои да ја водат овде кои се вработени во Собранието на Република Македонија и Службите кај претседателот Борис Трајковски од старата генерација, кои сакаат да шпекулираат, некои мене не ми било до една вечера, туку се чувствувам како понижен. Се чувствувам како лидер на партија, претставник на партија овде во Парламентот, избран од политичка партија, а јас не сум претопен во Демократска Алтернатива. Јас пристапив како коалиционен партнер со ДА. Овде може и координаторот на пратеничката група, што ја води пратеничката група на ДА да се изјасни, претседателот на Собранието знае, знаете сите Вие, јас не сум се претопил.

Јас ја водам својата партија и останувам и понатаму во мојата партија, но, партнер сум во тројната коалиција на партиите ДА, ВМРО и ДПА. Значи, јас исто припаѓам кон таа заедничка коалиција.

Со ова сакам да кажам кога ќе има друг пат покана или нешто до политичките организации, лидерите или нешто, треба некому да биде јасно, ако некој шпекулира со тоа од старата гарнитура, мислам дека претседателот, ова сакам лично за цело Собрание, не се однесува само за мене, се однесува и за други пратеници, мене ми е втор мандат, има анкетен лист во Собранието, има претседател на Собранието. Има вработени кои примаат личен доход во Собраниево и не може некој мене во Собраниево да ми каже - Вие сте од ДА, а не сте од Сојузот на Ромите. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ова го сфаќам повеќе како укажување.

Се прифаќа укажувањето, ќе се упати до надлежните протоколарни служби да го имаат во иднина во вид Вашето укажување.

Збор има г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, дозволете да предложам измена на дневниот ред во име на пратеничката група на СДСМ.

Меѓутоа, дозволете согласно Деловникот оваа дискусија да ја искористам и за деловничка интервенција за седницава.

Да потсетам дека, согласно Деловникот на Собранието, секоја парламентарна сесија започнува со поставување пратени прашања од страна на пратениците од Владата на Република Македонија.

Исто така сум свесен дека, на молба на претседателот на Собранието, оваа пракса Собранието договорно, во што учествуваше и пратеничката група на СДСМ со позитивно прифаќање на таквата понуда од страна на претседателот, прифати таа пракса да не се применува на секоја седница, заради можноста да се пролонгираат седниците до бескрај. Меѓутоа, таа пракса ќе се случува еднаш месечно на специјално подготвена седница на Собранието на Република Македонија, на која што ќе се поставуваат прашања.

Ова го соопштувам, имајќи го предвид фактот дека Собранието денес веќе работи 15 месеци во новиот состав, значи не се работи за почеток на Собранието, ниту се работи за нова состојба со Владата на Република Македонија, што значи дека Собранието на Република Македонија веќе нема оправдување, ниту претседателе мислиме дека Вие имате оправдување да го игнорирате уставниот инструмент и механизам на поставување пратенички прашања до бескрај. Досега, во 15-те месеци само една седница беше посветена на поставување на пратенички прашања и врз основа на неа немавме ни расправа, затоа што Владата во 95% од прашањата се изјасни дека ќе достави писмени одговори, а повратно на тоа немаме седница да можеме да дебатираме по тие писмени одговори, што е наше уставно право.

Во оваа можност не сакам да кажам дека на оваа седница бараме повторно да се поставуваат пратенички прашања пред почетокот на седницата согласно Деловникот, меѓутоа, би сакале да Ве потсетиме дека тоа право не сакаме да го заборавиме. Напротив, тоа што ни следува сакаме да го имаме и дека очекуваме многу брзо да свикате седница со пратенички прашања, на која што ќе можеме да се соочиме со Владата по повод нашите уставни овластувања. Тој механизам да не се претвори во инцидент, еднаш во 15 месеци како до сега, туку во рамките на некоја прифатлива динамика еднаш во месец или два. Сфатете го ова како наша деловничка интервенција и порака до Вас да размислите за ваквите наши ставови.

Сега, согласно пријавата дозволете да предложам точка на дневен ред.

Пратеничката група на СДСМ предлага дневниот ред на седницата на ова Собрание да се дополни со точка - Информација од Владата на Република Македонија за украдените легитимации од подрачните единици од Министерството за правда во Тетово и Гостивар.

Сметаме дека овој настан што се случи пред 3 месеци или 100-тина дена доби некаква јавност и некакво внимание дури од Владата, меѓутоа, после 3 месеци практично гледаме дека на тоа нема никаква реакција, а сакаме едновремено да укажеме дека исчезнувањето на легитимациите еднаш веќе влијаеше на изборниот процес за избор на претседател на Република Македонија, што овозможи на нелегитимен начин со тие украдени легитимации да се калкулира и

фалсификува дел од гласачкиот процес во Изборните единици Тетово и Гостивар. А, со упорното молчење и не надминувањето на овој проблем во иднина се отвора проблем што ќе придонесе и на секои наредни избори неколку илјади легитимации што беа украдени, точната бројка треба да ја соопшти Министерството за правда, според наши информации тоа се некаде 7-8 илјади легитимации, секоја наредна изборна процедура во овие изборни единици, само во овие два општински центри, ќе влијаат на изборите и на локални и на парламентарни и на пратенички во корист на оној кој успеал да ги открадне легитимациите.

Со оглед на оваа ситуација што не е само техничка, криминална акција, туку ќе влијае на демократијата во Република Македонија во иднина, сметаме дека Парламентот треба да биде запознаен со таа информација, од страна на Владата на Република Македонија, во врска со активностите што се преземени во МВР и Министерството за правда за надминување на овој случај и дали се откриени сторителите и дали има проценки како тоа влијаело на досегашните и идните изборни процеси во Република Македонија.

Бараме за оваа информација да се произнесе Владата и да се стави на дневен ред на денешнава седница. Тоа како прва информација.

Под реден број 2, исто како пратеничка група на СДСМ, бараме на оваа седница на Собранието на Република Македонија, дневниот ред да се дополни со уште една точка - Информација за околностите под кои не се одржуваат избори за градоначалник во општина Кисела Вода.

Образложение: На 1 декември 1998 година се конституира Владата на Република Македонија и веднаш после нејзиното конституирање во почетокот на 1999 во јануари, тогашниот градоначалник на општина Кисела Вода, г. Марјан Ѓорчев стана директор на Агенцијата за приватизација, функција што беше неспоива со градоначалничката функција.

Во меѓувреме, Владата на една од своите реконструкции предложени од премиерот го унапреди или го избра г. Марјан Ѓорчев за министер за земјоделие и член на Владата, функција што уште подлабоко навлегува во негова неспоивост со градоначалничката функција што ја вршеше и во тој момент.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Пратеничката група на СДСМ постави пратеничко прашање до Владата за неспоивоста на овие функции и причините зошто не се распишуваат согласно Уставот изборите во оваа скопска општина.

Владата одговори на пратеничко прашање дека функцијата градоначалник, не подразбира дека е неспоива со функцијата министер. Сосема свесно и политички намерно игнорирајќи го фактот дека обратната спрега важи, дека функцијата министер е неспоива со функцијата градоначалник.

По истекот на неколку месеци од ваквиот одговор на Владата, Владата самоиницијативно, конечно го разреши и утврди дека господинот Горчев не може да врши функција министер, со што, дотогаш ги кршеше сите законски прописи, да врши функција министер и градоначалник во исто време и назначи свој повереник за општина Кисела Вода, кој денес ја врши функцијата градоначалник.

Да потсетам дека, до локалните избори, од моментот на неговото назначување остануваат од прилика 12 месеци, односно една година, а во октомври треба да се одржат согласно Уставот локалните избори. Што значи дека Владата избегнува еден механизам, кога некој ќе ја изгуби својата функција градоначалник, заради именување на нова должност, да распише избори и на тој начин, да овозможи да се избере нов градоначалник и сосема недемократски, именува владин повереник, со што ги повредува основните права на граѓаните, да влијаат со демократски избори на својата власт во локалната самоуправа.

Ова прашање го поставувам и заради фактот, што во последниве неколку дена, видовме еден сосема поинаков начин на однесување на Владата, имено, после смртта на градоначалникот на Желино, веднаш експресно се распишаа избори за градоначалник на општина Желино и не се чекаше да се назначи повереник. Длабоко сме уверени, дека ваквото покренување на работите за избор на градоначалник се должи на фактот, дека градоначалникот на Желино, не беше од власта, како во случајот со ВМРО-ДПМНЕ во Кисела Вода, туку е припадник на опозиционата ПДП.

Очигледно е дека Владата, спротивно на Уставот и Законот, а без контрола од страна на Парламентот, за што, ние инсистираме да се расправа на оваа седница, ги злоупотребува механизмите на именување

повереник за градоначалник на одредени општини и избегнува процес на демократско избирање, согласно Уставот на овие функционери во државата, со што, ја доведува во прашање демократијата во Македонија и основните, со закон, загарантирани права на граѓаните да бираат, да бидат бирани и да влијаат на изборните органи во својата локална самоуправа.

Сметаме дека треба да има информација за ова, зошто Владата така се однесува, зошто не се распишани изборите во Кисела Вода и врз основа на тоа Собранието да ја оствари својата контролна функција врз извршната власт, во овој случај Владата, тоа е уставно право на Собранието, да ја контролира Владата во извршувањето на своите функции, затоа што сметаме дека во овој случај се работи за свесно политичко избегнување и манипулирање од страна на Владата, со еден битен инструмент од Уставот, кој што вели распишување на избори и утврдување на упразнети места за оние функции, кои Законот ги пропишал дека Владата треба да ги утврди и дека се испразнети и врз основа на тоа, да се распишат нови избори.

Од овие причини сметаме дека треба да се уврсти точка на дневен ред: Информација за нераспишаните избори за градоначалник на општина Кисела Вода.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

Јас сакам само еден мал коментар да дадам во однос на претходното кажано. Точно е тоа дека ние се договоривме да имаме една посебна седница, на која ќе имаме пратенички прашања. Дури јас се носев со една идеја еднаш годишно да одговара и премиерот во име на Владата. Тоа беше убава идеја. Но, свесни бевме дека не е можно да се поставуваат пратенички прашања на Влада, која што да речеме беше во екот на претседателски избори, понатаму на Влада која беше во оставка, па потоа сега имаме Влада, што барем, треба министрите два - три месеца да се запознаат со проблемите во кои се наоѓаат. Тоа никаде не го пишува, тоа е неправилно. Но исто така господине Црвенковски, сакам да ви кажам една работа: не поминала ниедна седница на Собранието, на која што не биле поставувани пратенички прашања, било барајќи информација, било директно да им се одговори и т.н.

Според тоа, институцијата пратенички прашања не е ускратена. Не сум ја ускратил на никого. Пред утврдувањето на дневниот ред постојано има барања, одговори и т.н. Но, јас се согласувам дека е потребно еден период, тие нови министри да се запознаат со состојбите и веднаш после тоа, јас ќе закажам посебна седница, посветена на пратеничките прашања.

Тоа е како еден мал одговор, ако може да го прифатите.

Вие поставивте барање за дополнување на дневниот ред со две информации. Вие баравте информација за украдените легитимации од подрачната единица на Тетово и Гостивар.

Јас го молам претставникот на Владата да одговори на барањето на пратеникот.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, ова е најлесен начин, преку пратеничко прашање да се уврсти точка на дневен ред на седница на Собрание.

При конкретни предлози за ставање на точката на дневен ред, треба да се изјасни Собранието. Прашањето го сметаме како пратеничко прашање и не се согласуваме со квалификацијата украдени, дека тоа е веќе завршена работа, дека навистина се украдени, особено тоа важи, а правниците многу убаво знаат тоа да го разликуваат, Министерството за правда ќе изготви информација во врска со легитимациите во Тетово и Гостивар, не само за исчезнување на тие информации, но и околу прашањето, дали тие биле двојни легитимации, или не.

Во однос на второто прашање, Владата ќе изготви информација во врска со изборите за градоначалник во општина Кисела Вода, а во однос на именувањето на повереник, во општина Желино, не стојат констатациите, дека веднаш се распишани изборите, туку тука имаше именуван повереник и изборите за општина Желино се одржуваат овој месец. Така да, тоа е една дезинформација дека за Желино се распишани веднаш избори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Инсистира пратеничката група, односно пратеникот на оваа седница да се подготви информација. Дали е спремна Владата да се подготви информација?

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас одговорив. Го сметаме за пратеничко прашање и ќе добиете одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

А вие го припремивте како пратеничко прашање.

Ќе ве молам, во тој случај, треба да гласаме. Навистина, треба да се изјасниме.

Господинот Поповски бараше тоа да биде информација и да биде ставена на дневен ред денеска.

Претставникот на Владата смета дека тоа е пратеничко прашање, на кое што треба поединечно да се одговори.

Ве молам, да гласаме.

Кој е за тоа, на денешната седница во дневен ред, на барање на пратеничката група на СДСМ, да се подготви информација за украдените легитимации од подрачните единици во Тетово и Гостивар.

Ве молам, да гласаме, кој е за нивното барање.

28 пратеници се за, 5 се воздржани и 42 против.

Според тоа, не се прифаќа денеска да биде подготвена информација и да биде ставена на дневен ред.

Одиме на второто: Информација по барање за околностите, против кои не се одржани избори за градоначалник во општината Кисела Вода.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата ќе изготви информација, во врска со не распишувањето на избори за градоначалник во општина Кисела Вода, за наредна седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие господине Поповски побаравте за оваа седница да се подготви.

Владата е спремна да подготви информација за наредната седница.

Дали се согласувате за наредната седница да има информација.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Како предлагач на точката ја прифаќам сугестијата на Владата, меѓутоа, она што нема да го прифатам, е оваа алиби ситуација на Владата за наредната седница, се провлекува за наредните шест месеци, како што обично се провлекува секој ваков заклучок.

Да знаете претседателе, дека на наредната седница што ќе ја закажете, ако немаме информација, жестоко ќе интервенираме, да се спроведе заклучокот, кој сега го носи Собранието, врз основа на сугестија на членот на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ќе инсистирам, ако така прифатиме денеска, и за онаа претходна информација, за настаните во Куманово, што беа синоќа и за оваа информација да се добијат до седницата.

Инаку, седницата ќе ја пролонгирам и нема да ја одржиме, додека не го добиеме тоа.

Јас лично ќе инсистирам кај Владата, да имаме таква информација, бидејќи имаме такво ветување.

Има збор господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас предлагам господине претседателе, на оваа седница да се вклучи во дневен ред, информација за досегашните активности на Владата на Република Македонија, за воспоставување на дипломатски односи, со Република Кипар.

Согласен сум, ако Владата не може, до крајот на седницата да напише информација, а мислам дека тоа не би било тешко, информацијата да биде поднесена и усмено, од страна на министерот за надворешни работи, или од премиерот, ако е присутен на оваа седница.

Во таа информација, писмена или усмена, за оваа седница, мислам дека прашањето е важно, би сакал да слушнам, кој ја потегна таа иницијатива за воспоставување на дипломатски односи, дали македонската страна или кипарската, или грчката.

Второ, од кои причини, Владата оценила дека сега е моментот за воспоставување на дипломатски односи со Република Кипар.

Трето, дали отпочнувањето на контактите и активностите, за воспоставување дипломатски односи со Република Кипар, е резултат на претходна расправа на Владата на Република Македонија на некоја седница, дали постои заклучок на Владата на Република Македонија, за отпочнување такви активности, или е тоа започнато, некако како во случајот со Тајван.

Четврто, дали и за оваа дипломатска работа на нашите стратези за надворешна политика на Република Македонија, е понудена провизија, што тие ќе ја земат, или нема да ја земат, а директно ќе ја уплатат како свој дар за спортски објекти, музички објекти, за Република Македонија и сл., како што беше соопштување во случајот со Тајван.

Мислам дека овие прашања не се тешки, да бидат уврстени во писмена или усмена информација, што ќе ја добиеме на оваа седница, затоа што меѓународната политика е сериозна работа и мислам дека Владата, со претензии да работи сериозно, во интерес на Република Македонија, може да ни даде таква информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Петар Гошев.

Го молам претставникот на Владата, господинот министер за надворешни работи Александар Димитров, да одговори.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Почитуван претседателе, пратеници, Владата за наредната седница, ќе поднесе информација идејата за воспоставување на дипломатски односи со Република Кипар. Се друго, што кажа пратеникот Гошев, говори за неговото ниво, особено за делот за провизија, за што јас воопшто не би сакал да коментирам, имајќи го предвид, достоинството на овој дом.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Гошев, дали сте задоволни од одговорот на министерот?

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Прифаќам информацијата да биде на првата наредна седница, а за достоинството, подобро да не зборуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Подобро да не дискутираме за тоа.

Според тоа, за наредната седница е прифатено господинот пратеник да добие одговор.

За збор се јави господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине претседателе на Собранието, членови на Владата, дами и господа пратеници.

Самата информација, која е барана од Владата, е доста сериозна, според изјавите и според акцијата на Министерството за внатрешни работи, односно на Службата за државна безбедност, беше спречен, според нивната изјава, организиран криминал, од највисок вид, а тоа е шверц на експлозив од Бугарија, преку Македонија за СР Југославија, во кои има учесници од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Тоа е според изјавата на органите, кои го следеле овој случај и според изјавата во координација со новиот министер за внатрешни работи.

Бидејќи после тоа настана штама, немаме никакви информации, јас би замолил на оваа седница, бидејќи очигледно, судиите брзо го решија случајот, наговестија дека знаат кои се учесниците, тоа се лица од двете министерства, мислам дека не е тешко, уште денеска, на денешната седница да дадат една попрецизна и поточна информација, особено затоа што станува збор, според нивна изјава, за организиран криминал од висок ранг, тоа ми дава за право да верувам дека им се познати главните организатори на овој криминален чин.

Да ја искористам оваа прилика да упатам критика до Владата, околу оваа досадна фоскула, информација на наредната седница.

Јас како пратеник, немам добиено ниедна информација, која ми беше ветена, за било која наредна седница, ако заседава овој Парламент.

Поставив прашање, еднаш, втор пат, дури три пати ги потсетив, околу изјавите од Министерството за внатрешни работи за тоа, дали постои во Македонија ОВК или не постои, во една прилика министерот рече дека ќе даде одговор потпретседателката на Владата Доста Димовска, поминаа од тогаш повеќе месеци и седници, можеби ОВК е организирана, можеби има штабови овде, а ние не знаеме, немаме информации, а тоа се сепак, сериозни теми, кои битно можат да ја загрозат Република Македонија и нејзината безбедност.

Затоа, бидејќи овде е само еден од потпретседателите, ве молам, како Влада да бидете посериозни и повеќе да го респектирате овој Парламент.

Власта, како што рече еден од нашите колеги пратеници е доста минлива и менлива работа. Некој политички ќе одговара некој не. Меѓутоа, тука се работи за честа на една институција, која треба да направи напори, да одговори на многу важни прашања, што ги интересираат и граѓаните на Република Македонија и пратениците во овој Парламент.

Истовремено, би го замолил претседателот на Собранието, да превземе врз себе, уште една обврска, ако може да ја потсетува Владата, пред секоја седница, тој можеби го прави тоа, јас незнам, да ја потсетува Владата на кои се пратенички прашања не е одговорено.

И затоа практично ние се доведуваме

во ситуација некогаш како точки на дневен ред да ставаме работи, кои се по својата суштина пратенички прашања.

Тоа се случува објективно, затоа што Владата не одговорила на оние типични пратенички прашања кои постојат според Уставот и Деловникот на Република Македонија.

Ве молам, ова се сериозни теми и би укажал на Владата дека би требало многу посериозно да се постави спрема нас пратениците во овој Парламент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја прифаќам сугестијата на г-динот пратеник Лазар Китановски и пред секоја седница јас ќе ве известувам уште на кои пратенички прашања не одговорила Владата, а вие после проценувајте како, што треба да се презема. Но, во секој случај ако помине рокот, јас ќе ве известувам со интерна информација што сум побарал и на кои пратенички прашања.

Се согласувам дека односот на Владата, односно на министрите во Владата спрема пратениците и нивните пратенички прашања треба да биде далеку посериозен и поодговорен, виза ви овие укажувања што ги имате вие. Како и да е, ќе направиме преглед досега кои прашања се поставени и на кои не е одговорено и на следната седница тоа ќе го поставиме, правејќи напор да се одговори до следната седница.

Има и конкретен предлог.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, секоја чест почитувањето спрема пратениците од страна на министрите и Владата мислам дека е на ниво. Во однос на констатацијата на давање одговори на пратенички прашања ми помогна и г-динот претседател на Собранието. Јас мислам дека 90% на сите поставени прашања е одговорено. Значи не смее да се каже дека не е одговорено на ниедно прашање. Јас би сакал да се даде таква информација од страна на службите на Собранието, колку прашања се поставени, на колку е одговорено и уште колку прашања чекаат за одговор.

Во однос на бараната информација точно е дека се работи за сериозна тема. Јас во договор сега и со заменикот на министерот за одбрана, а во отсуство на ресорниот министер не можеме да прифатиме на оваа седница да се даде таква информација. Можам само да кажам дека интензивно се работи на случајот и на наредна седница ќе добиете информација за поставеното прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали се согласувате господине Китановски на наредната седница да добиете информација.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Морам да кажам искрено дека не сум задоволен, меѓутоа изгледа нема спас од оваа ситуација. Се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во основа прифаќате. Инаку, јас се согласувам дека ќе добиете преглед на кој пратеник кога му било одговорено, ќе добиете комплетна информација. Се согласувам дека и другата страна треба да биде задоволена во смисла на тоа дека навистина има некои, кои што се ревносни и одговараат.

И конечно имаме уште еден пратеник кој што сака да се вклучи во однос на утврдувањето на дневниот ред.

Има збор пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Претседателе, јас сакав само да го поддржам барањето на пратеникот Гошев за информација околу евентуалното воспоставување дипломатски односи со Кипар. И да ве известам, односно да барам од вас да бидам известен кога ќе стигне информацијата, како претседател на групата за пријателство меѓу Собранието на РМ и Турскиот парламент, сакаме на групата да ја разгледаме и да присуствува претставник на Владата за да не известува за таа идеја.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се прифаќа вашата сугестија и веднаш ќе ја добиете информацијата. Штом јас ја добијам ќе ви ја испратам да ја разгледате на групата за пријателство меѓу двата парламенти.

Со оглед на тоа што повеќе немаме барања за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, ве молам да гласаме за предложениот дневен ред.

65 пратеници гласаа "за", 19 "воздржани" и 4 "против".

Според тоа, констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 - Верификација на мандат на пратеник на Собранието на РМ.

Извештајот на Комисијата за

деловнички и мандатно имунитетни прашања ви е доставен.

Отворам претрес по извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

**ГОРАН НЕВЕНОВСКИ:**

Комисијата на својата седница го разгледа извештајот од ДИК и согласно член 101 од Законот за избор на пратеници, едноставно наредниот на листата на пратеници од пропорционалната листа на ВМРО-ДПМНЕ Љубе Бошковски, не одговори на предлогот од ДИК дали го прифаќа мандатот. Следниот Делче Ицков го прифати мандатот и согласно тоа ние едноставно дадовме виза тој да биде пратеник на ВМРО-ДПМНЕ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Горан Невеновски за информацијата.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратеникот Делче Ицков.

Ве молам да гласаме.

За извештајот и предлогот на Комисијата 70 пратеници гласаа "за", "воздржани" нема и еден е "против".

Констатирам дека извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Делче Ицков.

Ние одлучивме денешната 15-та точка да ја помериме за втора точка на дневниот ред, а тоа е Предлог на одлуката за именување претседатели и членови на Одборот за доделување на наградата за годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството.

Минуваме на точката 2 - Предлог на одлуката за именување претседатели и членови на Одборот за доделување на наградата за годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес. Дали некој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, дозволете да го изнесам ставот на пратеничката група на СДСМ за оваа одлука.

Имено, оваа одлука како што сите знаеме се доделува годишно како што е и во насловот, наградата за остварување во областа на публицистиката и новинарството и во овие услови пред се служи за поттик на независното слободоумно новинарство и дострелите во новинарството.

Се предлага одлука која согласно актите и законот брои 13 членови и тоа не е никаков проблем. Меѓутоа, она што мислам дека на некој начин директно, индиректно може да претставува проблем во врска со предлогот на одлуката од страна на Комисијата за избори и именувања е фактот дека од 13 предложени членови дури 8 членови на Комисијата се новинари или државни функционери, кои работат во гласилата кои се под директна контрола на Владата на РМ и коалиционите партнери. Начинот на кој на пример коалицијата јавно не криејќи го тоа разговара за кадровските решенија на пример во "Нова Македонија", како установа која има доминантен државен капитал со кој управува Владата, укажува на фактот колку новинарството во таа куќа и во сите нејзини изданија е потиснато на маргините на независноста, односно се повеќе јасно станува од таков вид на преговори кој ќе биде директор, кој ќе биде на управен одбор, кој ќе биде уредник, кој ќе биде заменик уредник и веројатно до последниот новинар, станува јасно под каква пресија се новинарите и нивната независност од страна на Владата и политичките партии на коалицијата. Тоа слично се случува и во "Нова Македонија", зашто целата јавност е сведок за објективноста на нејзиното информирање. Во услови кога од 13-то член одбор, 8 се вработени директно во новинарските куќи МРТВ и "Нова Македонија", а само 5 се вон од овој систем, јасно укажува дека одборот нема да може независно да работи, нема да може независно да пресудува и ќе биде многу пристрасен во корист на новинари, кои повторно ќе бидат по вкусот на Владата на РМ, односно во овој случај парламентарното мнозинство во Собранието на РМ.

Пратеничката група на СДСМ е свесна дека оваа пракса не е нова и дека оваа точка и понатаму без никаков одглас ќе помине и ќе се усвои. Меѓутоа, сакаме јавно

да укажеме на фактот дека со 13-то член одбор со кој претседава заменик на директорот на МТВ, функционер кој е именуван од коалицијата и во чиј состав се повеќе од 2/3 новинари под директна контрола на парламентарното мнозинство, нема да има никакви услови одборот да додели награда која ќе биде почитувана и прифатена од независните новинари кои апсолутно се потиснати, кои не постојат во овој состав и се сведуваат на декор за да овозможат на мнозинството новинари од МРТВ и НИП "Нова Македонија" да ги доделат наградите на тие на кои ќе им се укаже со прст, најверојатно од страна на оние кои ги именуваат на нивните функции, односно кои ги именуваат сега како членови на одборот.

Сакаме да искажеме крајна загриженост за процесите кои го зафаќаат македонското новинарство и врз основа на тоа начинот на кој не само оваа, меѓутоа, во овој случај и оваа одлука за избор и именување се спроведува во Собранието на РМ.

По тој повод ние ќе се воздржиме од гласањето за ваквата одлука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски за учеството во расправата по оваа точка.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање и ве молам да гласаме.

57 пратеници гласаа "за", 11 "воздржани" и 5 се "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата за годишни остварувања во областа на публицистиката и новинарството.

Минуваме на точката 3 - Избор на членови на Републичкиот судски совет.

Предлозите на претседателот на Република Македонија и на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседател, почитувани колеги пратеници, пратеничката група на СДСМ ќе гласа против составот на Републичкиот судски совет, од неколку основни причини.

Прво, сметаме дека на начинот на кој што е составен Републичкиот судски совет, односно предлозите кои што се стигнати од Комисијата и од страна на претседателот на Републиката, едноставно не се запазени основните стандарди кои што беа воведени во составот и не се почитуваат основните одредби за смислата и функцијата на Републичкиот судски совет на Македонија.

Вие сите знаете дека Републичкиот судски совет на Македонија, кој што беше формиран за прв пат во Република Македонија и досега имаше само еден мандат во еден состав, институција која што одигра многу значајна улога во развојот на независното судство во Македонија. Неговиот почетен состав беше составен од еминентни правници меѓу кои што пред се постоеја голем број на професори, пред се судии кои што ги изминаа сите нивоа на судската пракса и тоа пред се судии кои што работеле во Врховниот суд на Македонија, истовремено тоа беше судски совет со луѓе кои што имаа огромно познавање од областа на правото и судството. Тоа им помогна во текот на овој мандат кој што тие го имаа да издадат огромен број на книги, да ги постават темелите на независното судство и како што знаете токму благодарение на нивната активност беа воспоставени низа норми, донесен е дури и предлогот за самостојниот судски буџет, направија низа анализи во областа на правосудството. И сметам дека навистина тоа беше еден состав кој што импонираше на РМ, во целиот овој период од нејзината независност.

Од таму сите тие луѓе во досегашниот состав го заслужуваат и нашето внимание, заслужуваат во оваа прилика пред се да им изразиме благодарност за сето она што го направија за развојот на независното судство на Македонија. Меѓутоа, тоа беше можно не само врз основа на почитувањето на критериумите за избор на истакнати правници во оваа републичка судска институција, кои што имаа авторитет меѓу судиите, кои што имаа познавања од научната област, која што се однесува на правосудството и кои што имаа истовремено углед меѓу сите судии во однос на одлуките кои што тие ги предлагаа и донесуваа, туку беше и резултат на тоа што тогаш кога се составуваше Републичкиот судски совет, меѓутоа, постоеше праксата да се состави Републички судски совет во согласност меѓу другото и со партиите кои што беа во опозиција. И тогаш предлозите од опозицијата беа прифатени од тогашниот претседател и беа ставени во составот на

Републичкиот судски совет.

За жал, листата која што сега ни е предложена на судии во Републичкиот судски совет укажува на неколку суштествени недоследности.

Прво, она што е предложено навистина тука отсуствува, пред се нема ниту еден човек кој што досега се занимавал со теориска, или со научна работа во областа на правосудството. Тоа значи дека од составот на Републичкиот судски совет всушност е истерана науката, истерани се претставниците кои што би можеле да одиграат многу значајна улога, токму во остварувањето на функцијата на Републичкиот судски совет.

Второ, на местото на голем број на истакнати правници во Македонија, кои што имаат извонредно судиско искуство, кои што имаат извонредно правничко знаење во составот на овој судски совет се, како што гледаме по критериумот кој што се предлагаат и т.н., тоа се претежно адвокати со многу мало искуство, со многу низок углед во нивната професија и истовремено луѓе кои што имаат практично дури и на многу ниски нивоа од развојот на судската хиерархија. Тоа е едната димензија.

Третата димензија за која што сметаме дека, не се почитувани критериумите всушност за составување на една ваква угледна републичка институција. Главната причина заради која што ние ќе бидеме против и ќе гласаме против составот на овој судски совет има три основни причини.

Првата причина сметаме дека дури во предлогот кој што го има доставено претседателот на РМ, во рамките на сопствената квота има покажано едно непочитување спрема Парламентот, со тоа што имињата на луѓето за кои што тој ги именува всушност се содржани само како име и презиме без елементарна биографија за двајцата кандидати кои што тој ги предлага, од кои што не може да се заклучи всушност за кого всушност станува збор. Меѓутоа, сепак, анализата на тоа што е доставено овде во однос на кандидатите покажува следното. Во составот на новиот Републички совет нормално прво е предложена г-ѓата Благородна Дулиќ. Таа е заменик на претседателот на ДИК, која ја одигра најславната улога во донесувањето на такви одлуки, кои што потоа беа поништени од Врховниот суд, кое што всушност покажа дека многу благонаклоно гледаше на фалсификатот, кој што беше направен во рамките на вториот изборен круг. Со нејзиниот предлог да стане практично судија на Републичкиот судски совет, парламентарното мнозинство и оние кои што всушност го предлагаат овој состав на Републичкиот судски совет, всушност покажуваат каква политика од тој Републички судски совет очекуваат. Тие очекуваат тој Републички судски совет да му суди на судството.

Едниот кандидат кој што го има предложено исто така господинот претседател на РМ, е човекот кој што беше бранител во процесите на градоначалниците Алајдин Демири и Руфи Османи. Тој е човекот кој што има дадено бројни изјави дека во Македонија судството се занимава со организација на политички процеси, дека во Македонија судството ги прогонува Албанците. Има дадено низа изјави кои што всушност говорат за судење на македонското судство од страна и кои што всушност одат во прилог на онаа теза дека македонското судство е национал - шовинистичко.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Исто така, нашиот претседател предлага уште еден човек кој на оваа листа е ставен, меѓутоа, кој како што знаете без било какви образложенија, кој се вика Јордан Десковски, адвокат, кој според информациите со кои располага Пратеничката група на СДСМ, бил осудуван, има лежено затвор од јануари 1964 до ноември 1964 година, ја има лежено казната во затворот "Идризово", според член 340 од Кривичниот закон, вие ќе го видите тоа.

Оттаму, тие што денес ни предлагаат еден таков состав на Републичкиот судски совет би требало, ако ништо повеќе, да ги дадат сите информации за еден ваков состав. Ние на некој начин можеме да создадеме Републички судски совет со парламентарното мнозинство и да кажеме дека ете, тоа се тие луѓе кои отсека па натаму ќе водат сметка и ќе имаат право да покренуваат дури постапки за угледот, за начинот на кој судиите во Република Македонија ја обавуваат функцијата и да ги покренуваат прашањата на нивна одговорност.

Меѓутоа, очигледно, со овој состав на Републичкиот судски совет, кој денеска се предлага на усвојување, ни се предлага всушност една структура на Републичкиот судски совет, која е далеку под стандардите кои Република Македонија во изградбата на сопствената демократија ги градеше токму за тој тип институции, како што е Републичкиот судски совет. Една институција која требаше сепак да биде донесена со консенсуален

пристап меѓу републичките партии во Македонија и кој треба да ги унапреди истовремено и процесите на независното судство и процесите на демократијата во Македонија, во спротивно, ние со ваков состав на луѓе ризикуваме навистина да избереме Републички судски совет, кој ќе биде во функција да ги продолжи процесите на судења на македонското судство, односно да ја издигнеме некомпетентноста во Републичкиот совет на ниво на врлина која всушност има негативни последици и по развојот на независното судство и по развојот на демократијата, а по мое длабоко мислење тоа не е патот по кој Македонија ќе ја доближуваме до стандардите на западно - европските држави и да ги исполнуваме барањата кои од нас се очекуваат во рамките на Договорот за стабилност и асоцијација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Ѓорѓи Спасов за неговата дискусија.

Не навлегувајќи во оценките, само би сакал едно појаснување да дадам.

Еден од предложените кандидати е д-р по правни науки, еден од најпознатите цивилисти во Република Македонија, познат, судија, јавен правобранител покрај другото, значи со големо практично искуство. Се работи за д-р Кирил Чавдар.

Според тоа мислам дека неправедно е спрема него да не се спомнат тие карактеристики дека се работи сепак за лице кое беше професор за предметите од областа на граѓанското право.

Тоа е во интерес на вистината и затоа би сакал да го кажам како исправка.

Процедурално, има збор господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Да не остане необјаснето, ме интересира, како прашање би го поставил: Што значи членот 614 во врска со кандидатурата на господинот Дескоски, ме интересира за што е суден. Во функција на мојата определба при самото гласање, би ве замолил ако можете да ми одговорите, а сигурно и пратениците ги интересира. Ако веќе говорите дека е суден, кажете за што е суден.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа е многу деликатна работа, персонална работа и не би требало да навлегуваме во такви работи. (Реакција од некои пратеници во салата).

Ве молам ако сака да ви одговори. Ако не сака да ви одговори, негов проблем.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Како пратеник и како човек ме интересира за што е суден господинот Десковски во периодот на 1964 година, кој го спомна пратеникот. Дали е суден за криминал, злоупотреба на својата функција, за македонски национализам.

Ве молам одговорете ако можете.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали би сакале да одговорите?

Господине Спасов, ако не сакате не морате да одговорите.

Има збор господинот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Предлагачот кој што го предложил - јас ја дадов; информацијата која во основа е точна. Предлагачот бил должен меѓу другото да Ве извести Вас како Собрание за една таква информација која што е релевантна. Ако господата практично сметаат дека тоа е релевантно за одлучувањето за целината на Републичкиот судски совет, нека се одложи гласањето за Републичкиот судски совет, додека се добие релевантна информација што ве интересира.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не барав одлагање на точката. Бидејќи вие ја спомнавте оваа проблематика, дека Десковски е суден, ве молам одговорете за што е суден, заради подобра наша информираност и за самото одлучување при гласањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со расправата.

Има збор господинот Амди Бајрам, процедурално.

Кога веќе отвораме главна расправа, да не одиме на процедурално ако може.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, јас мислам ова што го имаме денес на дневен ред за Републичкиот судски совет не би требало во јавноста вакви работи од 1960 и 1964 година да дискутираме, затоа што времето на Југославија си било какво што си било, некои личности да ги именуваме по име не е добро.

Знаеме кој е и што е Десковски, дека беше како адвокат, претседател на Адвокатурата, а сега ако почнуваме со некои истории и биографии, тогаш треба и за нас пратениците да отвориме биографија. Мислам дека, не би требало такви работи да отвораме во Собранието и да си одиме по редоследот

кој е за, кој е против, кој е воздржан.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, всушност сега расправаме за едно многу битно и суштинско прашање во однос на правосудниот систем на Република Македонија, со оглед на тоа што го избираме органот кој ќе ги предлага, кој врши контрола и надзор над целиот судски систем во Република Македонија.

Поаѓајќи од тежиштето на прашањето и од фактот на кој начин е регулирана постапката за избор на членовите на Републичкиот судски совет, јас сметам дека досегашната водена постапка за избор на членови на Републичкиот судски совет се водеше речиси надвор од постапката скриено, без доволно информации и без нормалниот тек и редослед на одвивање на работите.

Мислам дека кога разговараме за вакви суштински круцијални прашања, постапката и расправата за ова прашање требаше да се води многу поинаку. Иако ми е јасно дека со Уставот и со Законот за републичкиот судски совет точно е дефинирано кој ги предлага членовите на Републичкиот судски совет, сепак не постои некоја обработена методологија како да се дојде до предлозите и неретко се случува да се провлекуваат кадри кои или не одговараат согласно критериумите на поставената функција или се гледаат многу тесно партиски при предлагањето на истите.

Како координатор на Пратеничката група, со оглед на тоа што од шесте предложени кандидати, четири ги избира односно ги предлага Комисијата за избори и именување, очекувам дека ќе бидеме известени од страна на претседателот на Собранието и од страна на претседателот на Комисијата за избори и именување, како пратенички групи за истекот на мандатот на досегашниот состав на Републичкиот судски совет и ние како пратенички групи да размислуваме за можните идеи и предлози на можни кандидати за членови на Републичкиот судски совет.

Со ова прашање и лично се обратив до претседателот на Комисијата, но и покрај моите укажувања, седницата беше свикана без претходно пратеничките групи да бидат известени за тоа. Напротив, во текот на седницата се даваат предлози, се гласа, без расправа, без информации кои се критериумите врз основа на кои се предлагаат кандидатите, дури и без биографии за предложените кандидати.

Не сакам да навлегува во стручноста, квалитетот и компетентноста на кандидатите, но имам забелешка на начинот на кој се доаѓа до предложените кандидати. Сметам дека не смее во кулоари да се договараат вакви кадровски крупни прашања меѓу коалиционите партнери, ако се знае дека Републичкиот судски совет го избира Собранието. Знаеме дека конечно мнозинството ќе ги избере кандидатите, но нека им се даде можност на сите пратенички групи да нудат свои кадри, кои не се сомнева дека ќе бидат еднакви на квалитетот на понудените, ако не и подобри.

Значи, тука мојата забелешка ја упатувам кон Вас како претседател на Собранието и кон претседателот на матичната комисија односно Комисијата за избор и именување за начинот на водење на постапката за избор на членови на Републичкиот судски совет.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

На господинот Зибери сакам да му кажам дека што се однесува до моите ингеренции во однос на водење на постапката, јас тие ингеренции ги запазив. Ја покренав на време постапката, го известив на време Претседателот на државата на време да достави два предлози и согласно моите ингеренции доставив барање до претседателот на Комисијата за избори и именување да ја отвори процедурата за избор, односно за предлагање уште на четири членови на Републичкиот судски совет. Тоа беа моите ингеренции, јас немам ингеренции тука да усогласувам тука и т.н.

За збор се јавува господинот Чедомир Краљевски, кој ќе ја објасни сега целата постапка и во тоа не навлегувам.

Господинот Краљевски сака да одговори, бидејќи е повикан да објасни.

**ЧЕДОРМИР КРАЉЕВСКИ:**

Господин претседател, дами и господа пратеници, должен сум да дадам едно кратко објаснување за текот на процедурата за предлагање кандидати за членови на Републичкиот судски совет.

Имено, по добивањето на писмото од страна на претседателот на Собранието - тоа е испратено преку него, а инаку писмото е во оригинал од претседателот на Републичкиот судски совет, со кое ме известува дека мандатот на членовите на Републичкиот судски совет истекува на 4 февруари оваа

година, Комисијата за прашањата на изборите и именувањата покрена постапка која во целина е во согласност со деловникот и со позитивните законски односно уставни определби, што се однесуваат во врска со изборот, односно предлагањето на членовите на Републичкиот судски совет.

Имено, не е точно дека членовите на Комисијата за избор и именување не биле известени дека на дневен ред ќе се стави точка за предлагање членови на Републичкиот судски совет. Тоа е сторено на време и на сите членови на оваа Комисија вчера, во текот на одржувањето на оваа седница на Комисијата, им беше дадено право да изнесат свој предлог за член на Републичкиот судски совет. А тоа што мнозинството одлучува, за жал на некои, во името на демократските дострели е така. Секогаш мнозинството на демократски начин одлучува. Веројатно тоа е и нај објективната одлука што се донесува, така што вчера на самата седница имаа право сите членови на Комисијата да предлагаат, јас како претседател ќе ги ставев ако имаше предлози сите предлози на гласање, оние гласови што поминаа, тие се сега пред Вас да одлучите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Чедомир Краљевски.

За збор се јави господинот пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, имам право и основа да ви соопштам сите личности кои биле до сега членови на Републичкиот судски совет и оние што се предложени мене ми се непосредно познати.

Второто соопштение кое сакам да го направам е и фактот дека учествував во првиот избор на членовите на Судскиот совет и сега за овој состав тоа ќе го чинам по втор пат.

Претставникот на опозицијата се послужи со едно негово забележување дека, од редовите на Судскиот совет биле избркани лицата кои се бавеле со науката односно дека науката била избркана од таму, затоа што овие биле млади и неискусни. Зарем Владата која беше избрана од поранешниот состав немаше во своите редови министер кој немаше право на квалификација, зарем ние да сфатиме дека таму немало ништо, оти немало ни од наука ни било што?! Се одлучиле, министерот за правда кој беше пред изборите 1998 година. Сега таа иста личност овде бара, дека некои бил изгонет од науката. Зарем тој тогаш не влезе на сила во науката? Не е негова компетенција.

Вториот дел кој сакам да го подвлечам овде е следниот. За жал членовите на сегашниот судски совет се од редот на поранешни судии, од Уставниот суд, Врховниот суд, од правната наука, од стручно соработништво и слично. Нивниот состав не е толку битен. Битно е што покажаа резултатите од тој совет во тој состав, од тој збир на науки, од тој збир на книги кои јас не сум ги читал, веројатно не излегле. Последицата ја бараме за лошата состојба на судот не во еден, во сите судови. Ако ги земеме извештаите за 1999 година, изготвени од сите судови и доставени до Судскиот совет и до Врховниот суд на Република Македонија, во кои се даваат бројките на затечени, промени и решени предмети и за жал, останати предмети, колеги пратеници, за ефикасноста на нашите судови главна ставка заземаат решените предмети на друг начин. Јас потекнувам од таа средина и како судија и како адвокат. Решените предмети се снага на судија кога има пресуди, а на друг начин значи или порамнување или дошло до тоа странката да не може да го оствари своето право, да ја повлече тужбата или по совет на судијата дека ќе го изгуби спорот да ја повлече тужбата. Ова е плод на работата на тој состав. А во ингеренција на судскиот состав е, покрај тоа да ги предлага судиите и ние да ги избираме овде, е да води сметка за одговорноста и дисциплината во работата на судиите. Не кажувам дека толку е составот лош, мислам на сегашниот, меѓутоа сакам да кажам едно: Имаме навистина една вистина, само еден судија не беше предложен за реизбор од поранешниот состав. Сега таков предлог немаме, меѓутоа битно е да не е поведена ниту една дисциплинска постапка, а тие токму одлучуваат за нередовноста во работата и совесноста на судиите. Зарем се толку идеална заедница, толку идеални судии што сите не направивме ни најмала грешка.

Ако сакате да ви кажам и една работа. Ги повикувам сите мои колеги судии на колективен одговорност: Дали на ниеден сега во овој момент во негова фиока не му се наоѓа предмет, односно не изготвил судска одлука помалку од 6 месеци. Верувам дека немаме таков судија. Зошто судскиот совет не реагирал тука?

Веројатно затоа што бил составен од поинаков состав од овој Парламент сега. И навистина постои стравување оние неработни судии кои биле бирани на иницијатива на тогашниот министер за правда, сега да дојдат

да имаат одговорност.

Лично не сакам никого да напаѓам, поранешните членови на Судскиот совет се со средна старост 70 години.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Значи, ако е средниот 70, земете крајниот кој е.

Дали сега таму науката ќе биде снага да ги почитуваме тие. Ние ќе ги почитуваме како личности. јас лично ништо немам, меѓутоа, годините си чинат свое. И, ако некој се плаши тоа да го признае, да знае дека, навистина, не му достасува нешто.

Понатаму, со избор на првиот Судски совет, СДСМ тогаш сакаше да направи раздор во ВМРО-ДПМНЕ. Го зеде, сега, за жал, констатирам покојниот да го подмами да биде член на Судскиот совет, да прави раздор во партијата. Ние тоа го поднесовме смело. Дали сега некој без предлог на СДСМ или не го примениме нивниот терк да ги развиваме, тие ќе се гордеат, сигурно не.

Сакам да говорам сега за новите што доаѓаат. Господин Јордан Дескоски, претседател на Адвокатската комора во два изборни периоди односно по 4 години, тоа се осум години. Доаѓа од редот на адвокатите со, навистина, некомунистичко педигре, ако некој сакаше тоа да го препише и да каже зошто бил третиран од тогашните судски власти и тоа г. ако беше навистина од правна квалификација, да не знае што значи законска и судска рехабилитација и да се повикува на некои морал, кој поминал по сите форми пред 40 години, навистина не знам како да разговарам со него.

Меѓутоа, за волјата на вистината Дескоски имаше непријатности со неговата слободна идеја дека, Македонија е држава и во Македонија, навистина, има, покрај тогашната комунистичка партија на Југославија односно на Македонија, постојат и други демократски идеи. Меѓутоа, не беше осуден само третиран.

Понатаму, колегата Махмут Јусуфи се напаѓа оти бранел обвинети. Господа, јас не мислам него да го бранам, само сакам да ве известам вас, адвокатот ако не ги застапува интересите на странката и ако не е во согласност со неговата одбрана, доаѓа во колизија со одбраната и веднаш бил разрешен од таа функција. Тој застапуваше обвинет, а не дело. И сега, ако некој не знае да прави разлика што е обвинет, а што е дело, тогаш е негова несреќа, не е наша.

Госпоѓа Дулиќ, судија на Врховен суд со биографските податоци, се говори дека напредувала во сферата на судството. Повеќе не сакам да говорам ништо. Ако некој се прашува за срамот околу водење на изборите тогаш нека му остане во куќа, тој треба да се срами. Никој не може да напаѓа судија, меѓутоа, може да ја напаѓа неговата одлука, дали е задоволен или не е. Сега, нека ја напаѓаат одлуката, бива, ама личноста не треба.

Стојан Рибарев, доста млад човек се појавува со нови идеи, се појавува со наука. Пишува од областа на правото и неговата примена. Зарем тоа на некому му пречи. Ако се фалеше со некој кој бил на високи функции и немал пишување, сега овој е млад, без функции, а има пишување, него знаеме кој е. И, ако мене ми се приговори дека не сум ги читал, затоа што не сум читал, сега да го прашам тој дали ќе ми се приговори мене оти не сум ги читал овие негови дела, затоа што ги нема, а не затоа што не ги знае. Нему му е факт таа работа да ја чита.

Кирил Чавдар, не сакам да го повторувам претседателот на Собрание, мој е колега, поминал и обвинителства и судии и судии на Уставен суд, судија во бивша СФРЈ во Белград од таму дојде под пензија. Се бави со правна наука, навистина, еден е од луѓето кои во областа на цивилното право, посебно наследното право го познава по прецизно и по научно.

Последниот Махмут Дархдиш, лошо го изговарам нека ми опрости господинот. Се работи за помлад човек, кој се занимава со право. Бил во Министерството за одбрана и е единствениот, кој после приправничкиот стаж во судовите е надвор од другите кои ги кажавме сега, од судството. Другите петтина се сите кадри од судството.

Господа пратеници, предлогот и ставот на пратеничката група на СДСМ нека нема да ја поддржи оваа кандидатура, не ме загрижува, само сакам да укажам ќе грешат ако гласаат против или ако се воздржат. Овој Судски совет нема да биде ниту на ВМРО-ДПМНЕ, ниту на СДСМ. Ќе биде во состав на државата Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Собранието Томислав Стојановски.

За збор се јави г. пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Па, незнам дали има резон и смисла да се дискутира, поготово после сите овие дискусии што беа, но јас сепак би кажал

неколку збора.

Со оглед дека се работи за конституирање на органот што треба третата власт во Република Македонија да ја врши, највисок орган во таа трета власт за наредниот мандатен период. Мислам дека таа е премногу сериозна работа и на ваков фолклорен начин, како што се случуваше деновиве, да се третира тоа прашање. Тоа е општа констатација.

На Република Македонија, јас мислам дека тоа не и е потребно, барем за тој орган. Ниту стравот на овој персонален состав на законодавниот дом на Република Македонија, со оглед на уставната и законската процедура за изборот на тој орган да се прави на таков мистериозен и несериозен начин. Ниту вашето обраќање г. претседателе на Собранието дека сте ги искористиле сите можности за демократски пристап во однос на разрешување на ова прашање, немаат баш солидна основа дека тоа сте го направиле. Но, тоа е тоа, онолку колку што ќе покажеме, толку ќе заслужиме вкупно сите заедно.

Мислам дека за ваквите сериозни теми, кои се јавуваат од време на време во Република Македонија, сите треба посебно да обрнеме внимание, сите политички субјекти во Република Македонија, без разлика на нивната моментална положба и позиција. Затоа што, пред се, оттука се гради и по долгорочна иднина наша и на голем број генерации понатаму. Како да се има нервоза, како да се нема слух по тие прашања, декларативно, иако секојдневно се изјаснуваме дека ќе ги застапуваме тие принципи и т.н.

Општ е впечатокот дека уставната позиција што треба да ја има овој орган и интенциите на Уставот што се во врска со овој орган, ниту претходниот состав до крај можеше да ги достигне тие високи дострели, кои ги претставува уставната позиција, а мислам дека уште повеќе проблематичен ќе биде и овој состав, барем со оние податоци со кои, до овој момент ние располагаме; и јавноста во Република Македонија за кандидатите кои се предлагаат.

Во однос на голем дел на друга понуда на кандидати во Република Македонија, мислам дека тука не е направен доволен напор од сите субјекти, а пред се од оние кои пресудно влијаеле, овој предлог денеска да се најде овде пред нас и веројатно кој ќе биде верифициран.

И, уште една работа сакам да кажам, а тоа е дека јас го прифаќам ставот на пратеничката група на СДСМ кој беше изнесен и така ќе се однесувам денес на седницата. Но, би сакал да дадам една ограда за еден член што беше изнесен за г. Јордан Дескоски, со оглед на тоа што тој беше член на Законодавно - правната комисија, што мене, не од податоците што се изнесени кај пратениците, туку по сила на приликите што бевме членови во 1990, 1991 и 1994 година во исто тело на овој законодавен дом, кој навистина придонесе во градење на правниот систем на Република Македонија во тие моменти. Беше надворешен член во комисијата и човек со висока кооперативност што, по мене, остави впечаток вака, како на стручен познавач на проблемите за тие четири пресудни години што беше во Парламентот. Јас, еве, како член на тој состав на ЗПК го изнесувам ова.

Второто изнесување по повод неговото име дека, човекот бил третиран во судска постапка, процесуиран, и не само за него, јас не знам дали бил процесуиран и не е ни битно тоа дали бил процесуиран, ова го кажувам како правник дека, за секоја одговорност во процесот на правото, мислам дека треба сите да знаат дека постои односно пресудата влече и правни последици. Во зависност од тежината на кривичното дело, покрај тоа што е казната определена, се лечат и одредени правни последици за одредени граѓански права. Тоа правниците го знаат. И, во зависност од тежината на кривичното дело, може со чиста совест да им се префрла на сторителите за делото што го направиле, само за времето додека траат тие правни последици.

Но тие не се вечни, туку тие се бришат во одреден период и за тоа постои казнена евиденција и тоа треба да се каже. Тие луѓе се сметаат за неосудувани. За политички потреби можеби треба да се користат, кај нас е Балкан, секој тоа го користи.

Јас сум против тоа кога го користат и за мене, а сакам да го дигнам тој глас и кога се користи за други. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам за дискусијата на г. пратеник Наќе Стојановски со една моја односно со еден мал мој коментар дека, јас сметам ако сум ја сочувал процедурата, ако процедурата постапи, мислам дека и демократски сум направил. Не е до мене да се мешам во надлежностите на други органи. Обратното, можеби би било недемократски. Но, сега остануваме секој на своето.

А инаку, за другите елементи што се однесуваат како правници се разбираме и тоа е во ред, се сложувам.

Збор има г. пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседателе, ги респектирам сите членови на Судскиот републички совет кои ја извршија задачата и во минатиот состав гласав за сите предложени кандидати, како за судии, така и за обвинители. Сигурно ги респектирав и сега предложените кандидати.

За г. Јордан Дескоски, би кажал збор два, иако малку го познавам и ако во стручен аспект не можам ништо да кажам. Знам дека беше член во првиот состав на Советот за меѓунационални односи и во Законодавно - правната комисија. Тој беше избран од тогашното Собрание и тогаш немаше некои забелешки генерални, така што совесно и чесно ја вршеше оваа функција.

Загрижува она што г. пратеник Ѓорѓи Спасов изнесе некои обвиненија, кои загрижуваат како црна точка на некои информативно - полициски разговори, викање. Мислам дека се служи г. Спасов со некои досиеја или тајни досиеја, кои се само достапни на СДСМ од минатото време и направи голема грешка и лично го увреди почитуваниот господин. Би било многу чесно г. Ѓорѓи Спасов јавно да стане на говорницата и да се извини. Затоа што, и по укажувањето на г. Наќе Стојановски стои дека човекот не бил осудуван за никакви дела, ако бил на разговори за идеали, тоа е друго.

Би било најчесно г. Спасов да стане и да се извини на почитуваниот г. Дескоски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Слободан Даневски.

За збор се јави г. пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Благодарам г. претседателе, почитувани пратеници.

Би сакал да истакнам дека овој Парламент има и едно задоволство и чест сигурно да го бира вториот состав на Републичкиот судски совет. Бидејќи, како на повеќето и пратеници и на јавноста им е познато дека мандатот на членовите на Републичкиот судски совет трае шест години и секој состав на Парламентот ќе ја нема таа чест, една од најважните, најбитните институции, тоа е Републичкиот судски совет, уставна категорија која има голема и битна важност за независноста на судството, овој Парламент да го бира во втор состав. Сигурно, во тој дел се отвора и расправа за првиот состав на Републичкиот судски совет, неговите дострели, достигања, пионерски задачи и најважниот дел во конституирање и една од најважните делови, за функционирање на Република Македонија од својот почеток за овој шест годишен период.

Мислам, оценките и од страна на позицијата во претходниот состав опозиција, не држат во однос на одредени укажувања од страна на пратеникот Томислав Стојановски. Бидејќи општа оценка може да се изрече дека претходниот состав ја завршил својата улога во една од најважните и најбитните задачи, а тоа е и најчувствителна, тој избор и разрешување и следење на работата на судството врз основа на одредени недоречености во своето учество во донесување на законите од областа на судството и изградбата на независноста на судството. А таа оценка би можел да ја изречам дека во основа ја изврши на еден стручен начин, избегнувајќи го во политичкиот дел и тоа е основниот дел на распределбата на власта меѓу законодавната, судската и извршната. Во тој дел сигурно и сегашната позиција и опозиција имаат одредени недоследности во функционирање и односот на Републичкиот судски совет, законодавната и извршната власт.

Овој судски совет мора да се признае и да му дадеме едно признание во делот на завршетокот на својот мандат се она што значеше негово работење, негово настојување во изградба на независноста на судството ни го презентираа на нас пратениците преку една информација, а тоа е некои прашања од остварување на независноста и самостојноста на судовите. Тоа е една многу битна информација со сите оние сегменти што тие ги имаат.

Затоа на оваа седница, по изборот на овој втор состав ние треба да дискутираме да го гледаме како и персоналниот состав и се она што значи доизградба на системот, бидејќи ние ако сакаме Македонија да ја градиме како правна држава, држава во која владее правото, треба да се до надградуваме. Она што е започнато во овој 6 годишен период, овој состав на Републички судски состав треба да го надоградиме. Во таа смисла би сакал да укажам на одредени мои согледувања.

Во тој дел не е спорно дека

парламентарното мнозинство, согласно позитивните законски прописи, согласно Уставот, законот за Републички судски совет, од формално правен аспект ќе го избере овој судски совет. Тука нема никаква дилема и околу тој дел се остваруваат одредени отворени прашања. Но, најбитното е дали сомневањата во изборот за самостојноста и деполитизираноста на членовите на овој состав на судски совет, ќе го прават. Мое мислење е дека во тој дел за самостојноста и деполизитираноста на предложените членови ќе ги следат за целиот период на нивното работење, а исто така тоа може да се рефлексира во однос на изборот и одлуките, најважниот дел за изборот на понатамошниот дел, за избор на судии кои ќе бидат предлагани во основните и другите судови, а тоа мораме да го поврземе и да кажеме, овој состав кој, пак ќе повторам парламентарното мнозинство ќе го избере, пред него стои една голема задача околу прашањата на неговата самостојност и зависност од актуелната политика. Тоа е случајот кој ние го отворивме на претходната седница на овој Парламент, тоа е со изгласување на една недоверба за неговото работење од страна на парламентарното мнозинство кога амблок ги отфрли предлозите на Републичкиот судски совет и ги стави во едни, така би рекол, жешки раце на новиот состав кој ќе биде избран.

Што е битно за овие мои согледувања и заклучувања од страна на пратеничката група на СДСМ. Која е постапката за изборот. Иако можеме да кажеме дека не е регулирана целосно постапката за избор, едноставно и претседателот на Собранието даде свој придонес, што не би се согласил целосно дека тоа максимално го направи, не се работи за формално - правниот аспект, бидејќи формално - правниот аспект и деловничкиот аспект, велам делот на 5 члена од Републичкиот судски совет се бираат на предлог на Комисијата за избор и именување. Ако го гледаме тој така многу е едноставен и што се случи. Вие кажувате, дека добивте од Републичкиот судски совет дека му истекува мандатот, го доставивте до Комисијата за избор и именување. тука почнува да функционираат демократските механизми на овој Парламент. Ако тоа не го направиме, ако и Вие во Вашите надлежности, како прв човек кој го претставувате овој Парламент не воспоставивте контакт со координаторите, со групите со одредени, на крајот на краиштата, задолжени членови на ЗПК, ако Вие тоа не го направивте, требаше да го направи претседателот на Комисијата за избор и именување.

Што се случи? Претседателот на Комисијата за избор и именување и тој прифаќајќи го тој формално - правен принцип закажа седница на Комисијата, која се одржа во текот на вчерашниот ден и сите членови таму дојдовме до тој период најстрого чувана конспиративна тајност за јавноста, за сите институции, знаете постапката за избор на судија на Основен суд оди по претходно мислење од Врховен суд, по претходно мислење од сите релевантни фактори кои имаат свој придонес во таа работа, се вклучи овде и министерот за правда. Во овој дел не отворивме таква расправа. Во најстрога тајност пред Комисијата, во една можам да кажам дури смешно трагична игра во коалиционите партнери почнаа да ги предлагаат членовите на Републичкиот судски совет, претставникот на ДА предложи двајца, претставникот на ВМРО исто така трудејќи се да избегнат одредена политичка наметливост или дека предложените членови имаат своја политичка боја и се предложени од политичките партии. Јасно е дека коалиционите партнери, врз основа на претходен договор, тука е јасно на цела Македонија, ни претседателот на Комисијата за избори и именување не можеше да го даде тој предлог. Тој предлог паднал нормално во раководствата на партиите, во извршните комитети, во извршните канцеларии. Тој предлог требаше да се достави до пратениците, иако и претседателот на Комисијата и на вчерашното заседание велеше не е деловнички. Не може да се дава ни на едно работно тело ни на овој Парламент додека предлогот не постои, додека за тој предлог секој пратеник, сите институции, јавноста да можат да дадат свој придонес. Во тој случај не можеше да се води ни овде ваква расправа за одредени членови, не навлегувајќи во личноста на предложените кандидати.

Затоа сметам дека, постапката формално - правно е завршена, суштински не е завршена. Затоа во овој период од страна на определени работни тела во Парламентот или политички партии, пред самиот избор се отвори постапка дека не е добар начинот за избор. Не е предмет тоа. Предмет е тоа што овој Парламент не го заврши на демократски начин, на транспарентен начин предлагањето за членови на една од најважните институции, која ја остварува една од најважната темелна вредност, тоа е владеење на правото и судската власт.

Затоа во тој став би сакал да истакнам, и на самата Комисија за избор и именување кога беа предлагани членовите на Републичкиот судски совет, членовите на СДСМ не можеа да расправаат, бидејќи предлогот се дава на една минута пред почетокот со кратки и измешани биографии. Во тој дел ние бевме воздржани.

Од тие причини нема да го поддржам целиот состав на Републичкиот судски совет, приклучувајќи се на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Александар Гештаковски.

Збор има г-ѓицата пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, би сакала само сосем накусо да го искажам и мојот личен став во поглед на процедурата за кандидирање на членови на Републичкиот судски совет, но и делумно и самите предлози.

Имено би сакала да се приклучам на оние пратеници кои што сметаат дека, процедурата не треба да се разгледува исклучиво како процедура која има одреден почеток, одреден крај, одредени формални аспекти, туку да ја разгледаме малку и процедурата од аспект на амбиентот што го понудила, од аспект на дискусијата која што го провоцирала и од аспект на решенијата кои претставувале нејзин крај.

Имено сметам дека, во ова Собрание како многупати досега се случуваа, а ова е карактеристичен случај кога овој предлог доаѓа директно од Комисијата за избор и именување, практично решенијата да бидат решени на некое друго место, на некоја друга маса каде што навистина до крај се вулгаризира целиот овој изборен циклус, до крај се вулгаризира во случајов во судската сфера, до крај, на пример во сферата на медиумите веќе во јавноста и меѓу нас се дискутира која НИП или која телевизиска куќа ќе припадне на едната или на другата партија. Истото тоа го повторуваме и во сферата на избор на една ваква институција.

Доколку процедурата беше каква што требаше да биде, а тоа е да се разговара отворено, директно за најдобрите можни решенија на институција која што ќе влијае во иднина и тоа драстично на развојот на демократските процеси на Македонија, мислам дека ќе добиевме подобри решенија. На пример, не можам а да не забележам кои се позитивните аспекти, или која е причината поради која Комисијата за избор и именување ја предлага госпоѓата Благородна Дулиќ за член на Републичкиот судски совет и дали еден под аргументите за ваквата кандидатура ќе биде фактот дека што таа додека беше член и заменик претседател на ДИК 90% од приговорите што и таа лично како нејзин член и оваа Комисија како тело ги одби, а потоа беа прифатени, односно беше одлучено спротивно од страна на Врховниот суд. Дали е тоа аргумент плус за ваквата кандидатура. Дали аргумент плус за ваквата кандидатура се случувањата и настаните во ДИК која што, за среќа, имавме прилика да ја следиме делумно или директно од страна на некои ТВ куќи и да видиме кое е нивото и на демократска култура и на односи помеѓу овие колеги, меѓутоа и кое е нивото на нетрпеливост кон спротивставените мислења, што би требало овде да бидат еден од врвните, клучните квалитети на кандидат за Републичкиот судски совет. Очигледно е дека г-ѓата Дулиќ заврши голема работа за парламентарното мнозинство или за владеачката партија, поради што заслужи таа да е токму едниот од 25-те судии во Врховниот суд, која ќе ја добие шансата да биде член на Републичкиот судски совет.

Мислам дека, со ваквиот предлог на Комисијата за избор и именувања дефинитивно ја заокружуваме приказната околу промовирање на независни и квалитетни личности во оваа сфера. Дефинитивно оние обвинувања за кои дискутиравме и кои ги истакнувавме и во дискусијата при изборот на ДИК се потврдија и за време на катастрофално реализираните избори во кои учествуваше и согласно на тоа носи дел од вината и г-ѓата Дулиќ.

И на крајот на краиштата мислам дека ова на некој начин ги докажува и причините поради кои парламентарното мнозинство и минатиот пат ги одби предлозите за одредени судии кои доаѓаа од Републички судски совет, што очигледно не е по диктатот на парламентарното мнозинство.

Беше споменато и биографија на еден од другите кандидати, тоа е г-динот Стојанче Рибарев за кој не ги знаеме и не се познати и стручните написи и стручните собири, заради тоа што не се напишани. Сепак мислам никој од нас, ниту оние кои се правници, ниту оние кои навистина навлегле во оваа сфера не можат да знаат на памет кој на што е автор. Овде имаме една реченица која многу, многу не зборува за таа стручна и научна активност. Беше споменато дека овој г-дин се јавува со нови идеи и со наука,

меѓутоа граѓаните на Штип знаат дека тој не дека се појавува со нови идеи и со наука, меѓутоа дека се појавува со г-динот Пане Велев и тоа е еден од клучните аргументи односно клучните моменти по кое он е познат во Штип, што сигурно не е случајно, бидејќи тој наводно има и кумство со дотичниот господин.

Информациите од овој тип кои незнам дали и биле познати или непознати на комисиите, информациите кои дополнително како пратеничка група ги добивме од одборот на стечајни акционери и доверители на "Селена", кои можеме и да Ви ги покажеме, а кои што се однесуваат на квалитетната работа на г-динот Рибарев", исто така не се нешто што очигледно било земено предвид овде, или пак и на овој случај се покажува дека единствен аргумент за нечија подобност и за нечии и за нечија подобност, и за нечии квалитет се личните, пријателски врски со определени структури или личности во ВМРО-ДПМНЕ, како што е г-динот Велев, кој што наводно се повлекуваат по малку од главната сцена, меѓутоа очигледно многу добро ги влечат конците позади сцената.

На крајот сакам само да кажам, претпоставувам дека оваа денешна дискусија ја следат многу граѓани, дел од нив знаат нешто, дел од нив знаат малку и за овие изборни процедури и за улогата на Републичкиот судски совет и за овие личности кои што се предложени, па заради тоа мораме по природата на нештата да ги дискутираме и поради тоа претпоставувам дека на сите нив ќе им биде тешко да извлечат кој е вистинскиот заклучок.

Меѓутоа мислам дека, едно нема да им биде тешко како заклучок да го изведат, а тоа е разликата во однесувањето помеѓу парламентарното мнозинство и опозицијата кои во овие две последни две седници се најдоа во превртени улоги. Имено минатиот пат кога ВМРО-ДПМНЕ одлучи да ги одбие сите, освен еден, предлози на Републичкиот судски совет, овде не слушнавме ниту една дискусија која барем понуди дури и квази аргументи за сето тоа, нема да постави дури ни прашалници за тоа зошто тие можеби не би требало да бидат судии, меѓутоа многу едноставно го притискаа копчето. Сега имаме сосем обратен случај. Имаме различни мислења, меѓутоа тие различни мислења сепак се базираат на одредени аргументи, информации и т.н.

Мислам дека, ваквата пракса е добра и покрај тоа што на некој од нас ни е незгодно да споменуваме и личности, да ја дискутираме нивната биографија, меѓутоа тоа е одговорност која секој од нас ја презема поединечно, а и сите ние како пратенички групи. Токму поради тоа мислам дека, е единствен начин да ставиме крај, ако веќе тоа во оваа фаза е можно, на вулгаризацијата на ваквите изборни процедури, особено во судството, ќе биде само транспарентна, отворена постапка во рамките на Собранието која што нема секогаш, можеби да му се допаѓа на парламентарното мнозинство, меѓутоа мислам дека ќе биде дури и за него корисно. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на за прилогот во расправата на г-ѓица Радмила Шеќеринска.

За збор се јави г-динот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, сакав за оваа точка да се подготвам и трагајќи по документи, ги побарав и стенографските белешки од 1994 година, кога се бирал тогашниот судски совет, ја прочитав целата таа расправа и да Ви кажам дека, во расправата тогаш ниту еден од СДСМ и тогашната позиција воопшто не дискутирале. Можам да ги прочитам кои дискутирале тогаш.

Значи од тогаш до сега СДСМ, еве "учејќи не демократија", научиле само да зборуваат и ништо повеќе, затоа што тогаш ниту тоа не го правеле, а за работење останале на истото ниво, ако не паднале и подолу. Значи ли тоа ако некој не е од СДСМ или близок со нив, дека е против секој предлог што ќе биде даден од некој друг. Ако не е изречен од нивна уста значи не е соодветен.

Да Ви кажам искрено сакајќи да се подготвам за оваа точка да дискутирам, да видам како тие ги фалеле, брането, пласирале нивните кандидати останав и јас бес текст. Останува тоа што го предложила Комисијата за избори и именување. Прочитав дека дури и тогашниот претседател на РМ, се заложил во Комисијата за избори и именувања замислете вршел и притисок во Комисијата, да поминат и тие а останати, покрај двајцата што тој ги предлага. Верувам дека сегашниот претседател не ја злоупотребил својата функција. Инаку тоа кој знае колку гласно ќе го искажеа членовите на овој Парламент од опозицијата.

Јас ќе го подржам овој предлог и ќе гласам за сите предложени кандидати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Лазаров.

Со тоа се исцрпе листата на предложени кандидати за дискусија.

Добро, еве повторно се јавува за збор г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, сакам на кратко да го образложам мојот личен став околу оваа точка на дневен ред. Со тоа што, на почетокот би сакал комплетно да се согласам со сите искажувања на моите колеги од пратеничката група на СДСМ, поготово за два битни моменти, околу комплетна не транспарентност на постапката за избор на новиот судски совет и околу мојот сомнеж што би го искажал на нивната независност во наредниот период, од политичките структури што се моментално на власт во РМ, што во крајна линија битно би се одразило на развојот на демократските процеси.

Исто така би сакал да го искажам мојот личен став по однос на кандидатот Јордан Десковски, да кажам дека за него ќе гласам за.

Затоа би замолил, бидејќи имаме различни мислења за поедини кандидати, некои ги познаваме некои не, доколку дозволува Деловникот или, незнам, можеби така е редот, да се гласа поединечно, не групно за целиот судски совет.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Деловникот дозволува поединечно да се гласаат предлозите на претседателот на Републиката и така ќе се гласа.

Инаку по предлозите на Комисијата ќе се гласа како што се дадени во целум.

Ве молам се пријавија веќе три нови дискутанти.

Има збор пратеникот Благоја Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги, секогаш и во секоја работа може да се работи и повеќе, и да се постигне подобар резултат. Тоа е случајот и со досегашното функционирање на Републичкиот судски совет. Ние поминавме еден период на извонредна работа и активности околу конституирањето на судската власт. Сега кога се наоѓаме пред формирањето на вториот состав на Републичкиот судски совет, мислам дека имаме обврска да укажеме на огромниот придонес, кој што го даде досегашниот состав на Републичкиот судски совет во конституирањето на судската власта во Република Македонија. Како што тие можеа да направат повеќе и подобро, така и ние како пратеници од досегашните состави и од сегашниот состав исто така можеме да дадеме и поголем придонес кон јакнењето на Уставната комисија на овој извонредно значаен орган за јакнењето на судската власт на РМ.

Сега кога завршува процедурата околу кандидирањето на новиот состав, може само да жалиме затоа што не се спроведе примерена процедура, транспарентна во која што ќе бидат вклучени што поголем број на структури од таа област, од каде што ќе произлезе поголем број на стручни мислења на база на кои што ќе можеше и ние да ги градиме своите ставови непознавајќи ги кандидатите, или за оние за кои што ги познаваме и на база на кое што ќе можеме да донесеме што поправилна одлука. На жалост, како што веќе беше кажано од еден од учесниците во расправата процедурата се спроведе сосема несоодветно, на мистериозен и несериозен начин и оттука ќе ги влечеме последиците и одговорноста за нашиот пристап кон самата процедура во кандидирањето, а и за сите последици што ќе произлезат, од штетите што се нанесоа по функционирањето на овој орган и по некои што се кандидирани.

Затоа сакам да укажам посебно на една крива слика, што немајќи ги ваквите соодветни информации се создаде за некои од кандидатите, посебно за кандидатот Јордан Дескоски, кој што беше споменат овде во повеќе дискусии. Граѓанинот Јордан Дескоски, родителот, сопругот Јордан Дескоски, правникот, адвокатот, го познавам со години и знам дека се работи за извонредна личност, извонреден стручњак, кој што е врвен професионалец. Кој што дал свој личен придонес во развојот и на правото на РМ и во последно време во развојот на повеќе институции на државата од сферата на правото, во кое што работеше во изминатите десетина години.

Според тоа жалам што заради ваквата процедура ги немавме сите достапни информациите, сите пратеници овде за да може на најсоодветен начин да ги искажеме своите мислења и преку нашето право да гласаме или не за тие кандидати да во согласност со тие сознанија што ги имаме донесена е правилна одлука.

Затоа сметам дека не смее да ми се повтори кога станува збор за вакви врвни

органи, и за било кои органи да се оди со не транспарентна процедура, да се оди со несоодветна процедура, да се заобиколуваат структури и субјекти од таа област во РМ, кои што на пратениците може да ни помогнат да донесеме и соодветна одлука и да придонесеме кон јакнењето на функцијата на ова извонредно значајно тело во судството на РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г. Ханџиски благодарам.

Јас сакам да му се извинам на г. Иљоски, додека е жив човек се учи, го погледав уште еднаш Деловникот и ќе се гласа поединечно за секого.

Според тоа, јас можеби направив превид, но затоа можеби треба да се остварат секогаш Уставот и Деловникот пред да се даде било какво мислење. Во секој случај ќе се гласа поединечно за секој.

За збор се јави г. пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, ценети новинари, и јас сум еден од оние пратеници од првиот пратенички Парламент историски за мене, во кој учествував при изборот на Републичкиот судски совет за прв пат, во таа нова уставна категорија во новиот Устав. И многу ќе ми беше мило од страна на опозицијата на овие песнопојци тогаш да слушаат вакви изрази во Комисијата. Да слушаат такви образложенија, со таква слаткоречивост, со таков благ збор, но за жал јас сум навистина запрепастен од вас. Вие во секој час, можеби во секунда, а не во години, во четири, во девет години се менувате толку многу, да човек не може да ве препознае што сте, кој сте, од каде сте и што сакате во оваа Република Македонија. Вие одевте толку во крајности, дури и нас како членови на тогашната опозиција не омаловажувавте и можевте да не газите низ ходниците во Собранието на РМ. Вие одевте во такви крајности што ни врбувавте луѓе и од нашата партија и ги поткупивте и ги пикнавте во Републичкиот совет. Не сакам да ги споменувам имињата и на тие што се починати - бог да ги прости.

Затоа велам, вие немате никакво морално право да зборувате за тоа како сте ги бирале членовите на Републичкиот судски совет. Мене ми е едно тогашно јасно. И во тие луѓе, во овој Републички судски совет што ќе си оди, има квалитетни луѓе и добри професионалци кои добро знаат да си ја вршат својата функција, бидејќи се школовани, имаат практично искуство, меѓутоа станува збор за политичката рака што ја посегаат дали вие, или ние сега во овој миг. Ние ако сме доволно мажи, ако сме доволно мудри и ако во оваа Република Македонија знаеме што сакаме, да ја издигнеме професионалноста на највисок степен, тогаш нешто треба да се договориме. Меѓутоа, злото што вие го започнавте на некој начин ние сега сакаме да го надградиме како Влада или како позиција во оваа држава. Сакаме да го надградиме, но свесен сум и за тоа дека до крај не можеме да се ослободиме од тие стеги, во кој влеговме со првиот Републички судски совет. Меѓутоа, треба да градиме и некои други механизми и мислам дека тоа е еден  начин, или чин на еден политички договор помеѓу позиција - опозиција и не мора како политички партии за да може тоа да се направи, или да се изменат некои работи според Уставот или процедурата за да можеме тоа поинаку да го правиме. Инаку, политиката секогаш ќе посига рака таму каде што не и е својствено. Сега вие немојте да очекувате од едно ваше однесување при изборот на првиот Републички судски совет да сметате на 100% промени од наша страна како да ги избираме тие членови на Републичкиот судски совет. Мислам дека запаѓаме во многу крајности. И јас мислам дека и овие луѓе што ние ќе ги избереме денес се квалитетни луѓе, стручни луѓе, но затоа во иднина треба нашиот договор да го издигнеме на едно ниво и во РМ, јас сум најголемиот поборник за тоа, најквалитетните, најпаметните, најстручните луѓе мора да ја водат оваа држава, ако сакаме да имаме напредок. Без тоа залудно мислиме дека наместивме Републички судски совет и наместивме килави судии во судовите и предметите стојат по 5 години, како што тоа го практикувавте на г. Сугарески од моето село Логоварди. Пет години по ваш налог и по налог на судиите што ги бираше Републичкиот судски совет го измачувавте на судни маки, како Крустот на Крстот и по 5 години кога дојде овој нов состав се реши случајот и сега треба да му се плати оштета од не знам колку илјади ДМ од Електростопанство на Македонија. Тоа зборува за вашето лицемерие и хипокризија. Дајте ако сакате да ги надминеме тие работи, но треба за нешто да се договараме во оваа држава, но принципиелно, не секој ден само исти фрази, небулози ни предавате и ни советувате како ние добро да се однесуваме. Ако вие направите едно зло сфатете дека ние по инерција мора нешто да направиме. Јас сакав тоа зло да се прекине, тој струк да се

прекине на злото, но на некој начин тоа е една судбина кај нас во Македонија.

Затоа треба да постои договор или треба да постои доволен слух кај сите политички субјекти во државата за да можеме да го направиме. Инаку, јас не гледам друг механизам. Ако имате повелете станете, кажете. Јас точно знам дури кои луѓе по кој клуч ги бирате и каква согласност давате. Не сакам да ги споменувам имињата. И тука има некои што седат сега. По име и презиме, но не сакам да го споменувам апсолутно, бидејќи сум приврзаник на една нова стратегија што треба да ја направиме во Македонија. Дајте допуштете најквалитетните луѓе да ни ја водат државата во сите сегменти, не само во судството, во здравството, во образование, каде сакате. Ако тоа го направиме, ќе направиме голем исчекор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Котевски.

За збор се јави г. пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Републичкиот судски совет е институција запишана во Уставот на Република Македонија и нашата совест ни наложуваше да бидеме свесни дека нејзиното гаснење, односно престанувањето на работата на утрешен ден всушност би било еден недостаток повеќе за оваа држава. Оттука на некој начин се наложи одредена брзина во донесувањето на предлогот, но јас не можам да се согласам дека процедурата не била коректна. Плус тоа ние и транспарентноста можеме да ја спомeнеме, затоа што имавме многу интензивни активности во врска со точката од дневен ред од висока политичка бризантност околу Пактот за стабилност во Југоисточна Европа. Мене ми е многу жал што Комисијата за избори и именувања фактички беше одлагање ден ипол. Моето изненадување остана од вчерашниот ден што не чувме никакви дополнителни предлози и на гласањето претставниците од ПДП и СДСМ беа воздржани за предлозите.

Денеска слушаме дека работата не била убава, работата била диригирана, наместена, не транспарентна, со толку многу фалинки, а вчера на Комисијата воопшто не се зборуваше. За едно сосема неважно прашање во споредба со Републичкиот судски совет јас побарав консултација и добив за претставниците од ВМРО ДПМНЕ. Јас мислам дека можеше вчера овие елементи да се уточнат. Не мора работниот ден во комисиите да заврши до 15 часот, или 14 часот, или не знам колку. Ваквата тема мислам дека вредеше да се расправа уште многу долго. Тоа би била мојата забелешка, или мојата опсервација на вчерашниот тек.

Не се согласувам дека процедурата е нарушена, но се согласувам дека слично како и за други прашања од политичка важност ние доцниме и поединечно секој пратеник можел да предложи или да поведе сметка дека, без таков совет во суштина државниот апарат ќе биде, или цела концепција на државното уредување ќе биде на некој начин нарушена.

На крајот сакам да изразам мое негодување зошто во поднесената биографија од г-ѓата Дулиќ, стои националната припадност на сопругот. Која навистина не можам да го сфатам и не го забележав вчера, сега го гледав, но независно од тоа јас овој состав имав намера да го поддржам. Нема да се навраќаме на тоа што беше 1994 година, на каков начин тогаш се бираше и не само овој Совет, туку и Уставниот суд, дека беше едноставно мајоризирање.

Моето видување е дека ова работење не е идеално, но дека не е причина тогашната ситуација и дека претставува подобрување. Воедно сакам, независно како мојот колега Котевски тоа ќе го разбере да се оградам од неговото гледање, дека ние го надградуваме злото. Ние мислиме да ги надминеме тие неправилности кои постојат во општеството.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Бошков за учеството во расправата.

Веќе немаме пријавено дискутанти за расправа.

Според тоа го заклучувам претресот, но притоа би сакал да укажам на една работа.

Почитувани дами и господа пратеници, Републичкиот судски совет во секој систем, па и во нашиот е огледало на правосудството и особено на судството. Самиот факт што во Републичкиот судски совет потребно е да бидат истакнати правници, со углед во својата сфера, меѓу своите колеги јасно говори дека тие луѓе од моментот кога денеска ќе ги избереме, ќе треба да заборават на својата политичка припадност и дека ќе треба пред се пред себе да го имаат Уставот и Законот, затоа што тоа го бараат и од оние што ги предлагаат.

Според тоа, јас однапред не би се сомневал во нивната професионалност и чесност, туку напротив ние тоа ќе го цениме, ќе го имаме во вид при секој предлог овде и ќе процениме како се однесува Републичкиот судски совет.

Мислам дека и оваа расправа покажа, како што и на минатата седница дека се зрели веќе размислувањата за одредени уставни измени, во насока на одделување на судската власт од законодавната власт. Но, тоа е веќе прашање кое што полека зрее и кога ќе дојдат тие промени, во тој случај судскиот совет ќе си добие сосема друга улога и карактер. Денеска тоа е така и денеска ние не можеме однапред да се сомневаме во нивната стручност, во тоа дека се истакнати правници и во фактот дека тие ќе работат независно и самостојно.

Затоа би сакал да ја заклучам расправата, се работи за личности, се работи за орган и што е особено важно денеска кога ние сакаме да фатиме приклучок во Европа и каде што Европа судството го има заедно со медиумите, заедно со другите елементи, човековите слободи и права и т.н. по својот мониторинг, судството навистина треба да ни биде самостојно и независно, а овој орган би требало да го даде својот прилог во остварувањето на таа самостојност и независност.

Тоа би сакал од прилика како мој мал коментар да го дадам пред да преминеме на гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Јордан Дескоски да биде избран за член на Републички судски совет, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

77 пратеници гласа "за", четворица "воздржани" и 1 "против".

Констатирам дека г. Јордан Дескоски е избран за член на Републичкиот судски совет.

Предлогот Махмут Јусуфи да биде избран за член на Републичкиот судски совет, го ставам на гласање.

73 пратеници гласаа "за", 8 "воздржани" и 5 "против".

Констатирам г. Махмут Јусуфи е избран за член на Републичкиот судски совет.

Предлогот д-р Кирил Чавдар да биде избран за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

74 пратеници гласаа "за", 5 се "воздржани", против нема.

Констатирам дека г. Кирил Чавдар е избран за член на Републичкиот судски совет.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Предлогот Благородна Дулиќ да биде избрана за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 13 против.

Констатирам дека Благородна Дулиќ е избрана за член на Републичкиот судски совет.

Предлогот Стојанче Рибарев да биде избран за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

62 пратеници гласаа за, 11 воздржани и 6 против.

Констатирам дека г-динот Стојанче Рибарев е избран за член на Републичкиот судски совет.

Предлогот Мустафа Дардишта да биде избран за член на Републичкиот судски совет, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за, 12 воздржани и 6 против.

Констатирам дека г-динот Мустафа Дардишта е избран за член на Републичкиот судски совет.

Согласно член 104, став 5 од Уставот на РМ, функцијата член на Републички совет е неспоива со вршење на други јавни функции, професии или со членување во политички партии.

Според тоа, избрани членови на Републичкиот судски совет, со денот на изборот, им престанува вршењето на јавните функции, што се неспоиви со вршењето на оваа функција и членувањето во политичките партии.

На избраните членови на Републичкиот судски совет им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

Дозволете ми господа пратеници во името на сите вас и во свое лично име да им се заблагодарам на досегашните членови на Републичкиот судски совет на кои им истече мандатот за нивната досегашна работа и да

констатирам дека тие, навистина, несебично и во согласност со своите стручни, научни и непристрасни, би рекол, карактеристики како личности дадоа придонес во развојот на нашето судство и во тој дух мислам дека тие, како прв состав на Републичкиот судски совет заслужуваат да им одадеме признание за нивната работа.

Со тоа ја апсолвиравме и оваа точка.

Минуваме на точката четири - Предлог на резолуција за односот и улогата на РМ во Пактот за стабилност во Југоисточна Европа.

Предлогот на Резолуцијата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Исто така, поделен ви е и пречистениот текст на Предлогот на резолуцијата, подготвен согласно изменувањата и дополнувањата предложени на седниците на Комисијата за Европски и Евроатлански интеграции, на Комисијата за надворешна политика и на Комисијата за политички систем на Собранието на РМ, а со кој се согласил и претставникот на Владата.

Отворам општ претрес по Предлогот на резолуцијата.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Александар Димитров, министер за надворешни работи.

**АЛАКЕСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакав само сосема накратко да ги објаснам причините и мотивите заради кои што Владата денеска му предлага на Собранието да ја донесе Резолуцијата за активностите и улогата на РМ во Пактот за стабилност ја Југоисточна Европа.

Сметаме дека после неколкуте извонредно значајни декларации на Собранието или резолуции од областа на надворешната политика, тоа се документи што се однесуваат на членувањето на РМ во НАТО и Европската ориентација на РМ и доближувањето до Европската Унија, претстојнава резолуција што денеска е предмет на нашава расправа, е исто така извонредно значаен документ што ќе ја зацврсти позицијата на РМ во вкупните процеси на стабилизирање на демократизирање на економски развој, на засилување на процесите на владеењето на правото и на човековите права во рамките на Југоисточна Европа, како еден од рамноправните субјекти, партиципиенти во неодамна донесениот и усвоен Пакт за стабилност на Југоисточна Европа.

Македонија, гледа низ својата определба дека единствено појдовна точка може да биде мирното решавање на проблемите во регионот и неговиот развој и во тоа се потврдува историската улога на извонредно значајниот документ, наречен Пакт за стабилност, со кој што се обединуваат државите на Југоисточна Европа во нивната интенција за приближување кон Европа и кон светот, како и во напорите за целосна, долгорочна и конечна стабилизација и просперитет во регионот. Оваа иницијатива ја имаа нашата целосна поддршка, што и до сега сме ја искажале, а и низ конкретните активности и иницијативи континуирано ја потврдуваме.

Идејата што произлегува и е носечка во понудениот Пакт за стабилност треба да овозможи превентивно, но и трајно разрешување на конфликтите за отстранување на нивните претпоставки и треба да ги стимулира земјите од регионот во меѓусебната соработка, што ќе овозможи низ еден процес нивно приклучување кон Европа, согласно нивните индивидуални, пазарни изразени стратешки цели и интереси.

Земјите на Југоисточна Европа истовремено, со отворањето на процесот на промени ја промовираат и заедничката тенденција за приближување кон Европската унија, што од своја страна ЕУ тоа го прифаќа, го цени и е определена да го стимулира. Особено, како што спомнав и преку изразувањето и манифестирањето на моделите за демократија, за пазарна економија и за слободна циркулација на луѓе, идеи и капитал.

Надворешната политика на РМ има јасната Европска и Евроатланска ориентација и на тој начин нејзините цели во целост се совпаѓаат со активностите предвидени и со Пактот за стабилност на Југоисточна Европа. Исполнувањето на Европските норми и стандарди е и цел на нашето континуирано залагање, како и цврстата определба на граѓаните за мир, толеранција и економски просперитет. Ова, за РМ претставува политика без алтернатива и како таква станува и дел на меѓународната препознатливост на нашата земја.

Придонесот на РМ не се гледа само во напорите за отстранување на причините на сегашните состојби на неодамнешните состојби во регионот, туку и низ постојаните залагања за унапредување на добрососедските односи, за активниот придонес и партиципацијата во регионалната соработка, како и во промовирањето на

мирот, демократијата и во конструктивниот приод во решавањето на проблемите предизвикани од војната во регионот.

Ние, како земја што припаѓаме на регионот на Југоисточна Европа се чувствуваме повикани заедно со другите земји, како примерни субјекти да работиме на предлагањето и реализацијата на целите на Пактот за стабилност. Тоа не се однесува само на нарушувањата на економијата предизвикани од објективни и од неодамнешните состојби во регионот, туку и во една целина на настојувања на РМ, низ трите основни столбови на Пактот за стабилност, а тоа се демократијата, економскиот развој и безбедноста, да биде активно вклучена и во иницирањето и остварување на мерки. Само да потсетам, Македонија е копретседавач, на во моментов, извонредно значајната работна маса, Втората работна маса за реконструкција и за економски развој и наскоро ќе се одржи состанокот на таа работна маса, каде што многу поконкретно ќе бидат до дефинирани, се надеваме и потврдени веќе доставените проекти од страна на РМ во рамките на имплементацијата на овој дел на Пактот за стабилност.

Реков, економската димензија на Пактот за стабилност е битна за реализацијата на целите на останатите два столба, демократизацијата и човековите права и соработката на полето на безбедноста, правдата и внатрешните работи. Истовремено, се залагаме како приоритет, а имајќи ги предвид до сега не докрај задоволителните резултати во имплементацијата или бавноста во имплементацијата на Пактот за стабилност што поскоро да се одржи финансиската конференција, каде што ќе биде создадена сериозна основа за поддршка, финансирање или помагање на конкретните проекти, кои имајќи го предвид и нашето залагање, ќе водат сметка не само за индивидуалниот развој на земјата, туку и за развој на регионот во целина.

Конечно, низ процесот што очигледно ќе трае подолго на примената на Пактот за стабилност РМ го гледа и својот интерес и својата можност, имајќи предвид дека е тоа предизвик, но и потврда на нашата надворешна политика и на нашата вкупна политика, дека ќе може многу повеќе да се цени индивидуалниот приод, индивидуалните резултати или постигања на секоја земја од регионот, во настојувањето за нејзиното доближување кон Европската Унија и до градењето на таков систем што ќе биде многу по компатибилен со Европски стандарди и принципи.

Не би должел повеќе почитувани пратеници, пред вас е Резолуција што, како што кажа и претседателот на Собранието, беше предмет на мошне сериозна конструктивна и квалитетна работа на неколку собраниски, би рекол матични комисии и конечно, целта изразувајќи ја поддршката што Македонија ја дава на Пактот за стабилност, е како што е нагласено во последната точка, Македонија да се промовира или да се потврди како земја што ќе може да го поднесе товарот и ќе биде значаен и одговорен чинител како централен носител на реализација на активностите, процесите и задачите предвидени со Пактот.

Тоа беа моите кратки напомени и образложенија на потребата и на значењето што Владата, а убеден сум и пратениците, го даваат на Резолуцијата што денеска е на дневен ред на Собранието. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот министер Димитров во врска со предложената резолуција.

Отворам општ претрес по Предлогот на резолуцијата.

За збор се јави г-ѓа Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Г-дине претседателе, колеги пратеници, дами и господа, во име на пратеничката група на СДСМ би сакала јавно да ја дадам нашата поддршка на проектот наречен Пакт за стабилност на Југоисточна Европа и сходно на тоа да дадам поддршка на овој документ, што денеска е предмет на наше разгледување.

Дозволете ми да направам прво неколку политичко - технички коментари, а потоа да дадам една политичка куса анализа на ситуацијата во која што се наоѓа РМ, токму од призмата на нејзиното интегрирање во Евроатланските асоцијации.

Реков дека пратеничката група на СДСМ дава поддршка и на Резолуцијата, иако има колебања и околу насловот на овој документ, предлозите се таа да се вика Декларација, со оглед на општоста на ставовите што се изразени во овој документ. Ние, низ него, како пратенички групи во Собранието на РМ ја искажуваме нашата политичка волја за поддршка на овој значаен проект на Меѓународната заедница, каде што го наоѓаме своето место.

Исто така, низ оваа Декларација или Резолуција, ќе видиме како во конечната верзија ќе се нарече, даваме поддршка и на документите што ова Собрание веќе ги донело и се цитирани во преамбулата на овој акт. Имено, тоа се: Одлуката за стапување на РМ во членство на Северно атланската договорна организација НАТО и Декларацијата за развој на односите на РМ со Европската Унија. Сакам да кажам дека е значаен придонесот што претставниците на пратеничките групи, претставени низ комисиите на овој Парламент го дадоа во дефинирањето на конечната верзија на овој документ, бидејќи како што сите добро се сеќаваме, нам ни беше доставена една прилично конфузна и хаотична верзија од страна на Владата, на која што моравме навистина добро да поработиме и што денеска пред вас ја имате во конечна верзија.

Значи, практично ова е повеќе документ на Собранието, иако предлагач е Владата и тоа би требало да биде обележано, дотолку повеќе што имаше еден интересен консенсуален однос и во работата и во деловите на овој документ што треба да се средуваат.

Кога веќе ја разгледувам Декларацијата или Резолуцијата, сакам да истакнам дека е од особено значење што во неа беше вклучен предлогот на претставниците на СДСМ, на пратеничката група, да се инсистира на потцртувањето на индивидуалното вреднување на заслугите на земјите, односно постигнувањата на земјите што се вклучени во овој проект. Изразувам големо жалење, исто така во оваа прилика, што вториот предлог што дојде од претставниците на пратеничката група на СДСМ, околу дефинирањето и ажурирањето на финансите извори не е вклопено во оваа Декларација, односно Резолуција, а се надевам дека околу тоа ќе можеме да поразговараме понатаму. Толку околу технологијата, методологијата, и политичко - техничките коментари.

Сега, дозволете ми да елаборирам кој е мотивот на СДСМ и нејзината пратеничка група да даде поддршка на овој значаен проект на ЕУ и на Меѓународната заедница.

Како што во повеќе наврати беше истакнувано овде, а и денес од министерот за надворешни работи, овој проект содржи три линии, три димензии на активности, по основ на кои ќе дејствува во регионот на Југоисточна Европа: Тоа се линијата на демократизирање, односно градење на демократски институции; Линијата на економскиот развој и просперитет на овој регион и се разбира особено значајната линија на безбедност односно стабилност на регионот.

Тука, навистина, не можат да се стават никакви забелешки, бидејќи овие три компоненти се клучни за дефинирањето на подготвеност на еден регион, во случајов Југоисточна Европа, да биде подготвен за влез во Европската Унија што е конечна цел, се надевам на секоја земја поединечно, а на нашата пред се.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:** (Продолжение)

Меѓутоа, би сакала тука да конкретизирам некои аспекти, кои што се врзани точно за местото и улогата на Република Македонија во Пактот за стабилност.

Колку овој Пакт да претставува проект, кој полека почнува да добива една коегзистентна форма, останува она што ние сакавме да го внесеме во документот на нашето Собрание, точно за финансиските основи на овој Пакт, бидејќи како што е познато без финансирање на крупни иницијативи, може да се релативизира и да се доведе во прашање нивниот успех.

Сега, доаѓа една опсервација, која што ние сакаме денеска да ја споделиме со Вас, а се однесува на местото што Република Македонија го има во Пактот за стабилизација и асоцијација.

Имено, таа е дефинирана во подгрупата, регионалната подгрупа, ако сакаме поточно да се изразиме, Западен Балкан. На дефиницијата на оваа подгрупа Западен Балкан, имаше реакции во македонската јавност, кои доаѓаа од различни политички партии, па и од нашата.

Мислам дека е значајно да се утврди во оваа дискусија, која е прва од ваков вид на пленарна седница на Собранието на Република Македонија, иако од некои пратеници, имено г. Стојан Андов беше барано уште веднаш да се поведе дискусија, околу Пактот за стабилност и улогата на Македонија во него.

Значи, ние денеска разговараме за еден концепт, кој што во овој проект е наречен Западен Балкан. Јас би сакала да се запрашам од каде е местото на Република Македонија во оваа субрегионална дефиниција на Пактот. Бидејќи, како што мене ми е познато Западен Балкан не е ниту

географска, ниту геополитичка, а уште помалку геостратешка одредница.

Не знам дека можеме да шпекулираме со намерите на оние кои што го правеле Пактот и да кажеме дека тоа е една работна етикета, која што го олеснува прибирањето под иста капа на петте земји, вклучени во овој концепт.

Ние тука имавме тенденција, во повеќе наврати да реагираме во македонската јавност, а и како претставници на политички партии, прилично емотивно на сврстувањето на Македонија во оваа групација, сметајќи дека местото таму не ни е заслужено. Една првична анализа на земјите кои се вклучени во оваа групација, тоа и го потврдува. Бидејќи, како што знаеме, тука се наоѓаат паралелно со нас и Хрватска, Босна и Херцеговина, Југославија, Албанија и се разбира, ние. Ние немаме многу заедничко со оваа групација, бидејќи до пред една година сметавме дека параметрите, кои што ни служат за споредување, не е ниту една од овие земји, ниту пак оние кои што се вклучени во Пактот за стабилност, од рангот на Бугарија и Романија, а кои што веќе пристапија кон преговори за полноправно членство, напротив, мислевме дека нашето ниво на споредување е од по глобален карактер, дека реперите нема да ги бараме во Балканот, туку ќе ги бараме пошироко во меѓународната заедница и дека сме всушност фактори во процесот на глобализација, кој што е светски тренд.

Меѓутоа, оваа одредница Западен Балкан, нас сурово не врати во реалноста и морам да признам дека, чувството на оптимизам што го предизвикува отпочнувањето на преговорите околу стекнување со статусот членка во новиот вид на договорни односи за стабилизација и асоцијација, полека треба да биде предмет на анализа и дискусија, која верувам нема да ја отвораме само во оваа прилика. Значи, прашањето зошто ние сме вратени во групацијата на Западен Балкан, претставува реферирање на она што беше наша и меѓународна проценка на позицијата на Република Македонија.

Според мене, тука има само еден можен одговор, а тоа е, бидејќи човекот сам си го креира статусот во некоја средина, поширока или потесна, бидејќи човекот сам работи на изградување на својот профил, па така и владите во земјите, за кои станува збор, значи оваа детериориација на меѓународната политика на Македонија, се должи, се разбира на дејствувањето на сегашната Влада на Република Македонија.

Имено, ако императивите, што се поставуваат во процесот на вклучување во Евро атлантските интеграции се следниве: демократизацијата, економските реформи, реформите на политичкиот систем, па тука веднаш да потсетам и реформите на државната администрација, потоа унапредувањето на човековите права, заедно со нив на правата на националностите, понатаму хармонизација на правниот систем на една земја, со правните системи на Европската Унија и т.н. Ние ќе дојдеме веднаш до една констатација која што е видлива, не само како оценка на политичките субјекти, или на дел од политичките субјекти во Република Македонија, туку и на аналитичарите, односно политичарите, кои што доаѓаат од меѓународната заедница. Констатирано е апсолутно запирање на реформите во Република Македонија. Јас ќе употребам еден поблаг збор, па да кажам дека имаме мораториум на реформите во Република Македонија, меѓутоа морам да бидам објективна, морам да бидам сообразена со оценките кои доаѓаат од меѓународната заедница, да кажам не само што имаме стопирање, туку и уназадување во овој момент во Република Македонија: тоа е невработеноста, тоа е корупцијата, тоа е организираниот криминал, тоа е општата партизација на организмите во државата, она што цути и расте во Република Македонија, во овој момент, тоа е социјалната беда и егзестенцијалната несигурност.

Јас се прашувам како очекувавме во една ваква ситуација опишана во овој коментар и не само во овој коментар, отворете ги весниците во последниве неколку дена, ќе видите што мислат за нас високите претставници на Американската администрација и некои други битни фактори на меѓународната заедница.

Значи, влошувањето на внатрешната, а богами и на надворешната позиција на Република Македонија, со оглед на сите гафови, кои што ги направи македонската дипломатија во областа на надворешната политика, секако се клучниот фактор што придонесе за рангирањето на Република Македонија во групацијата на Западен Балкан.

Сега стои тука една работа, што сакам да ја коментирам, а тоа е типот на членството, кое што произлегува од овој пакт и кој што е предмет на нашата денешна резолуција, а тоа е Договорот за стабилизација и асоцијација.

Би сакала во оваа прилика да ги потсетам ценетите колеги пратеници, како и македонската јавност, дека Република Македонија, во изминатите години тргна во еден нормален, по еден редовно проектиран пат за вклучување во Атлантските асоцијации, тука сакам да го спомнам Партнерството за мир и се разбира Договорот за трговија и соработка, што овој Парламент го ратификуваше и кој што стапи на сила 1 јануари 1998 година. Тоа беше првото договорено членство што една земја го склучува на својот пат кон Европската Унија и тоа беше случајот со Република Македонија, која заедно со Словенија го имаше нај, ако така можам да кажам добриот Договор за соработка, освен Албанија, само тие две земји го имаа од овој регион, а договорот со Албанија го имаат далеку под нивото со двете земји што ги цитирав.

Значи, и Македонија тргна по еден редовен, регуларен, нормален очекуван пат за вклучување во Европската Унија. Потоа, следеа подготовките, врз основа на едно доследно имплементирање на оваа соработка, за вклучување на преговорите, за едно нормално редовно, асоцијативно членство, како што има Бугарија, Романија, кои сега се подготвуваат за преговори околу полноправно членство во Европската Унија. Нам за жал, со промената на власта ни беа стопирани тие редовни регуларни процеси на градење пат, пробивање на пат, кон како што беше убаво поетски кажано во еден од говорите на премиерот, "Железните порти на Европската Унија".

Сега пред нас стои еден вид на хибридно членство, кое што повеќе пати сум го цитирала и самиот Романи Проди го дефинираше, за еден вид виртуелно членство, кое што е прилагодено токму на земјите од овој пакет, наречен Западен Балкан. Меѓутоа, знаете како што е тука е, ние не можеме да си дозволиме меѓународна изолација, а единствениот што ни се нуди, се инструментите на Пактот за стабилност, ние тоа треба да го прифатиме, тоа е тоа, па ќе видиме како понатаму. Мислам дека, нашите преговарачи ќе треба да се потрудат, за разлика од однесувањето кое што го имаат досега, сервилно и некомпетентно да покажат дека во овој документ, апсолутно треба да стои нешто што е услов за промена, дури на овој тип на членство повисоко. Тоа е еволутивната клаузула, која што се разбира, беше содржана во она прво договорно ниво, а тоа е Договорот за трговија и соработка. Коментарите што доаѓаат од страна на европски претставници и од нашите задолжени министерства за реализација на овој проект се дека се уште не е сосема јасно како ќе изгледа таа еволутивна клаузула. Кога ќе биде ставена во текстот на договорот што се подготвува, или што ќе почне да се подготвува од страна на преговарачите на Европската Унија, меѓутоа, тоа колеги верувајте ми на збор "синекванон", на прераснување на ова членство за стабилизација и асоцијација на повисоко ниво.

Сакам да укажам дека дури и еден ваков пат, на кој што сме принудени, кои што го прифаќаме, затоа што тоа е единствена алтернатива и под "обландата на Пактот за стабилност", бара навистина, едно засилено, енергично и компетентно регулирање на сите проблематични ситуации, кои овде ги спомнав.

Јас не знам дали Вие ќе се согласите дека ние, намерно, свесно, со многу добра волја дозволивме и не се спротивставувавме на тоа, крајниот став од оваа Резолуција да гласи дека активностите, кои што досега се остварени во регионална соработка и т.н., им порачува на земјите, значи Собранието и меѓународните организации, кои учествуваат, или го олеснуваат Пактот за стабилност, дека е земја која може да ја поднесе извонредно значајната и одговорна задача, да биде централен носител на реализацијата на активностите и процесите предвидени во Пактот за стабилност. Тука сите покажавме добра волја и ќе ја покажеме до крај.

Меѓутоа, искрено речено во овој Заклучок на Собранието, како што повторувам ќе го поддржиме, е во длабока контрадикција со она што ни се случи на самиот почеток на овој процес, а тоа е ставањето на Македонија во оваа групација земји. Со ваква групација на земји, нема лидер, нема носител на реформите, има само земји, кои што се ставени под капата на еден регионален приод, кој што треба да се соработува, обработува, доработува и да ги почитува императивите, содржани во идните документи на преговарачите од обете земји.

На крајот би сакала да го кажам следново: ние како пратеници во овој законодавен дом, досега, многу малку сме биле информирани околу овие процеси и воопшто не сме располагале со документи, кои што се однесуваат на самиот процес, кој што стои пред нашите преговарачи, а тоа се преговорите за стапувањето во ова членство, ниту сме биле информирани за подготовките на тој план.

Сметам дека треба да инсистираме, на она што сами сме го кажале во овој документ, декларација или резолуција, а тоа е дека го нагласуваме значењето на меѓусебното информирање на органите на законодавната и извршната власт во Република Македонија, за работата и активностите во Пактот за стабилност, како и за нивното влијание во процесот на доближување во Унијата. Ваквите информации ќе ни овозможат, како и во случајот со придонесот што го направивме за подобрувањето на Текстот на Резолуцијата, па можеме навистина да бидеме горди дека сме сработиле добра задача, ние претставниците од сите парламентарни група во овој Парламент.

Значи, ваквиот процес, на брза навремена информација, може да биде од исклучителна голема помош за извршната власт, за оние на кои што им е потребна помош во ефикасното, квалитетното и доследно спроведување на интенциите на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на дискусијата на госпоѓата пратеник Илинка Митрева.

Има збор г. пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, се работи според моето убедување, за еден исклучително важен документ, со кој се изразува политичката волја или консензус од ова Собрание, за да се даде поддршка на еден исклучително важен проект, кој претставува економско оживување, демократизирање на односите, средување на социјалните и економските состојби и т.н.

Значи, со овој документ кој се предлага тука, се удоволува една од нашите заложби, неколку годишни заложби, за да се донесат што повеќе такви акти од ова Собрание, кои докажуваат дека ние навистина имаме политичка волја, за да поддржиме такви проекти и за да ги забрзаме процесите, кон севкупната интеграција, кон европските процеси, иако за жал, овој предлог е даден малку со задоцнување, од причина што веќе првите институционални рамки на овој проект се ставени пред 8 месеци, значи тогаш популарен како "Маршалов план на Балканот", а ние после 8 месеци се потсетивме дека ни е неопходен овој документ со кој се убедуваат структурите на овој проект, дека имаме таква политичка волја, за да поддржиме такви проекти.

Владата, односно Министерството за надворешни работи, излезе со еден документ, односно Предлог - Резолуција, кој документ во заедничката расправа на двете комисии, т.е. Комисијата за надворешна политика и Комисијата на политички систем, беше укажано во начело, дека намерата се поддржува, меѓутоа, содржината на документот не одговара на тоа што е стандард, во меѓународната и европската комуникација.

Затоа, од таа причина, двете комисии се договорија да формираат една заедничка група, посебна работна група, на која учествував и јас, за до може да направи еден нов блев или корекции на тој текст предложен од Владата и на крајот, на заедничка седница на комисиите да се определиме за Предлогот.

Според тоа, што беше направено и изработено на таа комисија, по мое убедување, некаде 50 - 60% текстот претрпи измена, дури и радикални промени, а од тоа утредента на заедничката седница на двете комисии настана деловничка празнина, од причина што не се знаеше, кој е предлагач на документот.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:** (Продолжение)

Со овие измени кои ги направивме како заедничка група, се постави]а три клучни прашања.

Првото прашање, ние формално правно имаме предлагач кој предложи документ и не беше присутен пред комисиите да ги образложи евентуално предложените амандмани од страна на членовите на комисиите.

Второ, текстот, односно работната група формирана од двете комисии направи скоро нов текст, или тој текст предложен од Владата претрпи измени некаде 60%, дури и повеќе.

Трето, работната група работеше без присуство на претставник на Владата.

И тука се поставува прашање од процедурален аспект, кој е предлагач на овој документ. Претставникот на Владата, односно министерот за надворешни работи упорно инсистираше под овој текст да стои како предлагач Владата на Република Македонија.

Според мене, необјасниво е зошто е така. Природата на содржината на текстот на Предлог - резолуцијата бара еден поинаков пристап, од причина што се работи за документ кој претпоставува дека треба да поседува општ консензус од сите релевантни

политички сили во Собранието на Република Македонија. И тука ние не можеме да гледаме тесно градно и да се нафаќаме кон некои ситни работи, дали ќе биде предлагач Владата, или пак ќе биде предлагач ова Собрание, што е многу порелевантно.

Значи, овде покажуваме дека ние немаме доволна доза за оценка на политички приоритети и така слепо се нафаќаме кон профитирање на евтини политички поени пред јавноста, што мислам дека е неодговорно, Меѓутоа, сето тоа не е важно многу, е важно што двете комисии успеаја да дојдат до овој документ, според мене, важен документ и квалитетен документ.

Важно е нешто друго во однос на документот. Според мене е важно не тоа што ние ќе напишеме еден документ и со тоа ќе докажеме дека навистина имаме таква политичка волја како што стои во содржината на документот кое е многу важно како и колку ние сме искрени во комуникацијата со европските структури и меѓународните структури.

И второ, колку ние сме во состојба и колку ние сме талентирани да вршиме импровизација на состојбите, кои не би требало да бидат импровизирани.

И трето, колку ние имаме реална политичка волја за да ги промениме односите и состојбите, да ги промениме околностите, да ја демократизираме државата, да ги унапредуваме економските и социјалните состојби, да се зафатиме сериозно со прашањето, чувствителното прашање како што е криминалитетот, да размислиме сериозно во однос на корпусот на основните права и слободи на човекот и т.н. Ние денеска, или можеби утре ќе расправаме за Арачиново и тоа ни покажува колку ние реално сме далеку од основните постулати кои ги бараат европските интеграции.

Економската стагнација која реално постои и која се покажува и се докажува со официјалната статистика, не ни дава преодна оценка за најважниот столб на постоењето на државата. На повидок е исто така една социјална дехуманизација, од причина што ние имаме таква ситуација што стотина илјади луѓе живеат со 80 марки колку изнесува социјалната помош, односно просечната социјална помош. Замислете дека со толку пари не може човек еден месец да нахрани една мачка, а камоли да одржи семејство.

Четврто, корупцијата која пред малку ја спомнав, според некои важни информации кои наскоро ќе бидат официјализирани од некои релевантни меѓународни институции, Македонија сега веќе се покачила на шесто место во однос на корупцијата, во однос на бројот на жителите што ги има. Значи ние сега можеме да разговараме дека сме веќе не на пат да бидеме банана Република, туку веќе сме банана Република.

Демократизација на односите, односно и тука ние имаме сериозна стагнација. Тоа може да се прочита и од медиумите кои се во тотална контрола на коалиционите партнери на власта, па дури и некои така наречени независни медиуми, кои од којзнае какви причини се стави во таа служба. Тоа е убивање на демократијата, убивање на вистината.

И сега, поради политички причини ни е дадено зелено светло за да започнеме преговори за стабилизација и асоцијација, договор за стабилизација и асоцијација. Се поставува прашањето зошто баш само со Република Македонија се стапува на преговори за да се склучува таков договор, кој со десетина други држави не се вика така, туку се вика Договор за асоцијативно членство. Само со Република Македонија тој се вика Договор за стабилизација и асоцијација. Значи претпоставува две важни компоненти.

Прво, значи оваа средина мора да се стабилизира економски, политички во однос на корпусот на правата на човекот и т.н., за да потоа сериозно Европската унија размисли да склучува некој договор со нас. Има оптимистички укажувања дека оваа работа ќе заврши за две-три години. Јас сум длабоко убеден и во комуникација со релевантни луѓе, кои мислам дека се запознаени со ова прашање, овој процес ќе потрае најмалку пет години и ако се земе во предвид и ратификација на тие договори од страна на членките што е еден долготраен процес, можеби ќе трае и повеќе од пет години. Значи, Меѓународната заедница мисли дека нас ни е потребна дресажа.

Второ, преговорите кои нашата држава веќе година дена настојува да ги води со финансиските асоцијации, како што е Меѓународната банка за обнова и развој и ММФ завршија со абортус. Дури не може да се пронајде ни хибридно решение, ни природно решение со разни кратенки, понекогаш многу смешни, кое асоцира на нешто многу смешно и така што на крајот останавме без аранжмани со овие меѓународни институции. Зошто тоа е така? Не е тоа само она што се објаснува пред

јавноста дека причината е затоа што ние имаме проблем со загубарите, ќе имаме социјална тензија, експлозија и не знам што, туку едноставно ние не сме свесни дека имаме перманентен мониторинг на состојбите, севкупните состојби во Република Македонија. И ова што не ни оди со преговорите со овие две важни меѓународни институции, тоа не е заради тоа што имаме проблем со загубарите и т.н., туку е и поради реалните политички оценки и проценки кои ги има Меѓународната заедница во однос на демократските процеси во Република Македонија, правата на човекот во Република Македонија, меѓунационалните односи во Република Македонија и т.н.

И затоа јас мислам дека ова Собрание треба да го поддржи овој акт, уште повеќе треба да размислува за имплементација на ова што претставува основна определба на Пактот за стабилност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мерсел Билали.

Господа пратеници, предлагам пауза од еден час за одмор.

Ќе продолжиме со работа во 16,30 часот.

Ве молам за присуство за да ја одржиме оваа седница до крај.

И во исто време за време на паузата ја свикувам Комисијата за внатрешна политика и одбрана да ја разгледа Информацијата за настаните во село Арачиново.

Седницата ќе се одржи во салата за одржување на седници на Владата.

(По паузата седницата продолжи во 16,50 часот).

Продолжуваме со работа.

Имајќи предвид дека имаме уште пет - шест пратеници, кои што работат во Комисијата за внатрешна политика и одбрана, имаме доволен кворум за да продолжиме со работа.

Според пријавените дискутанти по оваа точка од дневниот ред, му давам збор на господинот пратеник Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници и министри, денеска пред нас имаме еден мошне значаен документ, за кој што видовме во досегашните настапи дека постои еден општ политички консензус од политичките партии, барем досега што настапија во неговото прифаќање и имплементација. Всушност овој Пакт за стабилност на Југоисточна Европа, е еден вид порака до народите на Балканот, до државите на кои што ние со оваа резолуција одговараме дека го прифаќаме.

И затоа дозволете ми во таа насока да искажам некои мои лични мислења и сознанија околу самата еволуција, како е дојдено до тоа. До деведесетите години Европа имаше еден специфичен однос кон Балканот и кон Македонија. Таа беше индиферентна, дури настојуваше да го заборави Балканот и Македонија, сметајќи ги како едно дамнешно буре на барут, кое можеби и нема потреба многу да еволуира, бидејќи наводно може да го загрози ентитетот и стабилноста на Европа. По деведесеттата година таа индиферентност станува малку помала, за да по косовската криза, односно процесот кој што ние го викаме глобализација, или мондијализација таа му наметне еден голем интерес на Балканот и на нашата држава. Кој е основниот мотив? Еден лајт мотив се провлекува низ целиот овој Пакт за стабилност, кој што можеби за нас е малку и фрустрирачки, но истовремено и парадоксален, како да го европеизираат Балканот. Фрустрирачки е, затоа што покажавме дека историските слабости на Балканот се повторуваат. Тој повеќе не е само симбол за нееднаквост, за разделеност, или ако сакате за балканизација на народите и на нациите, туку тој помина во уште еден полош стадиум, а тоа е Балканот стана симбол и на воени судири и на избеглици, на воени злосторници, на националистички соништа, нетолерантност. Од друга страна парадоксот е што европската идеја се создаваше на Балканот. И дури секогаш сум бил против политичарите, а ги имаше и овде кај нас кои што велеа: Ќе го Европеизираме Балканот, односно Античка Грција му го даде хуманизмот на Балканот, Римското царство, римското право, а христијанството универзализмот. Единствениот период кога Европа беше и се обедини меѓу Атлантик и Урал, тоа е благодарение на христијанството со респект на мулти културите и на мулти етникумите и на останатите муслимански енклави, кои што постоеја и постојат сеуште.

И денеска Европа реши да го европеизира Балканот. Зошто? Затоа што Балканот, а и ние како држава покажуваме дека тешко се извлекуваме од политичкиот, економскиот и социјалниот лавиринт на нашето живеење. Европа тоа го прави не само заради нас, го прави и заради сопствената безбедност, но и заради оние

идеи што реков на глобализација. Појдовна основа на овој Пакт е длабоката претпоставка за стабилизација, претпоставка за една трансформација на социјалните и менталните структури во овој регион. Цели народи и националности, вклучувајќи го и нашиот народ и националностите што живеат овде, вклучувајќи ги и сите субјекти, политички партии, сите треба да ја преземеме одговорноста да умееме да се однесуваме одговорно, да простуваме, да бидеме толерантни, за да се надминат тешкотиите на минатото, едноставно да дојде до така наречената европеизација на духовите.

Затоа идентификација на одговорните, на големите и малите амбициозни расипувачи на рамнотежата, е пред се обврска за сите нас и овој Парламент. Ние не смееме да дозволиме денеска кога оваа резолуција ја испраќаме од овде и во нашата средина и како сопартијци не смееме да дозволиме да ни се промакнат работи, кои што во праксата се случија од фалсификатори, од не толерантности, од ксенофобии, од не респекти на правната држава, влегувања во фирми, во станови и т.н., без одреден правен документ. Ние сме од овој миг под еден вид посебно набљудување. Дали ќе успееме да одговориме на тоа што Европа ни го наметна како обврска на однесување. Европа во моментов на овој регион му дава една помош, таа го помага целиот регион и финансиски и економски, кадровски и т.н.

Меѓутоа, исто така не заборава да ни каже дека Европа не е еден обичен шалтер, каде што ние ќе одиме, ќе чекаме на ред и таа ќе ни дава пари. Затоа, ние самите треба да се избориме независно од нашата политичка, верска, полова припадност. Значи тука делуваме и затоа самиот овој документ и целата оваа атмосфера во ова Собрание, е всушност консензуална во однос на овој документ.

Кои се основните оски на Пактот за стабилност? Пред се обнова и консолидација на регионот, создавање на правната држава, ефикасна и демократска правна држава и држави во регионот, меѓутоа пред се и од нашата држава, етничка коегзистенција и соживот. За некој ден ќе дојде да се зборува и на Арачиново. Арачиново е за нас само една голема опомена. Не смееме да дозволиме тој да се претвори во еден политички влог. Мора да бидеме мудри, да ги надминуваме сите видови недоразбирања на етничка основа. Дали имало бомба или немало, не знам во Куманово, меѓутоа исто така таквите настани не смеат да ја дестабилизираат нашата позиција во рамките на овој проект. Самите треба да ги надминуваме проблемите со транспарентност, со отвореност. Да се обидеме национализмот кој што сеуште постои во овие простори, кој што е деструктивен да го трансформираме во импулси на современ патриотизам, кој е компатибилен со толерантноста, постојано унапредување на демократската култура. Не смееме да си дозволиме наш пратеник кој што отишол да следи избори, да биде претепан од политички противник. Не смееме. Привлекување на сите овие земји од Пактот за стабилност кон Европската унија. И знаете дека овој проект колку што е финансиски толку е политички, меѓутоа овој проект е мултилатерален, го поднесува Европската Унија, меѓутоа во него учествуваат и САД, асоцираните членки НАТО, ОБСЕ, Светската банка, ММФ и сите стандарди што тие ќе ги наметнуваат ќе треба да ги респектираме и да ги аплицираме.

Во овој проект доминантната улога и припаѓа на Европската Унија, која ќе настојува да ја фаворизира демократијата со воспоставување на сите неопходни институции, кои денес функционираат во земјите на Европската Унија.

**НАНО РУЖИН:** (Продолжение)

Ќе биде потребно да се изградат еден нов вид релации, кои ќе овозможат партиципација на балканските земји во Европската Унија. Самите знаете дека таквиот статус, новиот статус на стабилизација и асоцијација е предложен и прифатен на Виенската конференција во 1998 година и дека нашата земја, пред некој ден, склучи таков Договор за стабилизација и асоцијација. Целта на договорот е, Македонија ученикот да се адаптира кон стандардите на Европската Унија, да влезе целосно и тие стандарди да заживеат во нашата држава. Во таа насока, значи, учествуваат сите земји, “Г-7 или 7 + 1" значи Русија, но исто така се заинтересирани сите земји од овој регион - Босна, Хрватска, Албанија, Бугарија, Романија, Македонија, Турција и т н.

Доаѓаме до едно прашање, кое е мошне интересно, а тоа е финансиската конструкција. Овде не станува збор за никакви бројки, меѓутоа ќе се обидам да дадам некои мои претпоставки и информации, кои ги добив благодарение на учеството на една конференција, каде се зборуваше за финансиските конструкции на

овој Пакт. Ние отворено чекаме финансиска подршка. Европската Унија конституира две агенции за помош и реконструкција на регионот. Едната Агенција е за обнова на Косово, а втората Агенција за реконструкција на Балканот. Европската Унија реши 150 милиони евра да му се дадат на Косово за 1999 година и 500 милиони евра за 2000 година, односно меѓу 500 и 700 милиони евра за 2001 и 2002 година.

Како изгледа состојбата со Балканот? За Балканот од 2000 до 2006 година се предвидуваат 12 милијарди евра, од кои 5,5 милијарди евра за Западен Балкан, во кој сме рангирани и ние. На едно прашање пластично да ни ја објаснат состојбата на Македонија, еден од еврократите вака рече дека, Македонија е ставена во еден воз, кој сеуште е паркиран на својата железничка станица и тој воз сеуште стои во место. Вели вака: "Вашиот воз ќе тргне, тогаш кога вие ќе бидете подготвени да се возите во него, односно кога ќе одговорите на сите ваши обврски". За жал, тој воз го крстија Западен Балкан, значи не го крстија "Ориент експрес" и навистина се зависи од нас.

Да заклучам, ова го доживувам како една покана за Европа. Покана од Европа и светот, нешто позитивно да се измени на Балканот и во Македонија. Самиот проект има една мултилатерална рамка. Тоа ќе биде една тешка и долготрајна битка и обврска за сите нас. Суштината е во политичката, економската и социјалната реконструкција и обнова и на менталитетот и на структурите. Должни сме да продолжиме со соработката со меѓународните институции и да ги одбрани Пактот за стабилност вредностите, меѓутоа и тој самиот претставува соодветна вредност, ние практично да ги вградиме неговите вредности. Дури, се вели, ако Пактот за стабилност, бидејќи тоа е еден голем влог на Европската Унија, ако тој не успее, ако тој не заживее - ова се зборови на Бодо Хомбах - тогаш тешко дека ќе заживее заедничката европска надворешна стратегија, значи на Европската Унија.

Затоа, поддржувајќи го текстот, подржувајќи ја Резолуцијата, би порачал дека сите заеднички треба да најдеме сили не од моменталните политички интереси, туку да мислиме долгорочно на Македонија и како претставници. и како Македонци, Албанци или било која друга националност што живее овде, сите заеднички да го дадеме придонесот. Тоа не е "Маршаловиот план", голема е разликата е меѓу "Маршаловиот план" и Пактот за стабилност, тоа е еден пакт со кој Македонија ќе се приближи кон Европската Унија и каде ќе се надминат тешкотиите на секојдневното живее во оваа држава, но нормално со една нова демократска рамка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Нано Ружин.

Збор има господинот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседател на Собранието, почитуван министер, почитувани колеги пратеници, исто така се согласувам со многумина што рекоа овде дека денес пред нас имаме еден многу значаен документ, Резолуција за пристап на Република Македонија, кон Пактот за стабилност. Иако, искрено кажано, повеќе пати како политички партии, како поединци, па и како Собрание, јасно сме ја искажале нашата политичка волја за европска ориентација и учество и зачленување во Евроатланските структури, но она што останува и понатаму како дилема е дали ние и понатаму цела оваа работа ќе ја водиме како една чиста политичка реторика или намерно и студиозно ќе пристапиме на патот кон стабилноста, односно намерно и сериозно ќе работиме на тоа навистина еден ден да бидеме членка на Европската Унија и на НАТО пактот.

Следејќи го сето она што се случуваше на политичката сцена во Република Македонија, не сум сигурен дека ние навистина тоа и го сакаме, затоа што Пактот за стабилност и приклучување на нашата држава кон Европската Унија и НАТО пактот ми се чини дека премногу административно и бирократски пристапуваме, наместо креативно и рационално. Како цело време да се соочуваме со еден феномен: сакаме во Европа, сме за Европа, бараме каде е вратата за влегување. Од Европа цело време ни беа праќани сигнали: вратата ви е отворена за Европа и за НАТО. А ние што правиме? Ние цело време баравме клуч. Вратата отворена, ние бараме клуч.

Што всушност не успеавме да откриеме? И тогаш кога добрата европска дипломатија знаеше тие пораки да ни ги испрати во нивен стил, добро завиткани во целофан, тие пораки ги стававме како украс во кабинети, наместо да ги отвориме и да видиме што навистина тие бараат од нас. Тие секогаш и перманентно бараат една работа: правна држава, демократија изворите на кризи и конфликти во Р.Македонија да се надминат под безбедносен чадор. Но, никако

не сакавме или незнаевме, или немавме храброст да го поминеме трновитиот пат, кој ќе не води кон благодетта и кон Европа. И што станува? Кога веќе не можевме докрај да ги дешифрираме пораките. Европската Унија и сите други релевантни меѓународни фактори решија со прст да ни покажат - еве ви ја вратата. И што се случи? Ние никако да поверуваме дека тоа е вратата, затоа што влезната врата е толку тесна, а ние толку обремени со разни проблеми што не можеме да поминеме низ таа врата. А тие проблеми секому станаа јасни, само нам никако да ни легнат и да ги прифатиме. И понатаму стереотипно ги гледаме проблемите кои не преокупираат секој ден. Сакаме едноставно со една изјава дека клучниот проблем за стабилноста на државата се меѓунационалните односи сме ги решиле и тоа имаме добри докази, велиме во Парламентот на Р.Македонија седат 25 Албанци, во иста фотелја како и Македонците. Имаат дури и иста плата, дури користат и иста говорница. Дури имаме и 5-6 министри и 10-тина други повластени, кои можат да ги користат истите коли, како што ги користат и другите министри. Но, дали во суштина ние ја изменивме ситуацијата на Албанците во Република Македонија? Мислам констатација е јасна. Далеку сме од тоа навистина да ги релаксираме тие меѓународни односи.

Овие денови барав одредени податоци од Заводот за статистика за еден мој проект кој наскоро мислам да го предложам во Собранието. Со тие показатели дојдов до фрапантни податоци. Пристапот на Албанците кон работните места, односно вработеноста на Албанците во РМ е катастрофална, во споредба со она што е реалност. Катастрофална е исто така ситуација како се распоредува таа работна сила. Ако сите тие проблеми еднаш засекогаш не ги ставиме на дневен ред и отворено, рационално, без никакви оптоварувања да ги разгледаме, не можеме да ги решиме. Не можеме ние да бидеме класични администратори од типот дека, подобро е да бидеме прецизно неточни отколку приближно точни и да ги фатиме сите тие меѓународни документи и да бараме каде можеме да ги сместиме Албанците, како што некој ги нарекува малцинство во Република Македонија.

Албанскиот проблем во Република Македонија, господа пратеници, ќе се согласите, бара посебен третман, затоа што има и посебно историско минато и реалност. Тие се процентуално со висок процент, тие се територијално компактни, тие се автохтони, тие што - што е ретко во светот - се граничат со самите Албанци и во Албанија и на Косово. Според тоа, решавањето на албанското прашање во РМ со една декларација дека тие се релаксирани меѓунационални односи е апсолутно неприфатливо. Ние можеме така да се изјаснуваме, но прашање е дали навистина тој генератор на криза сме го елиминирале. Јас сум длабоко убеден дека тоа не сме го направиле. Порано или подоцна тоа ќе избувне, како што избувнува на Бит Пазар, во Гостивар, Тетово, сега и во Арачиново. Само е прашање каде сега друго ќе избувне.

Затоа, на таквите проблеми треба порационално да им пристапиме. Не може нашите политичари да се однесуваат и тоа најодговорните, од типот на луѓе кои многу лесно ги прифаќаат промените или сакаат да се замислуваат, некои и се идентификуваат, како што своевремено беше во Америка кога црнците беа репресирани и малтретирани и сите црнци кои имаа кадрава фризура мака мачеа да ја исправат косата и да личат како Американци. Кога тие се здобија со некои права, најмодерно беше да имаме кадрава коса. Денес тоа нам ни се случува. Нашите лидери балканци, по теркот на западњаците одат и се сликаат од една во друга метропола изигрувајќи западњаци. Заборавaат дека тие што тоа го прават на Запад, економската ситуација не им е како нашата, меѓунационалните и другите проблеми не се како нашите, демократијата не е како во нашата држава и сите други параметри што укажуваат на правна држава и стабилност се далеку поинакви од оние што ги имаме ние. Ние можеме и понатаму да си бараме клуч во темница на отворена врата, но тогаш веројатно трпението ќе ги напушти, ќе ја затворат вратата и нас ќе не прогласат за соба - споменик, како некогаш живееја народите на овој свет. Секое друго видување, според мене, како декларативно изјаснување дека ја сакаме Европа, а што повеќе велиме дека ја сакаме, толку повеќе се оддалечуваме, нас и понатаму ќе не натера да талкаме. Дајте од таа декларирана позитивна енергија, дајте сите заеднички, без оглед на политичката партија на која и припаѓаме, без оглед дали е позициона или опозициона, дали е албанска или македонска, да ги ставиме сите проблеми кои се отвориме, да ги детектираме јасно генераторите на криза и откако тоа ќе го направиме, да создадеме поширок консензус на отворените политички прашања, било тоа да се од национален интерес, било да се од

економски интерес и да тргнеме еднаш за секогаш од мртвата точка во која се наоѓаме. Секое друго толкување и изигрување, верувајте, нема да помине. Јас можам да си се нарекувам и крал и генерал, но сум тоа што сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ризван Сулејмани.

Збор има господинот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседател, почитуван министер, дами и господа пратеници, нема да излезам од контекстот на темата на точката што ја имаме на дневен ред, како некои претходни дискутанти. Ја имаме точката на дневен ред - Предлог резолуција за односот и улогата на Република Македонија во Пактот за стабилност за Југоисточна Европа.

Дискусијата во некоја форма ќе ми биде и како на известител од Комисијата за надворешна политика, а ќе си дозволам и малку пошироко, но нема да биде многу пошироко, да дадеме некои свои лични опсервации. Несомнено, двете комисии, а потоа и ново формираната комисија на Собранието на Република Македонија, тоа е Комисијата за европски и евроатлански интеграции, направи една одлична работа во овие два изминати денови и на предлогот на текстот на Резолуцијата, кој ни беше доставен од Владата на Република Македонија направи некои модификации, скратувања и допрецизирања на текстот, така што добивме еден текст кој во име на сите пратеници и членови на Комисијата за надворешна политика можам да заклучам дека консензуално се усвои како таков текст.

Несомнено, тука на говорницата треба да кажеме, заради јавноста, дека трите основни работи се консензуално договорени.

Прво, тоа е поздравување на Пактот, сега само ја повторуваме нашата определба.

Второ, фактот дека сите бевме за тоа да се донесе Резолуција за односот и улогата на РМ, виза ви Пактот за стабилност и асоцирање.

И трето, дека содржината на финалната, условно би ја нарекол верзија на текстот, која Владата ја прифати после овие работи на работната група на заедничката седница на двете комисии и на Комисијата за европска и евроатланска интеграција, исто така консензуално е договорена.

Која е разликата во текстот? Разликата во однос на она што го предложи Владата беше да се додаде во преамбулата, освен она што е битно, а тоа е повикување на уставните определби и членот 68 став 2 од Уставот, кој ни дава за право да донесеме еден ваков акт, исто така е спомната и одлуката на ова Собрание, ми се чини од 1993 година, за пристапување кон НАТО и исто така Декларацијата, донесена во ова Собрание во април 1998 година, за односот односно развојот на односите со Европската Унија. Меѓутоа, во Декларацијата имаше доста ставови кои беа внесени во Предлогот на текстот на Резолуцијата доставен од Владата, така што на тој начин се доби еден по конзистентен текс, се исфрлија тие ставови и сметам дека она што се направи е еден одличен текст на Резолуцијата.

Тука провејуваше, не само денес во дискусијата, туку и во дискусиите на заедничката седница на комисиите, дилема дали да се вика декларација или резолуција овој документ. Не би ја објаснувал посебно разликата меѓу тие работи, меѓутоа и во претходните дискусии се залагаме за некои насоки кои треба да ги имаат сите пратенички групи и сите пратеници во овој Парламент, кои треба да не доближат до некои стандарди кои владеат во Европската Унија. Тие стандарди ние да ги имавме немаше да бидеме во оваа фаза, туку ќе си бевме членка на Европската Унија.

Значи, несомнено во многу полиња што ги спомнаа претходните дискутанти, без оглед дали се работи за развојот на демократијата, човечките права, спроведување на правото, хармонизација на легислативата на Република Македонија со Европската Унија, стабилноста на земјата и т.н., на сите тие полиња треба доста да направиме за да достигнеме ниво на стандарди, кои се очекуваат од нас за да пристапиме во Европската Унија.

И конечно, уште еден елемент, кој секако го земавме предвид во работата на овие комисии, тоа е текстот на Предлогот на резолуцијата беше изготвен во декември, а потоа дојде одлуката на Европската комисија, каде веќе е закажан рокот за отпочнување преговори со Република Македонија за стабилизација и асоцијација.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:** (Продолжение)

Јас би се осврнал на едно мое мислење во однос на дискусиите околу темите и тезите Западен Балкан, Пактот за стабилност, Југоисточна Европа, Регионализација, а во одреден контекст и на кој начин ние треба и што треба да ставиме во фокусот на нашите активности во тој

поглед.

Во 1997 година е направена Агенда 2000. Република Македонија не влезе во Агендата 2000. Меѓутоа, Република Македонија направи во изминативе пар години, а особено позитивен објект имаше однесувањето за време на Косовската криза, направи позитивни работи и сега да го погледнеме тој проблем од еден друг аспект. Европската Унија бара форми како сега Македонија да ја постави на повисоко ниво. Не е влезена во Агендата 2000 и ја менува формата и вели, не е тоа договор за асоцијација, туку е Договор за стабилизација и асоцијација. Може и така да се посматраат тие работи, за кои што очигледно една добра волја од Европската Унија да излезе во пресрет и да отвори врата дали имаме клучеви, или немаме клучеви, каква е вратата, не би навлегувал во тоа, меѓутоа едноставно ни се дава шанса, онаа крајна визија која што мислам многу пати во овој Парламент сите пратенички групи, сите политички провиниенции се изјаснија дека нашата стратешка цел е Европската Унија и НАТО.

По Предлог - резолуцијата од Владата, имаше еден став во кој исто така, се потенцира валоризација на индивидуалниот развој, односно треба да се третира индивидуалниот развој на сите овие подигања на стандардите во сите овие сфери што ги спомнав.

Меѓутоа, знаејќи го и чувствувајќи го ова како една болна точка за Македонија, со оглед на сите оние регионализации, уште еднаш Комисијата сакаше да го потенцира, да го извлече во посебен став, јас сега не сакам да полемизирам со Пратеничката група на СДСМ, туку беше едноставно од сите прифатено како потенцирање на нашиот став дека, треба индивидуалниот аспект да се земе и постојано да се повторува, виза ви европските институции.

Што се однесува до дилемата декларација, резолуција, уште еднаш ќе спомнам резолуција е многу појака работа, затоа што дава насоки. Мене ми е особено драго да се формира Комисија за европски и евроатлански интеграции, бидејќи досега овој Парламент, незнам дали го делиме сите истото мислење, сите делегации во меѓународни организации си работат без некоја координација, без одредена стратегија која што овој Парламент требаше да ја има и да ги насочува за сите оние национални и државни интереси, кои што еве и некои дискутанти пред мене ги спомнуваа.

Со една ваква комисија која што е составена од шефови на делегации од сите меѓународни организации на овој Парламент и претседателот и потпретседателите и координаторите на пратеничките групи, подразбира еден огромен чекор за вакви национални прашања да се има еден консензус и никакви разлики во однос на настапот на тие делегации на меѓународен план.

На крајот би апелирал до сите пратеници, со оглед на консензусот по основ на ова прашање дека е особено значаен овој документ за нас и како Собрание и како Република Македонија, со акламација да ја прифатиме Предлог -резолуцијата и да ја изгласаме во ова Собрание. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Раде Карангелески.

Има збор господинот пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Драги колеги, кога текстот се усогласи за Резолуцијата, сметам дека навистина станува збор, за луѓе кои разумно пристапиле кон еден заеднички интерес и дека како такви се претставиле на организацијата каде што сакаме да членуваме и каква ќе биде нашата улога во Пактот за стабилност.

Меѓутоа, најмалку очекував некој да се појави на оваа говорница и да тврди оти овој текст не бил на Владата, туку бил наш на пратениците и слично, од тоа да реди и да создава бајки овде како некој бил снажен во однос на вториот учесник во оваа дебата.

Колеги пратеници, сите предлози што ги носат овластените предлагачи пред ова Собрание подлежат на оценка, а во истите се интервенира со подобрување на текст или со амандмани. Владата ни предложи еден текст, каков е таков е по наш урнек и по наше наоѓање оценивме дека тој текст во таква форма не ќе биде желба на ова Собрание и предложивме преку нашите две комисии, кои заседаваа на заедничка седница, тој текст да се подобри и Владата да го прифати.

Не ми е јасно зошто сега одеднаш се јавуваат овдека и тврдат тоа е наш текст, не е ни на Влада, туку наш текст е. Па ние чии сме овдека. Значи, поведени по сопствената идеја за се да најдат недостаток, е ова е арно, кај нас правниците викаат се право на врв криво. И, овие велат ние направивме заеднички текст, ама сега наш е текстот не е

на Владата.

Господа, текстот ќе отиде не по предлог на овој или оној, како Резолуција по право Декларација на ова Собрание. Барем тука да имаме разбирање и да останеме законодавен дом, ние одобруваме проекти било од која форма да е. А, текстот штом ќе го уважиме е на Собранието, а не на предлагачот.

Вториот дел кога со говореше зошто сме надминале една односно напуштиле една форма на пристап кон ова Европска заедница, сме паднале на пониско ниво од постојното, па сега ги набројува, Бугарија Романија и веднаш се било добро, само проблемот е организираниот криминал и корупцијата.

Кога порано се говореше дека тој постои, се тврдеше дека нема. Сега одеднаш се говори за организиран криминал. Ако говориме за организација, тогаш, навистина и ќе треба најмалку од другите елементи, да биде застапено и времето. Не може некој криминал да се организира, ако веќе немал корења и ако не бил организиран. Зарем може некој да говори за неорганизиран криминал и последица на оваа Влада, да го организира кога, господа тврдам одговорно од оваа говорница против Соња Николовска, барањето за спроведување на истрага стои на едно парче хартија, да не кажам четвртина од овој лист, текстот е по сознание дека во таа штедилница нешто недостасува.

На крајот, господинот Бранко Црвенковски од оваа говорница да признае оти недостасуваат 200 милиони марки. Дали сега ќе говориме овој организиран криминал сега се јавил, па е тоа причината за стагнација или тој постоел, па сега да побараме заеднички кога Резолуцијата е наша, да бараме заедничко решение на тоа зло. Меѓутоа, што бива? Денеска веднаш се појавуваат други форми на така наречен интерес криминал. Во што се состои тој интерес криминал? Ние имаме еден настан каде се напаѓаат органите на безбедноста, на органите на државата. Имаме убиени тројца полицајци па сакам да чујам било кој од вас да ми даде пример, во која држава ќе се застане на страна на криминалците. Наместо да се бара до каде да помогнеме на органите на прогонот, да се најдат убијците, да се реши прашањето ако е последица на организираниот криминал, што водат досегашните прибрани податоци, на продажба на оружје и слично на тоа, да го сузбиеме, господата одредени наши колеги овде наместо во полиција и други органи, одат во телевизија, одат во некои дневни листови да кажуваат дека правната држава не постои. Па, ако тие таму отишле и бараат непостоење на правната држава, а тие ја претставуваат, прашувам кој треба да одговара. И, ако смалуваме вредност на државата како држава, тогаш да ја бараме причината во што се состои за тоа. Што е причината за таа работа? А, не, нека ми опрости само го нема еден од говорниците да кажува моја претпоставка, врз основа на податоци такви и такви трошоци ќе направи заедницата за развој на овој дел од Балканот.

Господа, кога реков на овој дел од Балканот зарем не се запрашаме кој е виновен што ние живееме на Балканот. Никој, тука сме се родиле, живееме на тој простор. Меѓутоа, ние ги создаваме условите, начин на живеење на овој Балкан.

Да се вратам на зборовите на еден од дискутантите овдека, кој се врати назад за древна Елада, за Римскиот дел и за појава на христијанството да не обединува. Дали овдека ние ќе бараме решение за наше опстанување. Сите овие три елементи, колегата што ги спомена се основ за развој се основ за добар живот, се основ за напредување. Оттука, тргнува културата, тука дошло правото, тука дошол духовниот дел, А замислете, ние тука се дошло, а ние сме најнакрај, најдоле. Зошто? Затоа што не сакаме правна држава. Ги штитиме интересите. Кои интереси? Добро е кога би биле логични, ама нелогичен интерес по секоја цена да сакаш да се вратиш на власт, ако си го изгубил, па да говориш дека таа правна држава не постои оти лошо се гласало, господа ние во 1994 година паднавме што нашиот претседателски кандидат господин Љубиша Георгиевски на еден слоган дека "орлите имаат нокти, ќе изгубиме, затоа што ќе и се отсечат ноктите на тој орел". Меѓутоа, сега што имаме кандидат кој говореше дека на тие и тие гласовите не му требаат. Па, кој создава, дали ноктите или не требање на некој глас, ксенофобијата каде се јавува?

Ние мораме да сфатиме дека ние сме виновници за таа работа, а не друг. И, сега, одеднаш некој се дрзна овдека да каже, е Врховниот суд на Република Македонија ги поништи резултатите во вториот круг. Јас викам да, ги поништи, јас судиите и пред ова кажав дека не ги критикувам, нивната одлука може да стане предмет на оценка. А, предмет на оценка дека направиле грешка, дека тоа го злоупотребиле само затоа што се должници на некои кои биле на власт, е

третиот круг. Истите работи се повторија. Значи, дека гласале луѓе кои сакале така да гласаат.

Сега се прашуваме, кој да се срами, дали тие што гласале или тие што поништиле легални избори. Не е проблемот за мислење на изборите, проблемот е што сега тој факт се појавува овдека пред нас и вика ние не сме готови како држава и ни падна рејтингот. Дали некој сакаше тоа да го направи. Нека му е алал, ама изборите ги изгуби. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Томислав Стојановски за учество во расправата.

Збор има господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, сакам да бидам многу пократок од другите колеги, меѓутоа сакам нешто да кажам во интерес на оваа резолуција.

Моите очекувања се изненадени, бидејќи очекував дека оваа резолуција нема да побуди ваков интерес на вака дијаметрални размислувања спротивставени, бидејќи оваа резолуција требаше да покаже еден заеднички договор, не само на македонскиот Парламент, туку преку него е прекршена волјата и желбата на целиот Македонски народ и граѓаните на Република Македонија, преточени за тоа дека ние се приклучуваме кон тој Пакт за стабилност и кон Европската заедница, кон Европската Унија. Тоа мислам и дека Карангелески го кажа и требаше на некој начин со мала расправа оваа резолуција да ја прифатиме со акламација. Тоа и го очекував. Меѓутоа, ние и во самите комисии кога се расправавме околу насловот, околу текстот и т.н., доаѓаа до израз истите проблеми. Мислам дека не е добро за другата јавност, која е надвор од Република Македонија, која не следи во секој поглед, ние да изнесуваме некои ставови, кои се надвор од нивните заложби или интереси, како поголеми клучни интереси на тие земји овде за Балканот и за Југоисточна Европа.

Чинам дека ако се вратиме наназад ние имавме многу поволни моменти, поволни мигови за Република Македонија, дури и од одредени комисии позитивни оценки и проценки и ни даваа за право да направиме некои чекори напред, но се случи тоа што се случи. Земете ја само за пример Бадентеровата комисија за пример. На кое место се наоѓавме ние, на кое место се наоѓаше Словенија. Каде е Словенија сега, а каде сме ние. Направите една анализа, направите една споредба и се ќе ви биде јасно. И ние не треба секогаш да патиме од некои комплекси дека, се се врти околу Македонија на Балканот и мислиме дека цел свет размислува само за Македонија, а не размислува за сопствените интереси, да речеме една Германија, една Англија, Франција или САД. Ние не сме таков моќен меѓународен фактор да наложиме одреден статус на Република Македонија, ниту имаме таква моќна дипломатија, ниту имаме такво моќно лоби да лобираме таму каде што лобираат другите земји за одредени прашања и да можат да се протнат во тие економско политички цели што ги има големиот свет.

Сакам да кажам дека ние треба да бидеме многу по мудри, многу по паметни, за да можеме нивните големи интереси да ги сведеме на наш интерес и ние како иглен врв да се протнеме, за да си ги оствариме нашите цели. Инаку, ние не можеме да диктираме, да речеме, темпо или да диктираме одредена стратегија, како што е една Бугарија, која што е далеку постара држава, да речеме, како една Полска, која е поголема и помоќна држава, плус тоа и со католицизмот.

Значи, ние треба да се приземјиме и да сфатиме дека одредени работи ни се случуваа, заради тоа што тие имаа друга стратегија овде за Балканот и ние мораме да се прилагодиме кон нив, а не тие кон нас. Инаку, јас би имал голема желба кога наеднаш би не примиле уште пред Словенија и другите земји од Источниот блок, да не примат во Европската Унија. Но, тоа е само наша желба, не е и наша стварност. Ние се наоѓаме на едно гео стратешко подрачје, кое од памтивек, ако се вратиме наназад, систематски е кроено и прекројувано. Не е тоа заради наша желба, тоа е заради нивна желба и заради нивни интереси. Земете го Јадранскиот слив, Егејскиот слив, Црноморскиот слив, господо, тоа се интереси, кои наназад ако се вратите во историјата, се повторуваат. Македонија не случајно во 1913 година е делена и кој ја делеше. Не сакам сега да држам предавање од историја и на таа тема можеме да разговараме колку сакате, дури и за Античка Македонија, меѓутоа, тоа не е место сега и простор за такви работи.

Сакам да кажам дека со оваа резолуција ние ја изразуваме нашата општа желба, определба, цврста волја дека ние сакаме да се вклучиме во таа стратегија со Пактот за стабилност и да се приклучиме кон

Европската Унија. Другото е се умешност на нашата дипломатија, на нашата реторика, на нашето лобирање, на нашето ангажирање, на квалитетни луѓе што треба да се вклучат за што побрзо асоцирање кон Европската Унија и кон овој Пакт за стабилност.

Инаку, ние не сме фактор и да им кажеме дека, нас ни требаат толку пари да се влеат или ние сме подобри од Албанија. Факт е дека сме подобри од Албанија, во секој поглед и како држава организирани и т.н., но и тие не сврстуваат во тој дел во таа нивна стратегија и ние мораме со сите средства, со сите сили, со целиот македонски потенцијал да се приклучиме кон тоа.

Мислам дека, умешноста секогаш е во луѓето. И, луѓето го имаат клучот, а не вратите. Врати може да има сто, меѓутоа ако немате очи, ниедна нема да погодите. Ние за се треба да имаме и очи и слух и да ги чувствуваме работите и да се провираме таму каде што нашиот интерес е најголем и најбитен. Друго се е празна фаза. Можете да земете и разни анализи од други помоќни земји, да видите за колку години 50 или 100 имаат направено план за Балканот, имаат план за Кавказот, имаат план за Источна Европа.

Сакам да кажам да не излегуваме од таквите теми. Таа сосема за сите е прикладна и по релаксирано треба да разговараме пред сите оние што не следат, меѓународни фактори, европски партнери и т.н. Заради овој Пакт за стабилност тоа треба ние навистина, консензуално да го прикажеме и само така е добро да настапуваме. За вакви работи од заеднички интерес во Парламентот секогаш треба копјата да ги скршиме во Комисиите, а овде да излегуваме единствени.

Друго прашање, ние може да поставиме тема за внатрешната и надворешната политика на Македонија во дадениот актуелен миг и можеме да се испукаме овде три четири дена и тогаш да кажуваме што се ни лежи на срце, кај греши оваа Влада, кај грешела другата Влада. Но, овие работи се многу битни. Заедништвото прави све. Неслогата, ништо.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги.

Внимателно го прочитав текстот на предложената Резолуција и го прифаќам. Мислам дека нема да има проблем текстот да се усвои едногласно.

Затоа мислам дека, е сосема непотребна дилемата дали овој текст е на Владата, на овој дел од пратениците или на оној дел од пратениците. Мислам дека, овој текст својата вредност ќе ја има по тоа што е и на Владата и на сите пратеници. Ако оставиме впечаток дека Владата е недорасната за погледите кои се во овој текст, ама ние сме ја надгласале, ние како држава имаме слаба позиција. А ако, исто така Владата ни се наметнала, а ние сме послушни и неотпорни и сме го прифатиле тој текст, исто така ќе се смета дека имаме слаба позиција. Вакивите текстови, вакивите документи кои треба да ја одразат решителноста на државата, на оваа земја, да следи еден курс кој подолго ќе биде потребно упорно да се следи. Без оглед на тоа какви резултати на поедини избори ќе има, на локални, на претседателски, на парламентарни и т.н., многу е важно многу е важно во моментот на донесувањето, зад него да стоиме сите релевантни фактори, кои за градење на вакви ставови според Уставот се надлежни.

Важно е да ја донесеме оваа Резолуција, меѓутоа, пратеничката Митрева спомна дека јас покренав иницијатива во месец јуни и мојата идеја беше поширока, а еден ваков документ беше замислен да биде само дел од таа идеја.

Овој документ ваков каков што го имаме ние сега, ја одразува нашата просветеност т.е., дека на нас сега ни е многу јасно колку е важно сите ние заедно да изградиме единствен став по нашиот однос и активностите што државата ги има во Пактот за стабилност, ние кои учествуваме во таа работа.

Меѓутоа, морам да ви кажам дека во јавноста, во нашата јавност, во Македонија од различни причини има големи забуни. Не сме се погрижиле ние сите овде да објасниме што претставува Пактот за стабилност, што навистина претставува тој Пакт за стабилност.

Јас нешто почнав да зборувам за тие наши европски ориентации по усилено и по загрижено некаде на почетокот на 1996 година и едно силно новинарско перо, приватно во средба ни одговори, кога прашав, а зошто за тоа воопшто не пишувате? На кого овде, вели, му е гајле за Европа. Јас, се разбира бев фрапиран како тоа, така угледен јавен деец да нема чувство дека ние не можеме да излеземе од оваа

криза ако не се приближиме кон Европа и еден ден ако влеземе во Европа, дека на нас ни е грижа кон одењето во Европа, а не на Европа за нас.

Овој Пакт за стабилност е втор проект во уредувањето на европскиот простор на принципот на проширување на ЕУ. Првиот беше воспоставувањето на така наречената вишеградска група, каде беше применет и беше доволен принципот на слободна трговија. Таму ги оспособија економиите, таму на таа основа. Меѓутоа, овие земји што спаѓаме сега во овој регион на Европа, се уште не сме оспособени да можеме да се приближиме и да пристапиме кон Европа. Ова сега не е приближување кон Европа, ние статусно не сме се приближиле кон Европа, ако пристапиме кон овој Пакт. Овој Пакт не оспособува да се создадат овде стабилни услови, кои ќе ни овозможат да се приближиме кон Европа.

Во економскиот дел Пактот има за сега декларирано две полиња на активности. Едното е дека ЕУ ќе направи физибилити студија и ќе излезе со проект како ќе биде она активна. Она тоа го направи и го декларира проектот на т.н. Западен Балкан, не е ништо друго туку официјализирање и избирање име на оној регионален пристап кон оние земји, кои во 1996 година во март таа ги декларира. Нив ги одвои за идниот регион - Западен Балкан. Останатите ги стави во Агендата 2000 и веќе во 1997 година ја декларира Агендата. Според тоа, две полиња се на активност.

Другото поле е полето на проекти кои ќе ги поврзуваат разни земји од заеднички интерес и за кои ќе биде применет тој принцип на тие донаторски конференции. Овој вториот принцип, вториот начин на активност, не сум многу убеден дека некои големи резултати ќе даде. Но, за сферата на економијата, сигурно е многу важно како ќе си го уредиме статусот со ЕУ. Во рамките на тој концепт за Западен Балкан, на Македонија сега и е понуден договор, спогодба за стабилност и асоцијација. Околу таа спогодба сега има доста недоразбирања и неразбирања. За неа се уште не сме почнале сериозно да размислуваме и да разговараме што таа навистина значи и што таа бара од нас. За неа се даваат сега две генерални оценки кои се спротивставени. Една генерална оценка е дека со тоа веќе сме излегле од зоната на кризата, ни се отворија вратите во Европа и водата ни е до колена и натаму немаме голем проблем.

Втората генерална оценка е дека, со тоа што е така предложен односно даден тој предлог, Република Македонија ги изгубува шансите брзо да се приближи кон Европа и дека тоа е резултат на лошата работа на новата власт. Се разбира тие две оценки се изнудени, двете оценки се преусипени. Работите стојат нешто поинаку и ние треба реално да ги гледаме. На Македонија и беше понуден во почетокот на 1996 година, концепт на договор од Медитерански тип. Тоа е преференцијална спогодба од медитерански тип, која вклучува финансиска соработка и воопшто соработка на политички план. Тогаш ЕУ уште не можеше да планира што ќе прави со Хрватска, не можеше да планира што ќе прави со Босна, па дури и со Албанија. Во Албанија беа отворени побуни. Затоа, на Македонија и го понуди тој концепт, кој е ист концепт како модел со оној што Југославија го имаше во 1980 година, стара Југославија.

На Словенија и понуди европски договор и на основа на тој европски договор асоцијативен европски договор, кој се разликува од асоцијативниот договор на Малта, на Турција на Кипар, кои се постари, Словенија е ставена во Агендата.

Според тоа, тоа е и нашата прва спогодба. Не третираше како земја која во сферата на стабилноста е оставена на себе и како ќе ги совладува проблемите нека ги совладува, но проблемите се евидентираат и се набљудуваат и сега и се нуди нова спогодба која опфаќа цел процес на стабилизација и градење на стабилност на оваа држава, исто така за асоцијација, по моето длабоко убедување, толку колку што ги знам сега директивите тоа ќе биде фазно. Всушност асоцијацијата ќе дојде веројатно при крајот на десет те години од овој период во кој ќе важи и ќе се спроведува оваа спогодба, а притоа, ако ги оствуруваме сите оние обврски кои во тој договор и ќе ги преземеме.

Тоа што се навестува мониторинг - мисија овде, тоа се оценува како да е некој лош знак, ние сме сосема застраниле па дошле да не набљудуваат. Всушност воспоставувањето на мониторинг – мисијата е степен на повисок интерес на ЕУ, овде непосредно да надгледува како ќе тече процесот на стабилизација во која ќе вложува пари. Не само пари туку и политички углед ќе заложи да се стабилизира оваа земја. Тоа ние не смееме да го сфаќаме како навреда, туку треба да го примиме како факт, а да изградиме наш однос што треба да се направи за да се види навистина тоа овде како е и од овде низ мониторинг мисијата да

праќа поволни за нас извештаи.

По мое мислење, пред да се согласиме ние за тоа, треба да се согласиме околу нешто друго. Сите политички партии, по мое мислење треба отворено да кажат дека не можеме да го решиме проблемот на вработувањето туку, ќе се влошува. Не можеме да го решиме проблемот на платите, на потребите во образованието во здравството на пензиите и т.н., ако не го следиме овој курс за приближување кон Европа. Лажат тие што мислат или знаат ама нарочито лажат, или пак не знаат, што мислат дека ние вака како што сме на овој степен затворени и одвоени, можеме тие прашања сами да ги решаваме.

Што се однесува до Пактот за стабилност и условите кои во оваа спогодба нам ќе ни бидат поставени, не се за нас толку непознати, колку што нам ни недостига по мое мислење и доволно храброст и доволно мудрост да им погледнеме во очи и по нив да заземеме јасен став, без оглед дали по одредени прашања некој ќе изгуби на рејтингот, бидејќи другата линија е популизам, другата линија е залажување на јавноста, мобилизација едни против други, овој нечини, јас сум добар, тука ќе се соберат утре ќе се сменат, тој не им чини па оној другиот е добар и т.н., она што во траги не го признава и прима Европа. Гледате ли вие популизмот со кој се послужи Хајдер во Австрија, на каква реакција сега наидува кога сака да се преточи во политичка власт, во политичка сила и т.н. Уште ништо не направил Хајдер, ама не му даваат да припари таму. Навестија дека ќе го суспендираат членството таму, дека ќе ги прекинат дипломатските односи и т.н. Ајде ние да не се поведуваме по Хајдер, па да пробаме што Хајдер го правел тоа овде, бидејќи е крајно опасно за нас. Јас само зборувам за тоа што сум длабоко убеден. Ако некој мисли да го оспори, нека дојде овде да си каже дека, ќе го оспори и нека наведе аргументи. Јас ова го знам и за тоа сум убеден, а знам дека голем дел и од вас ?о знаат и ве повикувам да го потврдите, а не со тоа да спорите, бидејќи понекогаш е популарно со тоа да се спори и се добиваат гласови. Меѓутоа, се штети на државата на народот и на граѓаните. Затоа го кажувам ова.

Она што сега го кажувам, ќе ми простите ако кажам јас и во предизборната кампања на претседателските избори настојував овој пат да го следам и затоа велев дека во Македонија треба да си воведеме ред, па институциите да си дејствуваат во уставните рамки. Ние мораме да заземеме јасен став и никој, ни од Влада, ни од нигде да не го менува, дека цврсто стоиме за не менување на државните граници. Замислете, ако ние како држава сме колебливи по прашањето на не променливост на границите, верувајте сите во Европа ќе не сметаат како фактор кој ги растура односите во регионот. Тие не се сигурни уште и по прашањето на непроменливост на границите, без оглед колку по тоа прашање можеби на некоја сила во даден момент ќе и погодуваме, ако тука се јавиме колебливи.

Но, тоа како држава ние треба да го заземеме и сите политички сили цврсто да застанат зад тоа дека, во регионот не прифаќаат и дека не поддржуваат промена на границите.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Потоа, едно големо прашање кое ги оптоварува нашите општи позиции и можноста да напредуваме кон Европа е прашањето, и тоа во овие преговори со Европа ќе гледа да се стабилизира и да се среди, за кое зборуваше овде и г-динот Ризван Сулејмани. Во неговото излагање јас видов две линии.

Една каде зборуваше за тоа дека видел некои статистички податоци за работните места и е фрапиран од тоа колку малку Албанци има, а потоа веднаш зборува за историската улога на Албанците и за тоа дека не прифаќаат они малцински статус. Јас морам да Ви кажам дека, се тоа две линии. Една е процесот на интеграција на припадниците на малцинствата во целото општество во Македонија и таа ќе јакне и јакне во Македонија, а друга е противењето да се прифати малцински статус. Противењето да се прифати малцински статус, значи загрозување и доведување во прашање на уставното уредување на државата. Тоа е основното прашање. Верувајте додека тоа не си го решиме и додека не се најде солуција вистински да го решиме јас мислам дека сега недостасуваат храбри, мудри, решителни лидери кај нашите албански колеги од албанската националност, кај нас кои треба да го прифатат малцинскиот статус, да застанат зад тоа, да го прифатат унитарниот карактер на земјата и да го забрзат процесот да се отстрани недовербата за некои други планови и да се забрза процесот на интеграција и учеството на Албанците во сите сфери на животот.

Натаму е проблемот на демократските институции. Верувајте ние

имавме тешкотии со претседателските избори. Имаше и неправилности, имаше и фалсификати, но имаме и институции кои постапија по претседателските избори. И имаме резултат на претседателските избори. Во Европа ние тешко ќе можеме тешко да објасниме ако големи политички партии во Парламентот не признаваат одлука на ДИК, не признаваат избран претседател. Тоа непризнавање на демократските институции кои постојат, со Устав се воспоставени, тоа е несигурност во постојната институционална демократска структура. Доведување во прашање на таа структура. Тоа е огромна штета на државата која и се прави. Причини може да има. Секогаш може да се образложуваат и најдат, меѓутоа тоа е штета за државата. Факт е тоа.

Кога зборуваме со кои задачи ние ќе се сретнеме со Европската Унија, кои мораме да ги решиме за да ни се подобри животот и позицијата. Тука е секако и организираниот криминал. Едноставно никој не сака да му се приближи некоја земја каде има организиран криминал, кој може лом да направи и таму. Ќе го заострат визниот режим, ќе го заострат пасошкиот режим, воопшто приодот ќе го заострат.

Затоа, ние мораме како држава сите да сфатиме дека, опасноста од мафијашко работење и мафијашење, опасноста од тоа мафијата да ги земе работите во свои раце во државата, е опасност која може да го доведе во прашање опстанокот на државата. Ние сме мала земја, мафиите се посебно организирани и поврзани, дури нема ни да сфатиме која и чија мафија туриле рака на оваа држава, ако дозволиме тоа да се прошири. Затоа оваа решеност во Арачиново што ја покажаа органите за внатрешни работи, ние треба да ја поддржиме, треба зад полицијата да се застане, како институција која се судрила со некои пипци на мафијата. Тоа да не се политизира и да не одиме во тоа ако заземеме ваков став колку ќе придобиеме од овие гласачи, а ако заземеме таков став колку од кои други ќе придобиеме. Ако ја оставиме полицијата во таков тежок судар, она како институција ќе биде слаба ако не стоиме ние зад неа. Како институција која го чува редот овде. Тоа ќе биде многу опасно. Ќе се охрабрат сите тие подземни мафијашки луѓе и т.н.

Она што во сферата на економијата непосредно Европската Унија и го димензионира на десет години, тоа е степенот на невработеноста кај нас, кој не може туку така да се реши, ниската производна сила на македонското стопанство и дебалансот во плаќањето со странство кој го имаме, кој често пати, три пати, можеби четврти пат ќе треба да го решаваме со донаторска конференција.

Потоа, финансиската инсуфициенција на целиот организам овде. Тоа претпоставува дека нам ни е потребна вистинска правна држава и вистински врски со Европа, за да може постепено да оживува стопанскиот организам. Меѓутоа, европјаните многу внимателно гледаат воопшто колку сме ние сериозни. Јас морам да Ви кажам, ако ние сакаме да се приближиме кон Европа, треба да ја следиме и нивната надворешна политика. Од каде ни нас идеја да го признаваме Тајван. Знаеме дека тие имаат изграден однос со Тајван. Тајван за нив е трговски партнер, не е страна со која има дипломатски односи.

Затоа, една од првите задачи е Владата со Тајван да ги среди односите на трговско претставништво и да ги откаже дипломатските односи.

Она што е потребно сега во Македонија откако ќе се донесе оваа резолуција и ќе се декларираат овие наши силни желби да одиме во Европа, ако сме сите навистина цврсто решени и ако сакаме на сопствените граѓани и народот да му помогнеме тогаш треба покрај оваа подготовка која ја водат Владата, потоа комисиите во Собранието за особено тешки важни деликатни прашања да се направи една листа од страна на претседателот на Републиката и тој да почне една активност со парламентарните политички партии и да гради, постепено да се гради пат како тие поединечни прашања да се решат. Тоа ни е нас неопходно. Тоа треба да биде паралелно со она што Владата го прави, паралелно со тоа што ние овде ќе расправаме. Затоа мислам дека, е потребно овој Парламент од денес да сметаме дека се створила атмосфера и за таква активност, бидејќи ако тие работи не ги работиме и ако не се готвиме како ќе излеземе од оваа ситуација, нас оваа криза сега што ја имаме нема да ни биде трајна судбина. Таа ќе се влоши и уште полошо ќе живееме. Но, ако успееме овие прашања да ги решаваме, многу се тешки, за нив се потребни храбри одлуки, некогаш личен ризик е потребен, но ако ги решаваме тие прашања ќе почнат овде навистина да приоѓаат инвеститори, ќе почне овде да тече европски капитал, од овде ќе се ослободат стегите на Европската Унија и стегите ќе може да се ослободат на ЕУ и препреките. Ќе може да се извезува таму, ќе почне да се зголемува бројот на невработените, ќе се

отворат перспективи на младите и ние како политички одговорни луѓе ќе си заслужиме почит и заради храброста што ќе ја покажеме и заради нашата далекогледост точно што треба да направиме и како да го направиме и заради тоа што сме го почувствувале времето и што сме нашле сили да излеземе во пресрет на барањата на граѓаните.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Стојан Андов.

Збор има г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, ја поздравувам резолуцијата како уште еден член на вклучување на Република Македонија во Европската Унија.

Заради информација на јавноста како пратеник на повеќе мандатно искуство, морам да нагласам дека овие процеси РМ ги има започнато пред повеќе години и дека овој акт сигурно дека е резултат на изминатата активност и на Владата и на Парламентот на РМ.

Повод за моето јавување е делот под овој документ што се однесува за заложбата на овој регион да не се гледа на извор на конфликти и дека стабилност и безбедноста на РМ се клучен фактор за сите региони.

Во контекст на ова, не може а да не се запрашаме каде се вклопува нашата реалност во декларативните оценки на истакнување на условите во нашата држава, соодветни на стандардите што ги поставуваат Европските асоцијации.

Да започнеме најнапред од информирањето.

Не спорен е фактот дека партизацијата на медиумите ги сруши елементарните кодекси на новинарството за отворено, објективно и навремено информирање на јавноста. Во прилог на ова да се послужам со изјавата на еден писател, кој што оправдано се прашува: “Во што е разликата на довчерашните малубројни медиуми, кои им служеа на славо комунистите" за најдрско да се поигруваат и навредуваат чувствата на овдешните Албанци, во однос на тоа што денес во некои медиуми на албански јазик го прават "Тачо ленинистите", доставувајќи им строго дефинирани листи на имиња што не смеат да се спомнат во медиумите. Ова подеднакво се однесува и на медиумите на македонски јазик што ги контролира владеачката коалиција, кои од јавни сервиси за информирање се претворени во дневно партиски билтен, што не се практикува во Европа, каде што слободата на информирањето е еден од индикаторите за степенот на демократизација на едната држава.

Втор момент би бил толку слушаниот термин релаксирани меѓуетнички односи. И колку повеќе се релаксираме толку повеќе се одалечуваме, барајќи виновници на едната или на другата страна. Во овој контекст се и најновите немили настани во с. Арачиново, во кои виновниците веднаш се лоцираат, пред да имаат адути и тоа се знае дежурни кривци Албанци, а од нашите медиуми отсуствуваат информации за текот и резултатите на истрагите, што дава можност за шпекулации и етикетирање.

Трето, рејтингот на Република Македонија на меѓународен план, особено се подига од страна на актуелната власт и со чекорите за обезбедување на високо образование на албански наставен јазик. Што во практиката се случува? До овој момент нема повратен показател за изнаоѓање решение за институционализација на овој проблем. Ова прашање не треба да ни служи како реклама пред Меѓународната заедница. Ова прашање е наше и ние самите треба да си го решиме.

Слушам дека е формирана некаква група во рамките на МАНУ околу ова прашање. Не е ли задоцнето формирањето на ова тело токму во МАНУ, а особено токму на оваа работно тело, бидејќи во неговиот состав не гледам универзитетски професори, поранешни ректори на универзитети во Македонија, ниту еден педагог, ниту еден методичар, а да не спомнувам професори од Тетовскиот Универзитет, односно универзитетски професор Албанец.

И сакам да ми се објасни, со која цел се јавува токму сега МАНУ и да потсетам дека изминатите војни на овој простор почнаа токму од еден сличен потег од српската САНУ и од Француска 7 во Белград, можеби е една чиста коенциденција.

Четврто, би го напоменал и прашањето на компатибилноста на Република Македонија од безбедносен аспект, а гледано при призмата на шверцот со дрога, оружје, деривати и што уште не. Имам впечаток дека колку повеќе владеачката коалиција гласно се бори против криминалот и корупцијата толку по организирано учествуваат во него без никакви последици.

Бројката од 20.000 зависници од дрога г. пратеници не е мал број, со намера тој број да расте многу.

За илустрација направете само еден преглед на фактите, имињата и презимињата што се споменуваат во независниот печат. Оваа ситуација на отсуство на демантии, многу наликува на античката поговорка "Пред вистината и боговите молчат", што може да се подразбере или дека сето тоа е вистина, или дека се тие што го прават тоа се самите богови и затоа ќутат.

Господо од коалицијата ние сме да се поддржи оваа Резолуција за влез на Република Македонија во европските асоцијации, но дали европската асоцијација е многу далеку што нас не не гледа каде сме или тие гледаат и уште нешто што Република Македонија, тие услови макар минимално ги нема уште заправо исполнето.

За кратко време господо, станавме огромна архива.

Претходниот дискутант рече дека во Република Македонија нема ред, а јас би додал се додека немаме ред во Република Македонија, толку подалеку е Република Македонија од овие европски интеграции.

Јас би се задржал уште, на за почеток толку. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Сејфедин Харуни.

Збор има г. пратеник Бошков Јордан.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, со оглед на тоа што дебатата веќе се оддолжи повеќе од тоа што замислувавме, ќе се обидам да бидам сосема кус.

Најнапред, сакам да им се заблагодарам на колегите од различните комисии кои, навистина најдоа начин со големи усилби да се дојде до текст прифатлив за сите пратенички групи.

Резолуцијата се однесува на учеството на РМ во Пактот за Југоисточна Европа. Таа не е Пактот. Пактот за стабилност во Југоисточна Европа, познато е дека е инициран од Европската Унија, познато ни е дека е тоа сторено во периодот кога претседателствуваше Германија, познато ни е исто така дека тој Пакт не е доградендокрај, односно не е финализиран.

Но, нам исто така ни е познато дека во мозаикот на политиката широка, постојат различни регии со различен степен на ризик. Европската Унија, САД, ете и Јапонија, Русија, а и различните мултилатерални структури, вклучувајќи ги финансиските кругови, се презаситени од локализми.

Затоа, ова е обид она што било испуштено, по чија вина и да е, да се надомести и тоа за еден покус период. Оттука е таа програма преку Пак за стабилизација или Пак за стабилност на Југоисточна Европа, да се дојде до ситуации во тие држави што се сосема нормални или стандардни, на тој начин просторот да биде унифициран.

Овој простор, Југоисток, тој не е на крај на светот. На него се надоврзува и Источниот Медитеран, потоа следи Блискиот исток и т.н. Тие што мозаикот во големата политика го сложуваат, воделе сметка денеска, конфликтноста меѓу Република Турција и Република Грција па и по однос на Кипарското прашање, биде сведена на многу пониско ниво. Ние немаме сега такви жестоки расправи околу островите во Егејот, ние немаме летови на авиони борбени. Напротив, гледаме дека се отвораат комуникации меѓу тие две земји.

Ова е еден пандан, би кажал, кон пацифицирањето, кон помирувањето во Источниот Медитеран. Тоа што личеше дека нас ќе не зоврие и ќе не одведе дефинитивно во амбис, според мене тоа е надминато. Грижата ја поведоа одговорните фактори во политиката на светот.

Оттука, на овој Пакт за стабилност на Југоисточна Европа гледање сосема благонаклонето. Исто така, во текот на настанување на тој Пакт, се вметнаа поими како "Источен" или "Западен Балкан". Нормално, при овој процес има она што велат, некои удари назад. Повратни удари. Преку бирократијата се успеа да се направат конструкции, што ниту историски, ниту политички на некој начин се оправдани, па и претставниците од политиката самите не можат да кажат која е големата логика.

Но, едно ни е на сите нас јасно, тоа што се нарекува Источен Балкан, таму имаме преселби на народите, на луѓето под присила, таму имаме, поточно немаме економија, немаме трговија, таму има премногу злосторства, премногу зла крв. Тоа мора да биде наминато.

Оттука, договорите, всушност тоа се договори сепак за асоцирање, подоцна за зачленување во Европската Унија, што ќе бидат понудени на државите од т.н. Западен Балкан. Тие договори предвидуваат стабилизарање на државите преку ангажман на факторот ЕУ, Европска Унија. Убаво беше тука истакнато, тоа ќе беше нивен политички

влог. Или, нивното достоинство. Тие нема да седат со скрстени раце на дивеење на било какви криминални орди, било каде. Нека биде тоа некоја локација во Босна, нека биде тоа во Санџак, нека биде Косово, нека биде Македонија, нека биде Албанија, Хрватска. Не. дефинитивно е крај. Тоа се пораките од високите места на политиката. Нема веќе простор за некои свои ходови, за свои траектории во политиката. Тоа мора да се сфати.

Задоволни сме што Министерскиот совет се реши да и препорача на Европската комисија, поточно да ја задолжи да отпочне преговори за спогодба за асоцирање и стабилизирање во Македонија. Сметаме дека претставниците на РМ навистина стојат пред сериозни задачи, напорни, но и многу креативни. Тој период некои сакаат да прогнозираат дека ќе биде бесконечно долг, некои велат 10 години, јас сметам дека ќе биде доста покус. Едноставно, концентрираните интереси во компании, во банки, во финансиски институции, тие интереси и тие групи не можат да чекаат уште историцизми. А, точно е тоа дека на овие подрачја модерната цивилизација од овие подрачја ги влече своите корени. Еве, да стартуваме од Вавилон, од Северниот Исток наваму. Барем тоа што се учи, што се предава ширум светот, завршува негде тука до реката Инд. Да не зборуваме за старите корени од Европа.

Нашата поддршка за ангажманот е несомнена, нашата поддршка и за Резолуцијата е исто така несомнена.

Би завршил со тоа, со желбата за акламативно прифаќање виси кај многумина од нас. Но, добро би било ако може да преминеме на гласање. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратнеик Јордан Бошков.

За збор се Јави г. Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, дами и господа пратеници, без сомнение дека оваа Резолуција е значаен политички чин и мислам со должно внимание пратениците се однесуваат кон него.

Мислам дека, би било добро да имаме трпение сите да сеислушаме, бидејќи со оваа Резолуција практично за себе преземаме една огромна домашна задача. Едноставно, како највисок законодавен дом во државата се договараме како најодговорно да ја завршиме оваа задача, пред тоа ќе треба да се детектираат, да се лоцираат сите прашања, што ќе стојат како врска пред разните субјекти во РМ. Ова не е работа само на Владата, оваа не е работа само на власта, не е работа само на позицијата, во прашање е државата Република Македонија. Зад ова треба да, застанат граѓаните на Република Македонија. Ние како пратеници овде декларираме подготвеност на Собранието на РМ, да ги преземе овие обврски и задачи, се разбира, преку нас како претставници на граѓаните на РМ и сите граѓани. Реализацијата на овие задачи што сами си ги преземаме со оваа Резолуција, претпоставува и бара комплементарен ангажман на целокупниот креативен потенцијал во државата, од власта, опозицијата, Академијата на науките, невладините организации, па ако сакате и ангажирање на странски експерти, за прашања за кои што ние не сме подготвени тоа да го направиме.

Јас мислам дека, откако ќе ја донесеме оваа Резолуција, бидејќи нема сомнение, нема пратеничка група, нема пратеник кој не ја поддржува, барем јас не слушнав до сега и мислам дека сите пратеници ќе гласаат, Парламентот од утре треба да воспостави сосема нов однос кон сопствените задачи. Иако во Уставот пишува дека сме во постојано заседавање, овие задачи ќе ни наметната токму таква обврска. За многу кратко време мора да донесеме многу закони, што ќе го хармонизираат нашето законодавство со европското. Мислам дека, Владата тука не е во состојба сето тоа сама да го направи.

Јас сакам да предложам и оваа Комисија што е исклучиво собраниска, Комисијата за Евроатланска интеграција, непосредно да се ангажира околу предлагање на еден роковник, со динамика, со рокови, носители за обврските, за кои овој Парламент треба да биде на висина на задачите. И, немојте ве молам да бидеме некоректни кон оние пратеници кои, во овие моменти кога се договараме за нашата задача и кажуваат некои прашања што се и наши, меѓутоа се и како задача што ни е наметната од надвор.

Според тоа, Пактот за стабилност е, без сомнение шанса, некои го нарекоа овде "подотворање на вратата", други "прв чекор", "прво скалило", јас мислам дека е тоа шанса, ако не е можеби последна шанса на РМ да фати приклучок кон Евроатланските интеграции. Затоа што многу земји што беа зад нас по реформите на економскиот и политичкиот систем или честопати велевме за кои што бевме "американци", нашиот народ

често говореше за Бугарија и Романија "бевме американци", а сега сме зад нив. Се разбира, говорам во наводници.

Меѓутоа, нешто е и наша заслуга, меѓутоа ќе бидам слободен пред вас, ќе кажам и незаслужно Македонија се најде во ова друштво, кое што не и прилега. Затоа што објективно во сферата на реформите на економскиот и политичкиот систем, предњачиме многу пред тие кои отидоа пред нас. Меѓутоа, судбината била таа да се родиме и да живееме во овој регион, кој во историјата е познат само по многу негативни тенденции.

Ќе ве молам само за внимание, да ве потсетам на некои обврски што се од меѓународните институции, а се наметнати како наша домашна задача и до кои нема бегање:

Советот на Европа поднесе извештај до Парламентарното Собрание. Мониторинг комисија која што претседателските избори во РМ ги оцени како кревка демократија, односно нивото на македонската демократија ја оцени како кревка. Тоа стои во Извештајот на Европскиот совет, што е усвоен.

За комплетирање на демократската слика за Македонија, покрај другото, во тој Извештај стои дека партиите на власт користеле народни пари за изборите;

Сериозно е нарушена изборната регулатива;

Воделе деградирана медиумска кампања, тоа е согледување на странците, не е мое мислење, на опозицијата.

Значи, имаме сериозна забелешка околу моделирањето на демократскиот амбиент во РМ. Тоа е сериозен сигнал за Македонија што елиминира и еуфоричност, после соопштувањето, нели давањето мандат од ЕУ на Европската Комисија за започнување преговори со Македонија за Спогодбата за стабилизација и асоцијација, и не би ја делел, навистина не би ја делел онаа еуфорија на  нашиот премиер дека, на сите треба да ни биде топло околу срцето со таа Информација. Се знае дека е тоа значајно достигнување на РМ, но не треба толку еуфорија, бидејќи си преземаме уште многу поголем товар.

Еминентни претставници на ЕУ, на меѓународни финансиски институции и пошироко на Меѓународната заедница, многу отворено и без дипломатска реторика ставија до знаење дека, нашата иднина пред се и над се зависи само од нас. Совладувањето на европските стандарди не може да се случи само со вештина на преговорите. Или по прецизно, Европа нема што да преговара со нас, туку едноставно, бара од нас мерки и активности и се разбира, резултати во моделирањето на правната држава, пазарната економија, приватизацијата, човековите и малцинските права и изградба на институции својствени на цивилните општества.

Значи, од нас не се бара патување и ветување, од нас се бараат промени и достигнување на европските стандарди во сите сфери, реално, практично се бараат промени во вкупните односи.

А, што се случува кај нас?

Максимална партизација на државата, на државниот апарат во целина, дури и политизација на бизнисот. Корупцијата и криминалот цутат. Министерот за внатрешни работи јавно призна пред македонската јавност во едно интервју дека, има организиран криминал со елементи на мафијата. А, од друга страна, по "Арачиновските настани" не можевме едноставно да ја видиме, бегаше од јавноста и од новинарите.

Не видена и ве молам, бескрупулозна партизација на медиумите. Дури и јавно коалиционите партнери се договорија во договор на која политичка партија кој медиум ќе припадне, наспроти сите процеси во Европа и сите критики што ни доаѓаат од Европа дека, не смеат медиумите да се подведат исклучиво под влијанието на партиите на власт. Со право ќе се прашуваат граѓаните дали навистина имаме национален сервис, кога станува збор Македонската радио и телевизија. Но, затоа ќе разговараме во некоја друга прилика. Јасно се договорија дека, МРТ ќе припадне на ВМРО-ДПМНЕ, а "Нова Македонија" на Демократската Алтернатива. И, мислите дека тие од надвор благонаклоно гледаат кон нас? И, кога ќе се суди за нивото на демократските процеси во Македонија, ќе не гледаат и низ призма како медиумите ја информираат јавноста, бидејќи навистина сме под мониторинг.

Состојбата, да не ги набројувам, во сите сфери е едноставно катастрофална, од економијата па до медиумите. Практично имаме функционирање на три паралелни влади, секоја со свои доминантни интереси. Дури и со пишана спогодба се договорија да не се мешаат едни на други во нивните сфери. Тоа не оди заедно со Европската ориентација.

Само да потсетам на едно нешто на кое што Коалицијата за промени најжестоко го критикуваше СДСМ, ги прават истите работи. Не може да биде, почитувани колеги, оправдување "Вие тоа истото го правевте". Ние, затоа ја изгубивме власта. Ако мислите на тој начин ќе се опстои на власта, продолжете. Меѓутоа, ако сфатиме дека државен интерес е, тогаш ќе треба да се промени односот кон интересите на граѓаните.

Според тоа, нема вадење во бесконечност - вие ги правевте истите грешки, ние истите грешки ги правиме. Овде станува збор, сепак, за државни интереси и односот на ЕУ кон една земја, која што има аспирации еден ден да биде составен дел на тоа големо европско семејство.

Дозволете сосема на кратко само да потсетам на нашиот пат, до овој момент до кој сега стасавме. Во ерата на Горбачов во 1989 година, кога падна "железната завеса" се поставија темелите на Нова Европа. Во Новата европска архитектура се најде место за земји од Источна Европа. Македонија правната основа за односите со ЕУ ја постави дури на 29 декември 1995 година. Објективен проблем беше противењето на Грција, а како што знаете тој практичен проблем постои и денеска.

Значи, со доцнење од две години, со усвојувањето на т.н. Европска Библија или Критериумите од Копенхаген.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Практично стартуваме со четири години задоцнување од нашето осамостојување. На 29 април 1997 година, односите беа дефинирани, со Спогодбата за соработка со Европската унија, која стапи на сила на 1 јануари 1998 година. Најголемиот скок го направивме на парламентарните избори, кога на демократски начин власта беше превземена од опозицијата, која што сега владее во РМ. Веќе ова лето од Европа, а поточно од Берлин стапува нова иницијатива наречена Пакт за стабилност, концепт и до денес не многу јасен дури и за европејците. Си земам право да речам.

Со новата стратегија сместени сме во нов регион, наречен Западен Балкан во кој влегуваат поранешните ЈУ Републики, освен Словенија, а со додаток на Албанија. Многумина во Македонија сметаат дека, ова друштво навистина не и прилега на Македонија. Но Брисел смета дека Македонската држава сеуште ја нема постигнато политичката стабилност, а како шлаг на нивната торта им легнаа и претседателските избори. По овие избори, едноставно, за нив Македонија сеуште е во темна зона. Пред овие избори Брисел упати сериозни критики до Владата на г-динот Георгиевски, поради Законот за амнестија, со кој се ослободени и најдрски криминалци, покрај двата градоначалници. Не дај боже, слушам некои шпекулации, дека меѓу овие обвинети, кои што се под посебна опсервација на МВР, има и еден кој што е помилуван, со Законот за амнестија. Ако тоа навистина се испостави, мислам дека соодветно треба да бидат наградени, под наводници, инспираторите, односно луѓето кои го предложија овој закон, покрај градоначалниците да се ослободат и масовни криминалци и мафијаши, шверцери со дрога и оружје.

Како грев на оваа Влада, Брисел го пропишува и воведувањето на нови министерства, наместо да се намалуваат што премиерот го призна, при предлагањето на последната Влада. Премиерот јавно најави дека до крајот на оваа година, односно до крајот на 2000 година, ќе има уште една реконструкција.

Практично, менувајќи ја целосно Владата, се согласи со неуспехот на неговата прва Влада. А најавувајќи дека ќе ја реконструира Владата, при крајот на годината, пред се заради притисокот на ММФ, за промените во администрацијата и заради тоа што сме една од најмалите земји, со најмногу ресори и најмногу министри во Европа. Што е парадоксално, значи неиздржливо.

Понатаму, признавањето на Тајван, како што е веќе речено за тоа ни беше скренато внимание од ЕУ. Повикот до дијаспората да гласа со измените на законот и тогаш јавно бевме од Советот на Европа и од г-ѓата Так, дека една партија од Македонија многу личи на ХДЗ од Хрватска. Се разбира, добивме позитивна оценка за т.н. релаксирани меѓуетнички односи. Но и тие, очигледно ја чекаат отворањето на пандорината кутија. Овде мислам колку се релаксирани меѓуетничките односи, ќе видиме допрва, кога ќе почне расправата во овој Парламент околу Законот за високо образование, Деловникот на Собранието и Иницијативите за промена на Уставот, тогаш ќе видиме дали оваа декларација, која што е добра, добро звучи на ушите и добро ја прифаќаат европејците, дека навистина сме земја, која досега успешно градевме меѓуетничка толеранција. Дали таа ќе продолжи? Јас би сакал да продолжи, заради тоа што, тоа е нашата легитимација за

цивилизирана земја. Ако успееме тука да најдеме формула, натамошно опстојување, меѓусебно почитување, верска и меѓунационална толеранција, Македонија ќе има висока референца, без сомнение.

Да потсетам само што рече г-динот Тешира во едно интервју за А-1 телевизија. Пред нас рече г-динот Тешира, во моментот се развива доказ дека тоа беше по претседателските избори, доказ дека навистина земјава не е подготвена да биде преместена во друга група.

Не се сеќавам во ниедна земја, во централна и источна Европа, кај т.н. земји кандидати, претседателските избори да се одвивале, како што се одвиваат во Македонија. Мислам, дека за жал овој процес потврди дека не сте неточно ставени во оваа група и ја користам можноста да поттикнам на размислување и да предложам, зошто во овој момент сте прва земја во оваа група, дека настаните, кои намерно ќе се одвиваат во Хрватска, се можност Хрватска да го превземе приматот во регионот. Но за тоа нешто подоцна.

Како што знаете, парламентарните избори во Хрватска се оценети од Европската унија, како фер и демократски и на нив победи опозицијата, која е европски ориентирана. Што мислите, или еве барем тема за размислување, зошто баш после завршувањето на парламентарните избори во Хрватска, стигна пријатната вест за Македонија, од почнувањето на преговорите за стабилизација и асоцијација.

Во секој случај, политичката кованица, Западен Балкан повторно ја актуелизира, со појавата на т.н. Пакт за стабилност на југоисточна Европа. Тој ја воскресна во екот на најжестоките воздушни напади на НАТО врз Југославија и кулминацијата на Косовската и бегалската криза и се разбира во времето на трескавичното дипломатско трагање по излез од ќорсокакот наречен Косово.

Да ве потсетам дека за прв пат оваа одредница беше пред неколку години, кога се трагаше по решението за мир во Босна и Херцеговина и времето на подготовката на Дејтонската спогодба, кога во ЕУ се дефинираше и обликуваше, т.н. регионален пристап, во интегрирањето на југоисточна Европа.

Значи во секој случај, да не ширам повеќе, Западен Балкан е суб регион, кој сеуште не е дефиниран на политичката географија. Сеуште е неизвесна иднината на Босна и Херцеговина и на СР Југославија. СР Југославија со Црна Гора или без Црна Гора. Каков статус ќе има Косово: дали ќе биде самостојна суверена држава, или ќе биде и натаму во составот на СР Југославија.

На РМ, која и припаѓа на овој регион и е понудено отворање на преговарачки процес, за склучување на нов тип спогодба со ЕУ, за прв пат применет и никаде досега, Спогодба за стабилизација и асоцијација.

За многу сериозни аналитичари во РМ, Западен Балкан и измислениот нов тип на спогодба со ЕУ за Македонија значи, сместување на Македонија во казнено поправен дом, а за циниците Македонија практично е казнета со оваа одлука.

Независно од различните мислења, едно е сосема сигурно: самиот назив на спогодбата налага логичен заклучок: прво стабилизација, а после асоцијација. Ние сакале или не сакале, едноставно сметам дека тоа е судбината. Нешто што е исто така значајно за нашата земја, мислам дека не би било добро, доколку таа се врзува исклучиво за напредок во интегративните процеси, во т.н. Западен Балкан, бидејќи од секогаш сме давале приоритет на добрите меѓу соседски односи и на унапредување на регионалната соработка. Ако навистина постои сеопшт консензус во РМ, меѓу сите политички партии, меѓу сите пратенички групи, за нашето приближување кон ЕУ и НАТО, потребен е концентриран напор од сите, таа тајна определба да стане наша реалност.

Навистина мора да сфатиме, дека сме под опсервација, под мониторинг, под набљудување. Бидете сигурни дека никој нема да сака да не прими во својот дом, ако не ги исполнува неговите стандарди.

Да бидам конкретен. Нам ни е дадена посебна шанса и исклучиво од нас зависи дали оваа шанса ќе ја искористиме. Независно што оваа Влада доби мандат да ја води земјата за време од четири години, повеќе од сигурно е дека ниту има знаење, ниту стручност, ниту компетентност сама да ги изведува реформите и да ги обезбеди условите, за потпишување на спогодбата.

Од тука, потребата за ангажирање за целокупниот творечки потенцијал во РМ, за кој што пред малку говорев. За нас, се разбира, не е никаква утеха да констатираме дека оваа власт е неспособна и некомпетентна. Најдобра илустрација е што направија, од она што го ветија за време на изборите 1998 година и во што ја потрошија целата 1999 година.

Што се однесува до самиот Пакт, сите се прашуваат што тој значи? До каде со најавите за обнова на регионот, промовирани преку Пактот за стабилност, на т.н. историски самит во Сараево.

Ќе ве потсетам само на тој самит, г-динот Клинтон дојде одржа еден говор од пет минути и рече, повелете ние нашата работа си ја завршивме со акцијата на НАТО на Косово, а ваше е сега да продолжите со обновата на регионот.

Она што иритира, секако е бирократската лежерност на ЕУ, која веќе неколку месеци не успеа и да најде, а не пак да активира програма за помош на земјите од западен Балкан.

Едно е сигурно: реализацијата на обновата на регионот доцни ако не е и сосема заборавена. Неодамна во едно интервју американскиот амбасадор во Македонија г-динот Тајник, оцени дека очекувањата од Пактот всушност беа преголеми и дека тој во стартот бил замислуван како Маршалов план, што апсолутно не кореспондира со вистината. За нас останува неспорен фактот дека тие илузии и очекувања беа еуфорично очекувани и од Брисел, меѓутоа и кај нас дома. Засега да сфатиме дека и Пактот е една од новите регионални иницијативи, во кои има многу состанчења, а малку видливи ефекти. Последниот состанок на Пактот во Скопје, е најдобра потврда за тоа. Има проекти, но Европа сеуште нема пари за тоа, а се разбира САД, целата работа ја префрлија на Европа. Единствена корист засега од Пактот за стабилност има Грција, која успеа Агенцијата за реконструкција, да ја инсталира на својата територија и сега многу лесно доаѓа до тендерите на Косово.

Координаторот на Пактот г-динот Бодо Конбак, пред извесно време изјави дека донаторската конференција, за реконструкција на Балканот, која би требало да се одржи кон крајот на март, претставува клучен тест за судбината на Пактот. Значи, помалку еуфорија. Нам ни останува само да нагаѓаме, што би можело да се случи на таа конференција.

Од светската банка имаше најава дека таа треба да подготви план и стратегија, за реконструкција на Југоисточна Европа, но без јасни индикации, што тој документ треба да содржи, а март е веќе на прагот, како што знаете. Како што неодамна истакна еден еминентен познавач на европските работи, Пактот содржи високи цели, меѓутоа ниски средства. Основните негови цели е да се обезбеди негова стабилност, мир, просперитет, демократизација и реконструкција во регионот. Се разбира, се возвишени цели.

Другата страна на Пактот е доста широко дефинирана и тука подразбира, либерализација, интеграција, реконструкција, но без јасна визија, што Пактот за стабилност може да придонесе, за секој од овие сегменти.

Ќе бидам сосема краток, ќе завршам, со едно мое видување, за овие сегменти. На пр., кога станува збор за либерализацијата, дали е можно толку брзо да се отстранат и нецаринските бариери на Балканот. Кога станува зор за интеграција, навистина Пактот зборува за регионален пристап, но е сосема неизвесно, како ЕУ ќе се однесува кон Хрватска. Таму завршија, оценети се како фер и демократски парламентарните избори, така претпоставувам ќе биде и вториот круг на претседателските избори и има сериозни шанси Хрватска да излезе, практично од овој круг, нарачен западен Балкан.

Се поставува прашањето дали тогаш ЕУ ќе опстои на регионалниот пристап, за интеграција на сите овие земји или ќе даде шанса, секоја земја одвоено, во зависност од нивото на демократските процеси и реформите, секој во своите земји да аспирира пред ЕУ, за индивидуален пристап. На Македонија и одговара токму таков пристап.

Кога станува збор за реконструкцијата, односно за парите јасно е дека во рамките на Пактот има понуда на повеќе од стотина програми. Најголем број од нив се во областа на инфраструктурата. Сигурно е дека некој од тие проекти ќе се финализираат. Прашање е дали тие проекти ќе бидат од интерес за донаторската конференција, или пак финансирањето ќе оди по некој друг пат, а не преку донации, бидејќи станува збор за деловни инвестиции.

Ако тоа се испостави како точно, се поставува прашањето дали во тој случај е потребна донаторска конференција. И многу прашања се поставуваат. Сите овие дилеми создаваат конфузија околу тоа, што фактички Пактот за стабилност треба да работи, можеби затоа г-динот Комбак го нема никаде. Немаме никакви информации, каде се движи и што работи.

Чувствувам за потребно да потсетам на овие работи, за да можеме без еуфорија, со ладни глави, да проценуваме низ оваа призма, нашата позиција и се разбира нашите очекувања од Пактот, но во никој случај, ова не е заложба, тој да не се

прифати. Јас реков во стартот, дека тоа е нашата шанса, нам ни се нуди, земете, или оставете. Ние мораме да го земеме, бидејќи немаме друга шанса. Ние едноставно немаме избор, Европа ни го понуди тоа како алтернатива и претпоставувам дека ние за тоа ќе се определиме. Во името на надежта, која последна умира, мислам дека сите треба да се заложиме да го земеме она што се нуди, но сами да бидеме кројачи на нашата судбина. Да одлучиме, со помош на ЕУ, заедничката иднина, меѓутоа за нашиот дел, ние да си сносиме одговорност, односно ние најсоодветно да се организираме, да бидеме креатори, а не да чекаме да дојде иднината.

Според тоа, ни престојат врвни задачи, претстојат и пред овој Парламент, а од нас зависи, дали шансата ќе ја искористиме. Јас се надевам дека ќе ја искористиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Тито Петковски.

Имаме уште четворица дискутанти, ако бидеме пократки во дискусиите, јас сакам да се заврши начелната расправа.

За дискусија овде ги имаме пријавено г-дата пратеници Насер Зибери, Томислав Стојановски, Филип Петровски и Горан Еленовски.

Искрено сум за тоа ние да ја завршиме расправата по оваа точка, но молам, што е можно пократко ако можат г-дата пратеници во своите излагања, за да не ја развлечеме премногу дискусија, бидејќи има уште многу точки по кои утре ќе продолжиме.

Му давам збор на г-динот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Најпрво околу овој апел на претседателот да бидеме пократки, јас навистина, ќе се обидам да бидам пократок, меѓутоа сметам дека е коректно да се бара и од другите пратеници, кои дури по двапати се пријавуваат, за да може расправата да има смисла, на крајот на краиштата.

За разлика од многуте пратеници, кои громогласно пласираат тези, дека се работи за исклучително важен момент, за исклучително важен документ, за кој денеска расправаме, јас не сум толку восхитен и не мислам дека се работи за многу важен документ, кој Македонија, односно Собранието на РМ, денеска ќе го донесе. Сметам дека најважното, нам тек ни претстои. Всушност, денеска само изнесуваме еден политички став наш, кон Пактот за стабилност и наша спремност да се вклучиме во активностите на Пактот за стабилност и спремност за спроведување на она што се бара од нас како учесници во тој проект.

Затоа, сметам дека, повеќето од дискутантите, кои се обидуваат да ја симнуваат топката на земја, беше добро, за да не се занесуваме во иднина и од типот на изјавите, од првите луѓе на државата дека ова е историски момент и дека за Македонија, поважен момент не постои. Напротив, сметам дека резолуцијата е само еден декларативен наш став, кој ќе го изнесеме и дури, дилемата, која вештачки се пласира и овдека и на работата на комисиите, кој ќе биде предлагач на резолуцијата, е вештачки, од причини што не е најбитно кој е предлагач. Битно е, дали таа изразена политичка волја, преку овој политичко правен акт, ја има поддршката на сите структури, претставени во Собранието, но не само во Собранието, туку и пошироко.

И затоа навистина, не ги разбирам тенденциите на позицијата, по секоја цена иницијативата и текстот да му ја препишат на Владата на РМ. И од една друга причина, што сметам дека оваа наша политичка изјава дури е задоцнета. Вие знаете дека документот од Келн, за Пактот за стабилност во работниот дел се донесе пред неколку месеци, ако не и година.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (Продолжение)

И оттука сметам дека освен што ќе се донесе овој текст на Резолуцијата, најбитната, најважната работа е пораката на Собранието спрема Владата на Република Македонија, во однос на спроведување на обврските што Република Македонија, како дел од Пактот за стабилност ќе ги превземе врз себе и обврските и напорите Република Македонија да извлече позитивни искуства и придобивки во делот на сите оние проекти, кои според мене ги има на број доста, но не до крај дефинирани и со една многу комплицирана постапка и со малку средства дури поткрепени. Тоа е најбитното како Македонија ќе се постави спрема Пактот за стабилност, а не нашите декларативни изјави дека сме спремни да се вклучиме активно. Дека е тоа така покажува и фактот што во делот на Пактот за стабилност, во делот на целите на Пактот каде што се набројуваат беа спомнати целите и од претходните дискутанти, зачувување на мирот, демократијата, почитувањето на човековите

права, малцинските, економскиот просперитет, стабилноста и т.н. Македонија всушност се обврзува во делот на внатрешната политика и уредувањето на внатрешните односи за многу битни прашања, а Владата и коалиционото мнозинство всушност не се поведува по тие обврски кои ги има превземено.

Само за потсетување ќе ви ги прочитам дел од тие. Вели: започнување на зрели демократски и политички процеси засновани врз слободни и фер избори. Потоа, целосно почитување на човекови права и слободи, право на слободни и независни медиуми, борба против корупцијата, независно судство и т.н. Вчера ми беше сугерирано од претседателот на Собранието во комисиската расправа дека, да точно така е, меѓутоа да беше поинаку Македонија ќе беше членка на Европската Унија. Не. Овие работи и овие процеси не се случувале во минатото, па Македонија случајно се наоѓа во ваква позиција. За многу од овие прашања Владата денес не се поведува по овие смерници и обврски, кои таа ги има превземено. Земете го само делот на изборите и она што ни се случи со претседателските избори, земете го делот на независното судство и она што се случува денес, вчера, завчера со судството и инволвирањето на политиката во тој сегмент. За медиумите да не зборуваме. Кога зборувам за медиумите, зборувам за медиумите кои се финансираат од страна на Буџетот на Република Македонија, или делумно се финансираат од средства за кои партиципираат сите граѓани, а тие отсликуваат само една политичка опција која е на власт. Не се ни помалку важни ниту прашањата кои се сврзани за делот на економскиот развој и просперитет на земјата и обврските кои Македонија ги превзема во тој дел, како што е областа на транспарентноста на царинското работење, борбата против криминалот, начинот на приватизација и т.н. Како ни работи царината имаме прилика секој ден да читаме од весниците и за пропустите и за непочитување на законите и за непочитување на смерниците и упатствата на ресорниот министер и т.н. Делот на приватизацијата е најеклатантен пример како Македонија, односно сегашната Влада не се поведува по смерниците на ЕУ и Пактот за стабилност, било во делот за априватизација на општествениот, односно државниот капитал, било врз посегнување на приватниот капитал од страна на одредени политички структури и т.н. Затоа се придржувам кон апелите на повеќето дискутанти овде овие забелешки Владата добронамерно да ги сфати, од причини што евентуалното повторување на негативните оценки на ЕУ и останатите меѓународни фактори ќе бидат токму негативни поени врз оваа Влада и оваа власт, односно коалициона структура која денес ја води Македонија.

И конечно во делот на меѓуетничките односи, односно положбата на малцинствата што исто така е едно од клучните прашања во Пактот за стабилност и не само тоа, ако сакате за безбедноста и мирот внатре во Република Македонија. И оттука, дури мислам дека беа неумесни некои пораки од одделни пратеници од типот на паралелата помеѓу она што се случува во Австрија и Република Македонија, од причини што токму дотичниот господин во својата претседателска кампања најмногу се служеше со популистички методи и популистичко делување во кампањата. Друго е што тоа не му палеше, па ги доби гласовите што ги имаше. Точно е тоа дека тој најекстремно отиде во анти албанската кампања и употребата на популистичките методи. И затоа ги сфаќаме како недобронамерни критиките упатени од негова страна, дотолку повеќе неговото барање, да сега е моментот кога треба да се најде лидер од страна на Албанците, кој ќе смогне храброст и сили да го признае малцинскиот статус во Македонија.

Господа пратеници, таков лидер во Македонија нема да се најде, од причина што нема Албанец во Македонија што ќе се согласи со такво прашање. Но напротив, сметаме дека реалното унапредување на положбата на Албанците во Македонија може да биде во прилог на стабилизација на внатрешните односи, а преку тоа и добивање на поддршка од страна на меѓународните фактори за внатрешните односи во Република Македонија, а не декларативните изјави за божемната релаксација на меѓуетничките односи, што сметам дека е далекусежно штетно, од причини што создава нереална, искривена слика, претстава пред меѓународните фактори, за внатрешните односи во Република Македонија. И тоа мене ми е јасно зошто го прави македонскиот дел на владеачката гарнитура, но нејасно ми е како тоа го прифаќа и го поддржува и го потврдува албанскиот дел на владеачката гарнитура, за божемната релаксација на меѓуетничките односи во Република Македонија. Зарем не се свесни дека со тоа всушност ги стеснуваат напорите и можностите за унапредување на таквите односи во Македонија. Зарем не се свесни

дека со тоа албанскиот фактор во Македонија ја губи поддршката пред меѓународниот фактор за унапредување на својата положба во Република Македонија, зарем не се свесни дека со тоа всушност се претвораат во еден декор виза ви меѓународниот фактор како стабилизирачки фактор во Македонија, а без реално поткрепа за унапредување на таквите односи.

Од тие причини на Македонија и на овој план и претстои макотрпна работа. Претходниот дискутант ги спомна само неколкуте проекти, кои се многу битни и многу важни и на кои всушност ќе се полага испитот на зрелоста за спремноста на политичките сили од едната и од другата страна за унапредување на овие односи. Иницијативата за промени на Уставот, Тетовскиот Универзитет, прашањето на јазикот, симболите и т.н. Мене навистина жално ми беше кога пред некој ден прочитав во весниците, една во хор изнесена изјава од страна на пратениците Македонци, дека тие во никој случај нема да прифатат да ги стават слушалките за да ја следат расправата во Собранието на друг јазик, во случајот на албански јазик.

Ако тоа е мерило, барометар за толерантниот однос на едните кон другите, кон националните особености, тогаш навистина Македонија се наоѓа на самото дно на толеранција и релаксација на меѓуетничките односи, а не врвот како што се обидува сегашната Влада да ја претставува ситуацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Стојан Андов претпоставувам дека има право на реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас и сега што зборував и во претседателската кампања ги имам истите ставови.

Мислам дека Македонија ќе биде фактор на стабилноста во регионот, ако цврсто застане на принципот на непроменливост на државните граници. Тоа не е анти албански став. Се разбира, тоа е став кој подразбира и Косово да не биде признато како држава, независна држава. Тука и претставникот на Америка, синоќа кажуваше дека тоа е став и на САД и на Европска Унија и на КЕБС и на сите. Мислам дека иницијативите кои од овде доаѓаат и се сметаат дека тие не се анти албански, а мојот став е анти албански, тие даваат еден впечаток во светот и во регионот дека, ние ги доведуваме во прашање границите и одобруваме да се менуваат на сила граници.

И вториот мој став, кој верувам го провоцирал г. Зибери да каже дека, јас имам анти албански став е мојата одбрана на уставниот принцип на унитарна држава, против било каква федерализација и т.н. Јас знам и велам дека многу албански гласови од кај нас може да собере господинот Зибери, ако директно настапи и бара федерализација и не знам што и т.н.

Меѓутоа, мислам дека е тоа против интересите на нашите државјани Албанци од овде и против интересите на Македонија. И затоа велам потребни ни се храбри луѓе, кои едноставно уставниот принцип ќе го прифатат, а тоа прашање ќе биде едно од основните дали ќе се приближиме до Европа, или не. Ваквиот тврд став што тој сега го кажува, не станува збор за некоја намера да се унапреди позицијата, условите за живот на Албанците кај нас, туку се дизајнира државата. Тоа е мојот став.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас не мислам дека неприфаќањето на малцинскиот статус значи барање за промена на границите. Тоа ниту може да се прејудицира, ниту може да се извлече од некаков контекст. И не мислам дека некој сериозен фактор политички, на Албанците во Македонија досега тоа го има изнесено, ниту јавно, ниту потајно. Напротив, сме се изјасниле и јавно и преку соодветни органи, а тоа значи и преку овој дом дека, Македонија ја сметаме, ја сфаќаме, ја прифаќаме и како наша во овие рамки и во овие граници, како што јасно сме рекле дека не прифаќаме било каков статус во таа Македонија, што ја прифаќаме како таква. И овие две прашања треба да се разликуваат.

Како што треба да му биде јасно на г. Андов, заложбите преку политички средства да се промени Уставниот концепт на унитарно уредување на Република Македонија, не е против државен, не е анти државен. Напротив, насилното рушење. на Уставниот поредок на Република Македонија, претставува веќе кривично дело. Јас досега не сум сретнал во Република Македонија таква политичка сила албанска, која по теркот на терористички или поинакви методи, сака да го промени Уставното уредување во Република Македонија. Мислам дека до тука прашањето е јасно. Еве јас Ви тврдам дека не се согласувам со ваквото политичко уредување и ваквиот Уставен концепт на Република Македонија. И тоа е мое право кое не смее никој да ми го оспори, како што не може да ми го оспори правото низ легалните институции и процедура да се изборам да го

променам тој концепт, за што перманентно еве, јавно изјавувам дека ќе се борам.

Затоа господине Андов, мислам дека работите не треба да се мешаат, работите се многу јасни и децидни, како што не треба да биде херес ни идејата за федерализација на Република Македонија. Дури несфатливо ми беше деновиве да слушам изјава на еден лидер од Албанците, како тој во име на Албанците изјавува дека таа идеја не е присутна кај Албанците. Вие само може да се залажете ако им верувате на такви лидери и на такви изјави. Јас најодговорно Ви тврдам ако не само оваа политичка гарнитура што е на власт и претходната и идната што ќе доаѓа, ако нема сили да ги реши клучните прашања и проблеми отворени во Македонија, од областа на меѓу етничките односи, како што е прашањето на јазикот, образованието, симболите и т.н., Македонија влегува во нестабилни политички води, кои можат да ги претворуваат политичките концепти на Албанците во опција за федерализација.

Впрочем во историјата е докажано, сите тие држави што не се спремни да ги решаваат проблемите на едно рамниште, секогаш се принудуваат на многу повисоко да ги прифаќаат или со желба или со принуда.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Стојан Андов има реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, сосема оправдано сум ја ставил поентата на еден од клучните проблеми со кои се среќаваме во приближувањето кон Европа.

Европа веројатно ќе не држи многу долго во предворјето, доколку овде ние отвараме дилема за иднината на државата, околу тоа дали таа ќе постои вака, или нема да постои на тој начин. Јас не сум сигурен дека во Македонија има расположение да се прифатат идеите на господинот Зибери, вака како што тој ги сервира. Ако има такви политички сили нека ги прифатат.

Јас колку што знам и мнозинството на Албанците и огромен број на Македонците, се за овој Уставен концепт сега што го имаме. За тоа се. И во тие рамки да се поттикне процесот на интеграција и решавање на малцинските права, се разбира и на Албанците. Тука не треба да има приговори. Европските стандарди се спремни и пред тоа да се оди, заради тоа што имаме традиции овде.

Меѓутоа, ако истовремено се отвара прашањето на внатрешна стабилност на државата, заради нерешавање на проблемите точно така како што г. Зибери мисли и приближување кон Европа, верувајте тие се две спротивни работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Насер Зибери има реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Веројатно нема да се јавам повеќе.

Само едно објаснување, дека не држи констатацијата на г. Андов дека, мнозинството Македонци и мнозинството Албанци се за овој концепт, Уставен концепт на уредување на Република Македонија.

Дека е така потврдува фактот што, ниту еден пратеник Албанец во времето кога се носеше Уставот на Република Македонија, истиот не го изгласа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека со ова би требало да ја завршиме репликата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас предложив во моето излагање претседателот на Републиката да се ангажира во затворени кругови разговори, да се отстранат овие вакви недоразбирања, врз основа на тоа што навистина ќе се процени од сите, па и од нив, штетноста на привремениот карактер што и се дава на денешната Македонска држава, на овој начин како е поставена со овие оспорувања. Јас предложив и начин како? Разговори кај претседателот на Републиката, како што и порано практикуваше господинот Глигоров, кога беше претседател на Републиката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот потпретседател Томислав Стојановски бара реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, ние имаме една согласност овој документ да го изгласаме, практично да го потпишеме сите заедно. Меѓутоа, ваквата добра волја за доброто на Македонија, сакаме да ја злоупотребиме за свои цели. И се изнесуваат две тези, теза на нестабилност и теза на изборите да биде причина, сме изгубиле рејтинг.

Ако ова е точно што некои од колегите го читаа овде, како забелешка од одредени странски претставници, тогаш медицината вели: "најди ја причината на болката". Тогаш медицината вели да се најде причината на болката. Причината на болката се изборите и вториот дел, изгубени избори и

похлепа за власта. Изгубените избори кандидатот на СДСМ, од неговото раководство, од неговиот изборен штаб оформи паравојска да врши обезбедување. Неговиот портпарол, неговиот шеф на кампањата говореше дека, има 1000 момчиња кои ќе вршат обезбедување. Замислете, кандидат се брани со паравојска. Дојде другата политичка партија, која признава дека првиот круг бил вред и изгуби на изборите. Нивниот кандидат падна катастрофално, останува ептен малку и сега одеднаш наоѓа мана на изборите.

Зошто никој не може да признае дека биле паравојска? Знае што значи паравојска, Уставот забранува таква работа. Ако го притиснеме копчето, да го дадеме изгледот на луѓето кои беа кога ги слушнаа резултатите, јас сум бил присутен и робијаши сме воделе пред суд, тие беа похрабри, овие беа пропаднати. За да се осветат на државата, за да се осветат на своето недостоинство, го земаа во залог Врховниот суд на Македонија. Кажувам и ќе видите, Врховниот суд донесе скандалозна одлука, ќе дојде време ќе разговараме, тие се судии, јас нив не ги напаѓам. Меѓутоа, одлуката мора да оди на ревизија, мора да оди на оценка.

Точно е и тоа дека одлуките на Врховниот суд не се напаѓаат со правни лекови, меѓутоа, оцена на граѓани може да биде. Овде сега ќе го именувам по име и презиме, зошто кренав рака да не се држат седници за време на изборите? Да го заштитам дигнитетот на господинот Тито Петковски. Тој вчера без срам говори дека бил изигран во изборите. Тој организираше нелегални избори, тој имаше паравојска, пак ќе кажам. Тој создаде да не сака една групација во Македонија, не му требале гласови. Тој одеше со туѓи симболи низ кумановскиот крај, тој пееше туѓи песни и сега друг му е виновен. Не можам да сфатам како немаше трунка достоинство во себе и да каже дека угледот на државата поради неговиот неуспех на изборите паднал.

Господа, знаете ли што, оној кој не може да сфати дека е виновен, е најголемата трагедија во животот на човекот. Затоа велат дека, има покајание, а може да се покае само оној кој ќе сфати дека направил грешка и се освести во еден момент. Денес ние гледаме говори за непостоење на слободен печат, "Македонија денес", "Утрински весник" се составени од новинари кои беа во "Нова Македонија". Тогаш работеа за 250 марки. Сега одеднаш со тираж од 2000 броја дневно, имаат дописи од цел свет, многу се слободни, многу се силни, пишуваат се.

Тие исти новинари, јас не се плашам што некој ќе се смее - сакаат да докажат кое е моето презиме, прават карикирање. Ги оставам, нека си одат, ама тие се токму тоа што го викаат дека е мое презиме. Нека им е на чест. Тие весници ниту се контролирани од власта, ниту можат да се контролираат, затоа што се финансираат од СДСМ, а мора да кажат од каде им се парите. Кажуваат дека имало недостиг, кусок во работењето на НИП "Нова Македонија". Тие луѓе без одговорност, без ништо отидоа и ги направија сите одвоени весници. Да ги прашам сега, кога државата стоела зад нив, тие се многу сиромашни, сега никој не стои зад нив, а се многу богати. Ако се продолжи вака, наместо да славиме, ние ќе се караме без потреба. Некој ако мисли дека ќе повторува, да му ги пишуваат тие новинари говорите на секој од нив и да стане да ги чита, незнам дали ќе имаме некоја одговорност или не.

Господа, овој ден треба да го славиме, а ние еден со друг се навредуваме. Зошто? Затоа што не можеме да бидеме свесни дека токму на државата и носиме непријатности, токму државата ја симнавме, како тие тврдат, на пониско ниво, а таа била на ниедно ниво, сега е на пониско ниво. Дали се што направиле е позитивно? Точно е, во поглед на криминалот навистина е позитивно. Затоа сега ни остана организираниот криминал.

Господа, морам да кажам оваа власт ги смени само првите личности во одредени институции. Музикантите останаа исти. Ако оди некој со поткуп, ако тоа се прави и сега, таму е кај музикантите, а тие се нивни. Ако бил организиран криминалот, тоа е токму кај тие луѓе и едно е правило во нашиот духовен дел, дека во црква се влегува по клисар, а не по поп. А таму останаа сите клисари и тие сега го собираат кајмакот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За кратка реплика се јави прво Сејфедин Харуни, па потоа Тито Петковски.

Има уште еден дискутант, кој има право на дискусија, а тоа е господинот Исмет Рамадани.

Господинот Сејфедин Харуни има право на реплика во овој дел.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Сејфедин не беше спомнат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се нашол некаде, како што се најдоа и другите, морам да дадам право на секого.

Повелете господине Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не дека не сум бил спомнат, туку тој во делот од мојата дискусија нешто и рече и за мракот во дневните медиуми и нешто во врска со корупцијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е точно.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Имаме впечаток дека владеачката гарнитура, а особено господинот Стојановски, колку е бучен и колку гласно се бори против криминалот, а јас лично на говорница реков, нека се прочитаат од медиумските весници имиња кои се спомнуваат и презимиња кои се присутни тука, а можеби и неговото Даравелски е тука. (Смеење во салата).

Се добива впечаток дека многу гласно и грчевито се борат против криминалот, корупцијата, шверцот, дрогата, оружјето и друго. Само да не се тие актери. Дека тоа има, меѓутоа, не кај нив, затоа што и музикантите биле нечии други. (Смеење во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Рековме плика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Краток ќе бидам.

Ако пред вистината и боговите молчат, ако господата мислат дека се богови баш на криминалот имаат право да молчат. Тука лежи основата на нивното бучење и реагирање вака.

Уште нешто да напоменам. Лесно е секогаш по туѓ грб да се удира, лесно е. И она што господинот Андов пред малку го рече, само зашто тој не кажува дека од сите 23 пратеници кои бевме во Парламентот, ниту еден не го гласавме Уставот? Зошто? Затоа што не се согласувавме со се она што се креираше и местото на Албанците во Република Македонија. Тука има долго и широко да се дискутира, меѓутоа, свртете го прстот и кон себе, дека сите помалку на ова даваме повод и ова клопче да се одмотува. Меѓутоа што повеќе тоа се одмотува, изгледа и поголемо е.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Сејфедин Харуни.

Господинот Тито Петковски побара реплика, па потоа господинот Стојан Андов.

Ќе ве молам, да привршиме со репликите, затоа што чудна една практика се случува во овој Парламент. Поаѓаме од една точка, од еден материјал, сакаме консензус да воспоставиме, сите сме со добра волја тоа да го направиме, а што покажуваме пред јавноста, тоа е нешто сосема друго.

Затоа ве молам, сите го поддржуваме документот, никој немаме против тоа, сите сме за тоа, ама сега после тоа, ама почнуваме да го вадиме и она што треба и она што не треба.

Дајте малку да покажеме навистина државничка мудрост, барем кога се однесува до еден ваков документ, кој нас треба да не легитимира пред Европската Заедница и воопшто пред светот.

Според тоа, господинот Тито Петковски има право на реплика. Повелете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, господине претседателе, сметам дека не е коректно да држите придика на пратениците. Пратениците се рамноправни овде, изнесуваат свои погледи.

Си имате право и вие секако да си го кажете своето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Никому не му го оспорувам тоа право да изнесува свои погледи.

Напротив, реков начелна забелешка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Лично мислам дека, не беше коректно што му дадовте на господинот Стојановски право на реплика. Тој не беше споменат од моја страна. Можеше да се јави за дискусија, да каже што мисли, да се јави и подоцна кога ќе добие збор.

Искрено, јас не се јавив да реплицирам на господинот Стојановски, немам што со него да реплицирам. Јас човекот го сфаќам, толку може човекот.

Толку господ дал, што велат кумановци.

Меѓутоа, во она што го реков, реков што говорат странските посматрачи и што рекоа компетентни луѓе за претседателските избори. Моето мислење јас го кажав непосредно по завршувањето на претседателските избори. Овде го говорев само она што го говорат Европскиот Совет, претставникот на Европската комисија и други компетентни институции, кои ги набљудуваа изборите. Моја обврска беше тоа да го спомнам, бидејќи сега правиме план како ќе се однесуваме кон можноста што ние ја дава Европа и ништо друго.

Инаку, навистина, господинот Стојановски може на своите граѓани да им објасни, зошто едно Куманово 80% гласаше за мене, 20% за нивниот кандидат.

Тоа нека го објасни пред неговите граѓани, со неговата политика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас се согласувам со тоа, само пред тоа господине Петковски јас би сакал да ве потсетам, бидејќи вие седевте на ова мое место, на член 105, став 3 од Деловникот, каде се вели - ве молам, ова се однесува за сите пратеници - "Ако делегатот", тука се однесува на пратениците, "побара збор за да поправи навод кој е неточно изложен или кој дал повод за недоразбирање или предизвикал потреба од лично објаснение, претседателот ќе му даде збор штом својот говор ќе го заврши оној кој ја предизвикал потребата од поправката. Во својот говор делегатот", односно пратеникот, "мора да се ограничи на поправката, односно на личното објаснение, а неговиот говор не може да трае повеќе од пет минути. Одредбите од овој член се однесуваат и на другите учесници поканети на седницата".

Според тоа, не е проблемот само на спомнување име, туку едноставно смета дека не се согласува со некој дел од говорот на некого.

Така пишува и за мене тоа е веродостојно и валидно и така се однесувам.

Затоа давам право на реплика.

Сега дали лично некој е спомнат, тоа е прашање и онака бара право на реплика.

Тоа е запишано овде во нашиот Деловник.

Но имаше право на реплика, токму поради ова и господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш сакам да истакнам дека, во оваа расправа покрај тоа што ќе изразиме консензуално гласање за резолуцијата, треба да ги набележиме клучните прашања што треба пред нас да ги решиме, бидејќи не држат далеку од целите кои ги набележавме во оваа резолуција.

Го кажав ова што го кажав, што предизвика реакција од господинот Зибери, сега и од господинот Харуни. И сум имал право што сум го кажал. Не е само денес така што реагираат, туку и 1991 година, на 17 ноември, така реагираа кога го донесувавме Уставот, 23 пратеници не гласаа за Уставот.

Јас морам да ви кажам дека, истиот Устав само четири дена пред тоа беше нападнат од 10 илјади Македонци демонстранти и таму ми викаа дека треба да ме обесат, бидејќи јас сум бил шиптар. Така ми викаа. А Албанците го сметаат тој Устав дека е против Албанците. Затоа, етикетите што ми ги даваа господинот Зибери и господинот Харуни дека јас анти албански ставови сум имал, ги прифаќам како етикети кои се во жарот на сакање да се зацврсти сопствениот став. Инаку, мислам дека тоа ниту ме плаши ниту ме загрижува, ниту е точно тоа. Јас не сум против никого, меѓутоа ако сакате стабилна држава, нејзиното уставно устројство мора да биде стабилно, не секој ден да се оди со идеи за темелни уставни промени.

Тоа е она што го барам и мислам дека е потребно, не реков кој, лидерите, можеби и сегашните, на албанските партии од Македонија треба да покажат достоинство и смелост, решителност и храброст да прифатат малцински став. Тоа е решението и во рамките на тоа ние во Македонија ќе ги решиме сите прашања во меѓуетничките односи. Со тоа кај сите Македонци ќе исчезне чувството дека за сите овие идеи што ги лансираат стои идејата за голема Албанија. Јас морам да ви кажам дека тоа е така. Тогаш Македонците ќе бидат ослободени од тој страв и Македонците сакаат рамноправност кај сите граѓански права, па и малцинските права што треба да се дадат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Сејфедин Харуни, дајте да престанеме веќе со реплики.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Бев спомнат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ако ве спомна, ајде имате право на реплика.

Дајте да привршиме со расправата.

Повелете господине Харуни, само кратко ќе ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Да, кратко. Ова е ноторна невистина.

Се сеќавам, на 17 ноември 1991 година дека, 10 илјади, а можеби и повеќе, беа пред Собранието на Република Македонија. Господинот Андов беше качен горе и рече: Знаеш ли колку сум јас навреден? Јас прашав зошто, па ми одговори. Ми рекоа шиптар и почнав да се смеам. Тој сигурно ќе се сети на тоа. Реков да не го мислеле за шиптар Агим Фазлиу, еден низок пратеник по височина и тој потоа насети дека беше навистина наседнат на тоа. Тие демонстрации на 11 ноември 1991 година ги организираа Црномаров и ВМРО-ДПМНЕ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, да не спомнуваме имиња на луѓе кои не се присутни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Да, Црномаров и тој на јарболот пред зградата на Собранието го запали знамето на Република Македонија. Состојбата беше напната, тоа е точно. Меѓутоа, дел од таа напнатост беше и во Парламентот, чиј претседател на таа Уставна комисија беше господинот Стојан Андов. Не дека некои работи не можеме да ги препознаеме меѓу редови и тој е дел на таа публика надвор што беше, можеби и 15 илјади.

Второ, не само тој, и многу негови слични ја имаат експлоатирано голема Албанија. Албанија кога би била голема и колку Кина, Албанија е толку во површина колку што е Република Македонија. И пет Македонци да се, не ќе можат да бидат големи. Само таа хипотека, а исто и некои други што спомнуваат често, сигурно историјата им е јасна и тоа почнувајќи од 1913 година, распарчена Албанија на пет државички, кои потоа од Коминтеровска Југославија се создаде Република Македонија. Можеби тоа лично него го заболе. Инаку, Велика Албанија нема. Народ од пет или шест милиони становници, никогаш во оној вокабулар, не може да се уврсти за голема. Кина има милијарда и кусур становништво, па никој не ја спомнува дека е Голема Кина, а спроти неа и Кина.

Но, овие се болни чувства што од тоа тешко ќе се лечат и некои слични како господинот Андов.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, навистина да не го претвориме Собранието во некој семинар по историја овде и да докажуваме работи.

Дајте, имаме друга тема, немојте сега повторно да се навраќаме на ова.

Навистина, немојте да не навраќаме на ова.

Господинот Андов бара повторно реплика, па не можеме да привршиме со расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека ставовите на господинот Харуни убаво кажуваат дека тоа е еден од основните проблеми и оти навистина ние како држава треба да се оспособиме, како низ дијалог тоа прашање да го отстраниме.

Затоа, предлагам кај претседателот на Републиката да почнат разговори како да дојдеме до прифаќање на малцински статус од страна на нашите Албанци. Бидејќи, мислам дека тоа е само решение.

Јас, исто така, предлагав и Македонија да покрене иницијатива да направи конвенција со Албанија за малцинствата. Тоа е потребно, луѓе, верувајте, така се уредува целиот европски простор и ова така ќе оди. Јас само потсетувам овде, така што нема зошто понатаму да се зборува. Со ова, точно е покренато прашањето и мислам дека треба да се издржи на тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, имаме ние институции, имаме место каде овие прашања ќе ги расчистуваме, а сега не е ни време ниту по овој повод да отвораме расправи и да наметнуваме тези, кои излегуваат надвор од оваа тема.

Ве молам господине Харуни, веќе да прекинеме со ова.

Господине Андов да не сакате да прекинеме со седницата?

Процедурално за збор се јави Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас мислам дека нешто важно носиме во државава. Почнавме да шутираме топка преку 100 метри. Знаете дека еден прав стадион е 100 метра, а ние почнавме да шутираме на 242 метри.

Значи, со тоа сакам да ви кажам дека не треба јавноста, мислам не би сакал како пратеник и како колеги да ви кажам овде, јас сум припадник на една ромска националност и застапувам една Ромска националност. Исто така, се работи и за мојата националност, се работи и за друга националност и се, па мислам дека би требало топката од 242 метри да ја симнеме долу на 22 см.

Можеби на некого му е смешно, ама јас така уметнички ви го кажувам ова, што треба да го сфатите толку сериозно, затоа што гледате какви работи се случуваат, а што треба да донесеме и што треба да решиме во овој Парламент.

Затоа, ве молам сите овде што сме во Парламентот, или да ја прекинеме седницава, да не навлегуваме во некои работи, што не се потребни за јавноста или да ја смириме топката на 22 см., да биде како што треба. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас, господине претседателе, колеги пратеници, сакав еднаш да се извинам, зошто меѓу последните и подоцна се јавувам за дискусија, меѓутоа од самата важност на документот што е пред нас, тогаш јас навистина ништо не ми претставува тоа дека еве останавме до 20,00 часот, затоа што ние кога сме имале важни документи битни за РМ, јас сум од тие пратеници што сум останал и до 03,00 часот или 04,00 часот наутро.

Така што, мислам дека не можеме да се оправдаме со тоа дека сме уморни, затоа што тоа ние и задача и мораме некои работи да ги кажуваме. Зошто? Затоа што вакви документи, декларации, резолуции, ние сме донесувале неколку пати во ова Собрание. И, со самиот тој факт што секогаш сме ги конципирале така, да не се отвораме, туку да одиме формално така, за да се постигне некој консензус помеѓу пратеничките групи или политичките партии што го сочинуваа и го сочинуваат овој Парламент. Така и секогаш сме поминале со такви декларации и резолуции.

Мислам дека, исто така беше нашата желба односно декларација за да бидеме членка на НАТО, за Советот на Европа, тогаш за КЕБС и ОБСЕ и т.н. Меѓутоа, како што поминуваше времето и поминува времето, секогаш во тие извештаи ние и во последниот уште се нарекуваме Република со кревка демократија. Што значи тоа? Тоа значи дека секогаш од тие резолуции и декларации кои сме ги отворале прашањата, мислам кога не сме биле веќе формалисти, тогаш не сме можеле никогаш да најдеме консензус за одредено прашање. И, токму затоа, во од нив се јавуваат проблеми.

Јас припаѓам на политичка партија односно парламентарна група, кој има стандарди во неговото однесување и како пратеничка група. Јас не припаѓам на тие што еднаш велат Бивша Југословенска Република Македонија, а после моја сакана Република Македонија. Ние од време не сме го доведувале во прашање тоа што е интегритет на државата. Меѓутоа, секогаш сме биле транспарентни, го афирмиравме институционалното дејствување наше, со тоа што да отвораме проблеми, за да ги решаваме тие проблеми. Дури, тие отворени проблеми така сме ги поставувале и ден денес мислиме дека сме ги апсолвирале како такви. Дали се тоа прашања од меѓуетничките односи, дали е тоа прашање на јазикот, дали е тоа прашање на образованието, дали е тоа прашање на денационализација или реформи во администрацијата, во стопанството и т.н.

Мислам дека, во едни вакви стандарди при нашето однесување и понатаму имаме право како пратеници и како пратеничка група исто да ви обрнуваме внимание дека, не се оди во Европа со формализам. Не се оди со тоа дека денеска во оваа Резолуција ништо да не пишуваме околу тоа што претставува проблем, затоа што не може да се постигне консензус, а веќе утредента кога се отвора проблемот, тогаш веќе нема консензус.

Едно да ни биде јасно, нема коалиција, нема политичка партија, било од провениенцијата македонска или албанска, која може да ги реши некои прашања, кои ние ги отворавме и кои ние ги апсолвиравме сами, мислам да ги решава како една политичка партија или како една коалиција. Мора да се постигне консензус со многу убедување меѓу нас, со многу аргументи и каков консензус ќе се постигне, да речеме, ако се решава проблемот, еве да кажеме пример со високото образование. Затоа што, секоја политичка партија, да бидеме до крај искрени, нема да оди до таква авантура, до таква авантура под наводници велам за попуштање на одредени прашања, кои ние ги апсолвиравме со години, затоа што таа сака што повеќе да владее. А, за да сака што повеќе да владее односно да има власт, тогаш нема да има смелост да се нафати со проблеми, кои со години вака се провлекуваат како такви. Но, морам да ви кажам еднаш еден турски стар дипломат ми рече "вреди понекогаш да се жртвуваш политички за доброто на својот народ". Ние можеби припаѓаме токму на тие што политички за еден момент, за еден период или за еден мандат можеби ќе губиме, меѓутоа тоа што ни е за доброто на овој народ, а кога велам за доброто на овој народ, не мислам само за Албанците, туку за сите во РМ, треба да имаме поголема смелост кон тие прашања, кои со години само ни се вртат како такви односно само ни се пишуваат и а ние секогаш се извлекуваме со тоа дека, еве, донесовме една резолуција, уште една резолуција и т.н.

Ако вака ги гледаме работите и ако нашиот приод биде сериозен и кон овој Пакт за стабилност, тек тогаш почнува таа асоцијација кон Европа. Треба искрено и без некои други позадини да речеме дека, еве отворивме еден проблем и што се мисли сега за ова. Мислам дека, кога е во прашање интегритетот на државата, тој консензус на политичките партии стои. Тоа го кажуваме со

години. Дури и за тие за кои мислевте дека нема никогаш да се сложат за овој интегритет на оваа држава, денеска се пеликан памук, дури претеруваат во тоа. А, ние си имаме едни стандарди, една константа во тоа на однесување и од тоа никогаш не се срамиме. Дури сме имале и навреди на наша адреса. Што не ни е кажано како политичка партија, како парламентарна група и т.н. за овие години.

Меѓутоа, го чуваме тоа достоинство и како пратеници и како парламентарна група и еве со години сме сведоци на многу документи и трансформации, реформи во оваа држава, кои одат во прилог на демократијата. Зошто, да речеме, кога се отвораат некои прашања тука, па се мисли, а не може така. Зошто не може? Дајте ќе седнеме ние и едно е сигурно, јас ви велам најискрено и најчесно, ние сме претставници на Албанците во РМ, мислам како политички партии, сега велам и за ПДП и за ДПА, тука сме во Парламентот.

Едно е сигурно, Албанците не се задоволни со статусот што го имаат денеска во РМ, со сите тие други, да речеме компоненти, кои се или јазик, или образование, или вработеност, или учество во институциите и т.н. Не сме задоволни. И, кога тие не се задоволни, срамота е за нас како нивни претставници тука да кажеме нешто е лажно дека ние сме задоволни. И, се е релаксирано. Мислам дека, тука е искреноста. И, кога сме до таму искрени, тогаш дајте да седнеме, да се искористи целиот потенцијал и политички и интелектуален во РМ, исцрпно нека се разговара за одредени прашања кои се апсолвирани и тогаш веќе патот ќе ни биде знам тежок, но сигурен кон тоа што стремиме и денес. Со овој документ, а нашиот стремеж е кон Европа. Затоа што, се спомнува федерализација и т.н.

Немојте ве молам, тие се прашања кои понатаму можеби нормално ќе се дискутира и за тие прашања. Во таа Европа каде ние се стремиме да одиме, таму е и Белгија, Швајцарија и други земји, кои исто така, внатрешното уредување го прилагодуваат на некои европски стандарди, кои одговараат на нивни специфичности и т.н. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Исмет Рамадани.

Само сакам да ви укажам нешто, се додека секој од нас мисли дека ја претставува целината и го претставува народот, ние ќе грешиме. Затоа што припаѓаме на партии, а партијата етимиолошки значи дел и дека народот ќе си каже кој греши, кој е во право, кој не е во право и т.н. и ќе дава на дело.

И, немаме никој право да говориме во име на народот, дали е задоволен, дали не е задоволен и т.н., секогаш ќе бидеме во судир. Ова го зборувам начелно, не го кажувам конкретно. Начелно за да сфатиме дека припаѓаме на политички опции од различни делови од народот. Поинаку не можеме да се согласиме.

Но, имаме уште еден дискутант, а тоа е господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Еве, јас сакав да дискутирам, меѓутоа во интерес на времето решив да се откажам и ќе ја одложам мојата дискусија за некој друг пат.

Меѓутоа, ќе се повикан на она што претседателот на Собранието го прочита пред малку од Деловникот дека, доколку некој изнесе некои ставови за кои што ние не можеме односно не се сложуваме и сакаме да ги појасниме, можеме да се јавиме да дискутираме во форма на реплика од 5 минути. Можеби нема да биде ни пола минута, но морам да кажам дека во овој момент не можам да премолчам, односно да останам нем на една дискусија дека Албанија била поделена во 1913 година во пет држави, од кои што можеби подоцна Македонија како Коминтерновска творба настанала.

Мислам дека една таква дискусија, не е соодветна во ова Собрание, затоа што ова не е Собрание на Република Албанија, туку Собрание на РМ. И, ако разговараме во таа насока, можеме да кажеме што е историски факт дека во 1913 година Македонија е поделена на три дела, а не Албанија. Нека не ми се налути тој дискутант што го кажа тоа, меѓутоа мислам дека во оваа ситуација малку е ирелевантно, односно малку излегува надвор од нашата потреба за дискусии, или од наша потреба за изјаснување пред македонската јавност. Кога зборувам за македонска јавност мислам на сите граѓани на РМ, без разлика на национална припадност и да се губиме во некои дискусии, кои што воопшто немаат врска со оваа точка.

Јас во интерес на времето се откажав од мојата дискусија, меѓутоа сметав дека ова треба да го кажеме јавно.

Уште една работа. Кога се зборува за незадоволство на одредена етничка

групација, треба да се има предвид дека препотенцирањето на незадоволството на одредена етничка групација, исто така може да создаде незадоволство кај друга одредена етничка групација. Во овој случај, мислам кај мнозинскиот и главен народ, односно единствен народ во РМ, согласно Уставот и дека тоа постојано потенцирање може да доведе до некои ситуации односно состојби, кои што можат да доведат до понатамошно комплицирање на, условно речено, добрите меѓунационални односи во РМ. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Филип Петровски.

Сега се наредија за реплики многу дискутанти до утре.

Навистина, или ќе ја прекинеме седницата или ќе одговараме на реплики. Тоа не е продуктивно.

Јас го молам и господинот Зибери, Харуни и Рамадани да не си наоѓаат реплики.

Па, не можеме овде да се докажуваме за работи кои што не се предмет.

Би ги замолил, пред се тројцата пратеници, кои ги спомнав пред малку да се откажат од своите реплики, да побарам дали има уште некој за дискусија и евентуално да ја привршиме расправата, па ќе имаме можност кога и овие прашања ќе ги отвориме и ќе расправаме по нив.

Не е местото, ниту пак даваме придонес кон оваа точка на дневниот ред.

Јас би сакал да не ги гледам на екранот овде, меѓутоа ама ако инсистираат јас, јас.... вие инсистирате.

Тогаш, имате збор господин Зибери и повелете.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека најмалку има право за вакви прашања да говори господинот Филип Петровски, за кој сите знаеме до пред една година ја предводеше групата, која тука пред Собранието бараше гасни комори за Албанците.

Ние тоа го памтиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам немојте овие прашања денес да ги расправаме.

Не се тие на дневен ред, ниту пак тие се дел на Пактот за стабилност, односно на документот што треба да го носиме. Дајте, ако е можно...

Господинот Филип Петровски, бара реплика.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Само кратко господине Зибери. Неколку пати вие се понашате многу некултурно и овој пат ќе Ви одговорам. Еднаш кога одбив да ви одговорам, односно кога мислев дека е во рамките на доброто домашно воспитување, вас ве немаше во салата, а ме спомнувавте претходно.

Јас сакам да кажам и пред вас и пред целата македонска јавност. Јас не сум ги заборавил протестите од 1997 година. Зошто вие мислите дека сум ги заборавил. Мене не ми е воопшто јасно зошто вие мислите дека сум ги заборавил протестите. Ако сакате да расправаме за протестите, ќе расправаме на една посебна седница, ако сакате да излеземе на телевизиска емисија ќе се разбереме. Меѓутоа, вака да ја носите темата во друга насока, не е добро. Мене ми е многу јасно вие сакате да ушиќарите некој поен пред вашето гласачко тело. Ако сакате да разговараме за феномологијата на протестите, какви беа и што стоеше позади нив и дали е вистина тоа што вие го зборувате, гасни комори, незнам што, ќе дискутираме до утре.

За тоа барем сум спремен да разговарам со вас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Едно е добро, што сите дискутанти што земаа збор во Собранието на Република Македонија, признаваа за она досега доста експлоатирано за добрите меѓуетнички односи.

За вториот дел што господинот Петровски рече Коминтерновска Македонија, извинете само да објаснам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нема што да објаснувате. Не е тоа тема на денешната расправа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас тоа го слушнав преку медиумите од Македонец што беше на ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, веќе завлегуваме во други води.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Тој беше Македонец и тоа член на ВМРО-ДПМНЕ. Од него го слушав тоа преку медиумите. Го слушнав на А-1 Телевизија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни доста беше.

Дајте, Ве молам, нема крај тоа.

Уште господинот Исмет Рамадани има право на реплика.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, прво со Вас сакам да реплицирам, со Вашиот коментар околу тоа дека не смееме, не можеме и не е добро да се повикаме во името на народот.

Мислам дека погрешно ме сфативте. Јас кога го реков тоа ги спомнав и двете политички партии и релевантни тука на Албанците во Парламентот и тука веќе мислам дека и да се повикуваш на такво нешто не е баш надвор од тоа што е коректно.

Второ, неколку пати повторував, исто така дека ние прашањата, проблемите никогаш не ги наметнувавме, не ги наметнувавме насилнички. Мислам дека тоа е и препознатливо и познатливо за партијата на која јас припаѓам.

А тоа што во тој дел ми реплицираше господинот Филип Петровски, јас дури со него не сакам да реплицирам, затоа што барем него добро го знам, бев во овој Парламент, знам што правеше, но он лично си доби доста од тоа, стана пратеник, а сите други гладни ги остави таму на улица.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Сакам да им се заблагодарам на неколкуте претходни дискутанти, што ја потсетуваат македонската јавност на тие протести што беа во 1997 година и уште еднаш јавно да кажам дека добро се сеќавам на тие протести.

Мене година дена цела Македонија ме плука дека сум ги заборавил тие протести. Фала ви што ги спомнувате, за да можам јавно да кажам дека не сум ги заборавил. Меѓутоа, незнам како се вика претходниот дискутант, многу добро се сеќавам и вие што зборувавте во Парламентот во 1997 година, кога јас бев тука како студент. Да не се лажеме кој што е и како е. Јас ви кажувам, не сум се откажал од ништо што беше дел од тие протести, апсолутно ми се познати, на памет ги знам барањата што ги поставија студентите во 1997 година, не сметам дека се косат со Уставот на Република Македонија, со законите на Република Македонија, не сметам дека имаше навреда на било која националност, мислам посебно на Албанците.

Мислам дека, некој сакаше намерно да ги претстави така како што ги претстави и денеска ги претставува, ги користи во свои интереси, за собирање на свои политички поени. Се надевам дека му е јасно на македонскиот електорат, како беше и како е сега.

Ви благодарам уште еднаш. Немам намера да се расправам со Вас и нема намера да водам дискусија сега да се објаснуваме, национализам или незнам што.

Ако сакате ќе разговараме и на таа тема. Имам став по тоа.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Моето лично достоинство е засегнато, а мислам дека најмалку дотичниот господин има право да зборува за нечие домашно воспитување. Тоа ниту годините му го дозволуваат, а македонската јавност добро знае кој колкаво воспитание има. Тоа нека остане за него, неговото за мене моето.

Мене ми беше друга намерата. Тоа е дека господинот не ги заборавил протестите и барањата за гасни комори и смрт на шиптарите, мене ми е сосема јасно. Јас тука настапувам за да ги симнам токму тие маски и македонската јавност уште еднаш да се освести дека зад јагнешкото лице на господинот Петровски, се крие волк. Тоа како прво.

Второ, на македонската јавност да им докажеме дека заради интересите на владеачката номенклатура, еден досегашен волк се претставува во јагне, само заради бенефициите што ги има.

Навистина политиката е покварена работа.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине Зибери, ниту сум јагне, ниту сум волк. Ако сакате да ме споредувате со некое животно јас сум лав за вас.

Уште еднаш, Ви благодарам што ми ја дадовте оваа можност да ги кажам моите размисли и да не ме споредувате со незнам какви животни, Ви кажав каков можам да бидам за вас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со тоа ја завршувам расправата.

Процедурално бара збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ве молам, бидејќи навлеговме во многу длабоки работи.

Јас мислам да ја прекинеме седницата и да продолжиме утре.

Навлегуваме во многу работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи никој повеќе нема пријавено за збор, ја завршувам општата расправа.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Резолуцијата.

Пратениците Абдул Алиу и Ризван Сулејмани поднесоа амандман за менување на ставот 8, на преамбулата на Предлогот на Резолуцијата, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на ставот 8, на преамбулата поднесен од пратениците Абдул Алиу и Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат, за да можеме да имаме валидно гласање.

Го ставам амандманот на гласање. Ве молам да гласаме.

5 пратеници гласаа за, 5 се воздржани и 55 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на ставот 8 на преамбулата, поднесен од пратениците Абдула Алиу и Ризван Сулејмани.

Продолжуваме по претрес по текстот на Предлогот на Резолуцијата.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на Резолуцијата го ставам на гласање.

Има збор господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас би предложил во името на пратеничката група на СДСМ, а се надевам и на останатите пратеници во салата, бидејќи мислам дека во салата нема повеќе од 60-тина пратеници, па не би било добро за вака значаен документ, како што денес цел ден работиме да го изгласаме со мал број на присутни пратеници, предлагам ако веќе продолжуваме со работа во текот на утрешниот ден, чинот на изгласувањето да биде во текот на утрешниот ден или кога ќе продолжиме.

Мислам дека, вложивме голем труд и во претходните расправи во комисиите и на денешната расправа па мислам дека не доликува, особено парламентарното мнозинство да ги нема половината тука, а цело време да се расправа за една ваква значајна работа.

Оттука мислам дека, би било добро да се прифати една ваква солуција, сепак гласањето да го направиме во една многу попријатна ситуација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Краљевски има збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Поради значењето на документот и јас го поддржувам овој предлог.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја прекинувам денешната расправа.

Продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 20,15 часот).